**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од третото продолжение на Осумдесетатта седница на Собранието на Република Македонија**

**одржана на 5 септември 2001 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на РМ, со почеток во 12,20 часот.

Седнидата ја отвори и со неа претседаваше, Звонко Мирчески потпретседател на Собранието.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Продолжуваме со работа по 80-та седница на Собранието на РМ.

Ве молам , притиснете едно од копчињата за гласање, за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат само 31 пратени па според тоа, го нема потребниот кворум за одржување на седницата.

Затоа, ги замолувам пратениците што се во фоајето пред салата да влезат во салата.

Уште еднаш да го извршиме потребното пребројување на пратениците.

Констатирма дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и според тоа, Собранието полноважно да одлучува.

Сака да каже нешто процедурално г-динот пратеник Биљал Љутвиу.

**БИЉАЛ ЉУТВИУ:**

Г-дине потпретседателе, сакам да укажам на една невообичаена практика што сеглучуова во ова Собрание, заради тоа што се легализира доцнењето на пратениците.

Имено, јас сакам да бидам поконкретен. Тој што ќе ја води седницата, поточно речено претседателот, а во отсуство на претседателот еден од потпретседателите , на закажаното време за одржуваше на седница треба да си седи на своето место. Меѓутоа, бидејќи е постојана практика да се задоцнува , а темата на расправа е од таков каракте, што неможеме да бидеме толку комотни и неодговорни. Затоа сметам дека токму вие, треба да бидете на своето место на време. Но, кога ние ќе задоцниме тогаш, вината ќе биде наша, а не кај раководството.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Јас му благодарам на Г. пратеник Мерсел Биљали, мегутоа, јас подоцна бев известен дека ќе ја водам токму јас седницата , но бев известен дека има многу мал број пратеници во салата.

За реплика се јавува Г. пратеник Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Благодарам г-дине претседателе, меѓутоа Г- Таири кој синојќа зборуваше , меѓу другото, ја спомна и пратеничката група на ДА и Битола, во контекст на настаните што се случуваа таму.

Што се однесува до настаните во Битола, сакам да го убедам Г- Таири, дека целата македонска јавност, ги осуди настаните во Битола. Настаните во Битола ги осудија и сите политички партии во Битола, со градоначалникот на Битола, а на тие разговори, учеструваше и претседателот на ПДП бо Битола.

Јас не ја чув осудата од албанскиот политички блок, за силувањата, убивањата, етничкото чистење, измачувањата и тн. Според тоа, доколку направи таква паралела, тоа е сосема погрешно.

Второ, сакам да кажам што подразбираме под граѓанска демократија. Токму тоа Г- Таири. Тоа ни го кажува и самиот збор: "граѓанска демократија", каде тшо центар, односно столб на општеството е граганинот , без оглед на тоа на која раса, или вера припаѓа и тн. Тоа впрочем, е и одлика и на европските држави, не само на американските држави. Вие се залагате за општество на колективитети, или заедници, што сега посочено во Рамковниот договор, што ни од далеку не е исто. Впрочем, зад општество со колективитети, или заед-ници, меѓу другото се крие и правото на самоопределуваше, што доведу-ва до делби на држави. Во граѓанската демократија, каде што столб е граѓанинот такви делби нема. Според тоа, тука исто така неможат да се прават паралели.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на РМ.

Има збор Г. пратеник Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Од оваа говорница се обраќам на македонскиот народ и на сите граѓани; Албанци, Турци, Роми, Србои, Власи, Бошњаци, и др, кои жовеат во нашата држава, и која конституираа РМ, како самостојна, независна суверена и како граѓанска демократска држава.

Општо е познато , дека тоа се случи на Референдумот, на 8-ми септември, кога нашата држава се прогласи за демократска независна, суверена држава, односно како граѓанска демократска држава. Познато е тоа дека се случи на Референдумот 1991 година.

Меѓународната заедница, РМ, како држава, односно меѓународен државно правен легиминитет се верифицира во ОН , на 47-то заседание. Во членството на тие држави, стана 181 рамноправна членка на 8 ачрил 1993 година.

Повелбата на ОН, стапи во сила на 24 октомври 1945 год. Светската организација на нациите, се темели на повеќе начела. Но меѓу кои се следните: Организацијата се; темели врз начелото на суверенаседнаквоет на не јзините членови. Сите членови во своите меѓуна-родни односи се врздржув-аат од закана со сила, односно од употреба на сила, против територијалниот интегритет, или политичката независност, на која и да е држава. Или , од кои било други постапки , кои 1/4 не се во согласност со целите на ОН.

Имајќи ги предвид, овие начела, а тие, сегурно се однесуваат и на нашата држава. Но, бидејќи се наоѓаме , во една тешка си-туација, од терористички вид, која ни го наметна териристичката банда таканаречен ОНА, односно, продолжена рака на ослободителната војска на Косово.

Злосторствата започнуваа уште од 11 јануари 2000-та година, каде што во село Арачиново, на криминален начин се убиени тројцата припадници од македонската полиција. Екстремизмот на ваквиот злосторнички тероризам, кој е наметнат од Косово, односно СРЈ, област или покраина по статус на протекторат на ОН , со сета злосторничка жештина започнува агресија на населението во РМ, континуирано од 21 јануари од 2001 година со нападот на полициската станица во Теарце, Тетово, каде што за жал. го изгуби животот еден полицаец, а тешко се повредени уште тројца припадници на МВР.

За грозоморните убиства, етничкото чистење, силувашето на жентие и мажите ,. над 80 илјади граѓани,катадневната слика на морбидно живеење на сите граѓани на РМ , кои се плашат, независно на кое место живеат и каде се наоѓаат , е производ на албанските терористи од Косово.

Во оваа прилика, ќе спомнам и за некој од загинатите ци-вили: на 14 март 2001 год, во Тетово , со шнајпер е погодено лицето Рамадан Сулејмани, пред куќата каде што живее.

На 5 мај 2001 год, во с. Селце , од страна на пет вооружени и униформирани бандити, од т.н. ОНА, од автоматско оружје е убен, 80 годишниот Алија Арифи од истото село.

На 3 јули 2001 год, е киднаприан Велија Абдул Џемаил , од чајџилницата во с.Пороj, од страна вооружените бандити и одведен во непозната насока. Наредниот ден е пронајден убиен.

На 16 јуни, во с. челопек , од страна на три маскирани лица, пред својот дом , со пиштол е убиен 48 годишниот Алили Абдибари. На 1 јули 2001 год, во с. Бразда, од терористичката банда, т.н. ОНА, од автоматско оружје, бил лигаен од живот Борис Магденовски. од Тетово. Волун Садики , државјанин на РМ, во својство на приведувач заедно со Љумир Ортак од Словачка, и Буарте Гундерсон од Норвешка , припадници на мисијата на ОБСЕ , на 20.VII.2001 год, во близина на Ново Село-Тетовско, со возилото што се возеле, наишле на нагазна мина, така што животот го загубија сите три лица.

Исто така, Наца Петровска и Петре Петровски од с. Отужиште Тетовско , 29 јуни 2001 год, на патот меѓу селата Лешок и Жилче, со патничко моторно возило со кое се возеле, наишло на нагазна мина со што по настанатата експлозија ги загубија животите.

Стојадин Стојановиќ, од с. Матејче Кумановско, починал од последиците од извршен терот и мачеше, од страна на терористите. Светисав Трповски и Богослав Илиевски, и двајцата од с. Челопек , на 26 август , 2001 год, двајцата вработени во мотел ресторанот "Брирни", од поставен експлозив, со кој мотел ресторанот беше целосно разрушен, двајцата ги загубија животите.

Според сознанието на МВР, двајцата вработени биле врзани со јажина, заедно со експлозивот, кој подоцна бил активиран на што укажува и податокот, дека на местото на настанот, се пронајдени само делови од нивните тела.

Покрај овие случаи, на подрачјето на Тетово има уште многу случаи на обид, за масовно киднаприање на цивили, од страна на терористите.Очигледно дека покрај униформираните полицајци и војници од безбедносните сили на Македонија, исто така, жртви се и граѓани од различна етничка и верска припадност.

Сакам уште еднаш да потсетам, дека од своите огништа, раселени се над 80 илјади лица. Зарем, тоа не е геноцит и злостор-ство врз цивилното население, злосторство кое не заостарува, и кое треба да биде за осуда во меѓународното право.

Што Значи, не се работи за остварување на некакви високи идеали за човекови права, туку за криминал од најтежок вид, кој се користи за две цели, на албанската мафија: проширување на пазарот за дрога, проституција, и трговија со луге.

Воедно, сакам да кажам дека има уште еден феномен, а тоа е нивната криминална платформа од Косово. Се заговарам за големо Косово, преку Република Црна Гора, СРЈ и дел од Грција, односно об-ласта Чемерија.

За прв пат во историјата на ОН , нејзината членка РМ е нападната со специфична криминална агресија, и тоа од Косово, СРЈ која е протекторат на ОН .

За криминалните дејствија на ваквата злосторничка организација, се потврдува неотпорниот факт, дека во базата на НАТО Бонстил продефилираа, во една тајна процедура, над 1.70 0 албанци од Македонија, членови на т.н. ОНА. Никој во нашата и меѓународната јавност не знае за нивниот идентитет и злосторничките дела што ги направија према нашите граѓани, иако, имам сознание дека нашата државала податови за овие лица.

Се прашувам како обичен човек, и вб ова високо законодавно тело , што го имам својството на пратеник, односно народен претставник и претставник на сите граѓани:"каде е добрата волја, механизмот, и мерките на заштита од страна на Советот за безбедност на ОН, кои се утврдени во Повелбата на ОН.

Со цел , да се заштити македонската држава, односно македонскиот народ и националните малцинства, сите граѓани во нашата држава, од ваквата злосторничка криминална агресија, од Косово, се подготви, Рамковниот договор.

Почитувани колеги пратеници, расправата за Рамковниот догово кој не е напишан на државен јазик , според член 7, став 1 од Уставот на РМ, каде што се утврдува г стои; во РМ, службен јазик , е македон-скиот јазик и неговото кирилско писмо.

Ние во овој Парламент, очигледно, е дека разговараме за странски документ, кој нема никаква правна важност и никаква релација со нашиот Устав и позитивните законски прописи., кога се работи за договор, од било каква природа.

До колку расправаме за овој Рамковен договор, тогаш постапуваме спротивно на уставните одредби и работиме против волјата на македонскиот народ и сите граѓани што ја изразиле својата волја преку овој Устав, кој е донесен на 18 ноември 1991 година, во овој висок Парламентарен дом.

Рамковниот договор, претставува диверзија , на правниот поредок , на владеењето на правдата. Со предлагањето на 32 амандмана, се руши целосно концепцијата на Уставот на РМ , а со тоа се загрозува не само демократскиот амбиент, во кој ќе функционираат институциите на државата, туку ќе се создатат институции кои не ги познава ниту една држава во светот.

Исто така ваквата расправа е изнудена, бидејќи се наоѓаме на територија, каде што имавме окупација од криминална агресија, што значи , дека ќе биде изгубена волјата на пратениците, да расправаат во еден нормален демографски амбиент. Затоа што тоа се било под при-тисок, и се изгубиле илјадници жртви. Тоа е независно, дали се однесува ка убиените, силуваните и на секој граѓанин чија светост му е неговиот приватен дом му е нарушено, а и му е нарушено и човековото достоинство, односно тоа достоинство му е погазено.

Со оглед на тоа, дека се работи на исклучителен настан во нашето парламентарно и државно живеење, како пратеник должен сум пред мојата совест, а пред се и над се пред граѓаните, кои ми дале доверба, да ги повикам македонците на национално единство, и сите лојални граѓани, албанци, турци , срби, роми, бошњаци и др. кои еднакво ја сакаат оваа држава, по пат на референдум за да одлучуваме за овие многу важни политички процеси, а пред се за промените на Уставот на РМ, што е највисок , државно правен акт на нашата земја РМ. На тој начин, не само како ратеник, туку ќе ја испочитувам до крај волјата на мојот народ и на сите граѓани, независно на нивната верска и национална припадност. Со тоа, ќе се направи и ќе се почитува едно уставно демократско правило, заѓарантирано со нашиот Устав а тоа е по пат на референдум да се дојде до промени во Уставот , во корист на слободата на граѓаните, гарантирањето на нивниот имот, и функционирањето на правниот поредок , предку сите позитивни законски прописи, за создавање на еден демократски амбиент,

каде што ќе бидат ставени во секојдневното живеење, највисоките принципи: принципот на уставност и законист и принципот на довербата на граѓантие меѓу себе, кон институциите во државата.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Има збор Г. пратеник Крале Спанечвски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Навистина, во овие неколку изминати денови имаше добри дискусии, беа давани оценки за приодот и начинот кон дискусиите, кои беа дадени од многу пратеници од различни политички партии. Тешко би можело да се најде нешто, што би можело да се каже во овие мигови, што не е кажано. Единствено што мене лично ме побуди да се јавам за диску-сија, е тоа што, сите тие пратеници кои излегуваат на оваа говорница дека сакаат да направат политички маркетинг. Зарем со менувањето на Уставот, ќе си правиме политички маркетинг. Зарем, неоправдувањето на жртвите во оваа безумна војна и направените материјални човечки штети, претставуваат политички маркетинг.

Ние овде ние сме исправени пред историски одлуки, но, без разлика на нашата одлука, времето ќе помине, ќе се случи она што треба или нема да се случи , а на крај ќе останат , само свежите гробови , како неми сведоци за оваа безумна војна, која , за жал, се случи на нашите простори.

Јас верувам дека многу од нашите пратеници, најмалку ја посакуваат војната. Сите сме за мир, но за жал, Македонија се соочи со една неразумна војна. Војна, која никој не ја посакува, и никому не се посакува.Во првите мигови, па и до денеска, јас на почетокот не верував дека тоа е војна, и дека тоа се лучува во Македонија. Ова го говорам од аспект, бидејќи на крајот кога беше заклучено, од многу дискутанти од македонскиот блок , дека сепак, оваа беше војна со те-риторијални претензии , мегутоа, кога беше согледано, дека не е можно менвуањето на границите, тогаш, се согласи албанскиот блок со промената на Уставот и дека тоа било борба за човекови права. Токму заради тој факт, неможете да ме убедите, заради овој Рамковен договор ќе се сменат нештата во Македонија и бе има мир . Овој Рамковен договор, кој се однесуваше само на еден Устав кој доби висока оценка и дека со неговите амандмански промени, ќе има мир во Македонија.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:** (продолжение)

Овде навистина зборуваа може би преку 60-70, а можеа да зборуваа и сите 120 пратеници, да го кажат своето мислење, но и еден начин, ние сакаме да се убедиме во она што ќе го гласаме или нема да го гласаме.

Пред малку дискутантот даде една ретроспектива на она што се случуваше за сето она како почна оваа војна, за сето она кога албак скиот блок на партии се покриваа, незнаејќи што се случува во Маке-донија дека тоа не е планирана војна од други дури имаше укажување спрема нашите стен ограми, дека ако се случи тоа или не се случи, во Македонија ќе има војна. Несомнено однапред планирано сценарио за голема Албанија, големо Косово, собирање на оружје и одеднаш сепак не можам да поверувам и тоа дека се согласивме да го предадеме оружјето собирано децении наназад за да се оствари една голема идеја, организирано дејствување врз рушење на угледот на Република Македонија и да не набројувам уште што не, со единствена цел да се дојде до овие територијални претензии кои ги имаше оваа големо албанска идеја.

Но, еве сега рековме дека тоа се замени со борбата за човекови права. Верував дека во овој парламент нема ни еден што не сака со разум и со договор да се решат човековите права. Јас верувам и сум убеден дека албанците во Македонија како малцинство ги уживаат најголемите права како малцинство во една држава. Може би грешам, ако грешам исправете ме. Има албанци во Грција, има албанци во Југославија, на Косово и има уште во Црна Гора.

Сега, да ги споредиме за момент правата на македонците во Албанија. Дали треба да зборувам кои се и на кое ниво се. Тоа вие сигурно подобро знаете, бев лично во Албанија во посета со парламен-тарната група на нашето Собрание, зборував со нашите луѓе кои живеат таму македонци кои се во голем број, само сакам да ми кажете колку македонски парламентарци седат во Собранието на Република Албанија, што учат и кои предмети во образованието на македонски јазик, мислам дека учат на македонски до четврто одделение, имаат само еден предмет на мајчин јазик, биологија и секако мајчин јазик до осмо одделение и тоа е целото образование на македонците во Албанија на македонски јазик, а за високо образование не станува збор.

Значи, по логиката на нештата сега ние македонците барајќи поткрепа од 00Н, НАТО, КФОР треба да извршиме една мала културна агресија на Албанија за да ги заштитиме правата и да се бориме за правата на македонците во Албанија, тоа треба да го сториме и во Грција и во Бугарија. Едноставн овој факт и оваа одбрана која се нуди овде не можам да ја прифатам како таква.

Сега би се осврнал на безбедносната ситуација и она што верувам дека целиот македонски народ најповеќе го интересира. Потпретпоставка дека денеска или кога ќе се усвок да се зборува, а јас верувам дека сакаме да зборуваме за решавање на проблемите поготово за проблемите кои се однесуваат во борбата за човековите права, се пос-тавува прашањето, како што го поставија многу пратеници, што ако терористите продолжат со акциите и понатаму. Нашиот претседател во дневниот печат објави, ако продолжат акциите ќе бараме од Советот за безбедност на Обединетите Нации да употребат сила да ја признаат Македонија под уставното име и да се врати мисијата на УНПРЕДЕП. Ова можеше да се стори многу однапред, да се спречи уништувањето на материјалните добра низ македонските села, да се спречат жртвите кои беа посеани на територијата на Македонија каде се водеше оваа безумна војна.

Зошто ова не се стори многу однапред и ако веќе побараме помош од некој друг да ни ги решава проблемите, тогаш каде ќе се најдеме ние македонците, зошто сме ние овде, зошто е нашиот претседател.

(во 12,45 часот продолжи да заседава претседателот Стојан Андов).

Јас од оваа говорница барам од нашиот врховен командант односно претседател на Републиката да ни вети на сите нам дека во случај на продолжување на акциите на терористите да објави воена состојба и да го повика целиот македонски народ во борба за ослободување на македонските територии и враќање на мирот на македонските територии. Тоа е , верувам, барање на целиот македонски народ за што должноста на секој македонец е да ја брани својата земја Македонија односно на секој граѓанин на својата земја да си ја брани својата земја.

Од дневниот печат од она што ни го дава МИА преку Интернет верувам дека целиот свет не става пред свршен чин, дека ако со недонесувањето на оваа одлука ќе се случи нешто, што ќе се случи или нема да се случи. Дека, ако го прифатиме овој договор ќе биде добро за Македонија, ќе ни дадат помош. Зошто ни е таа помош да го изградиме она што го срушивме пред неколку месеци. И, што понатаму, повторно се вративме на нула, незнам дали е негативна или позитивна. Господинот Џорџ Робертсон не убедува дека не очекува подобра иднина ако го прифатиме овој договор.

Која е таа подобра иднина? Ако се ослониме само на овој договор, што не верувам во него, пак ќе кажам, прашање е дали ке има мир и што е тоа подобро што ќе биде, ќе останат само празни ветувања и пак ќе повторам свежите гробови за да сведочат за она што се случи во Македонија една неразумна војна за некакви човекови права.

Верував дека многу од оние говорници кои излегуваа овде, ние сме пратеници одговорни пред целиот наш електорат и пред сите граѓани на Македонија . Ние требаше овде да понудиме некакви прашања, без разлика што нас никогаш не не прашаа и кога се правеше овој договор дали сме моќни да донесеме овде некои решенија, со кои решенија на-вистина ќе му подадеме рака на мирот и навистина во Македонија во најкраток можен рок ќе имаме повторно услови да заживееме, како што беше тоа во изминативе десетина години во кои верувавме дека е така, но, за жал, се случи она што се случи.

Имено, мој предлог е ако навистина сакаме, а сме ја пропуштиле можноста како македонци, албанци, турци, власи, срби да седнеме во очи да се договориме кои се нашите барања и сами да донесеме можни одлуки на нашиот Устав кои ќе значеа подобар живот за сите Македонци.

Мојот предлог е нашите лидери во овој миг да седнат и да се договорат но цврсто да се договорат, пред се да им се извинат на меѓународната јавност,на меѓународните фактори на македонсиот и албанскиот народ за она што е направено или не е направено за грешките кои се направени или не се направени, да им се заблагодариме на нивната добронамерност и нивната услуга која сакаа да ни ја дадат и помошта која ни ја нудеа, а потоа да седнеме сами и да ги решиме проблемите во Македонија и можните промени на Уставот и она во кое овде се вели барања на албанците за промена на одредени членови во нашиот Устав. Ова го зборувам поради фактот што многумина од нив самите рекоа ние баравме многу повеќе, но бевме

притиснати и сега во некакви модифицирани амандмани сепак го прифативме овој, за мене штур, рамковен договор. значи и тие самите не се задоволни дури некој си даде за право да каже ако и тој не се прифати или има некакви извинувања, натаму ќе си земеме право за да донесеме друга одлука како ќе се одвиваат работите во Македонија. З начи, овој рамковен договор не ветува ништо.

Ќе кажам за крај во секое домаќинство, во секој дом, во секој двор, домаќините треба да си ги решат проблемите и уште апелирам до нашите лидери да се заблагодарат на меѓународната помош во решавањето на нашите проблеми и предлагам дека најумно и најчесно ќе биде сега сами да си погледнеме во очи и да ги решиме проблемите кои сме можеле, а не сме ги решиле или воопшто не сме ги поставиле како проблеми за решавање.Јас лично не мислам дека со војна можеме да решиме многу проблмеи, со тоа сакам да кажам дека сум за мир, но, ако дојде ред, за војна многу е лесно да се умре за слобода на Македонија, и за одбрана на македонската територија и македонскиот интегритет.

На крај ќе кажам што и да се случи ќе останат немите сведоци свежите гробови расеани по Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам,

За збор се јави пратеникот Владо Сугаревски.

**ВЛАДО СУГАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Пред дас почнам со дискусијата ќе направам мала реплика да ја искористам приликата на моето излегување на говорницата, на г-динот Мевљан Таири, но тој не е тука, за жал, но добро гледа телевизија, ќе слушне. Зошто ке реплицирам, затоа што сметам овие случаи што се случуваат во Македонија како основен генератор го сметам Собранието. Токму од оваа говорница ние како политички лица секој си дозволува се и сешто да каже, а таму се одразува затоа што обичниот човек не го сака ова што се случува, но ние како политичари, го доведуваме да не знае ни самиот што да прави и токму заради тоа ни се случува. Г-динот Таири вчера нагласи дека верските објекти во Битола биле уништувани. Не е точно, дезинформација. Ако беше заинтересиран можеше да ми се јави мене или на кој било од пратениците, ако е во интерес на албанскиот народ, односно малцинство, јас не би го нарекмол албански, ми пречи многу пати овде што слушам, ние албанците, ние албанците. Јас колку што знам вие сте македонци, се деклариравте македонци со албанско национално потекло, тоа е веќе нешто друго. Јас сум горд што сум македонец, но како граѓанин на оваа држава, а не зборувам за национал ност, кој знае што сум по националност оти по ликот може би на тур-чин личам, но не е битно, не ме з аморува тоа, горд сум оти сум роден во оваа Македонија, кога може Олбрајт да биде горда американка или Буш да биде горд Американец, јас со осма генерација што знам тука родени на тлото на Македонија, па јас да не бидам горд македонец.

Тоа е едната реплика, друго би рекол дека господа, ако вие му го мислевте добро за случаите во Битола и општо, ние како прате-ници, да не повторувам, Никоја Јованов кажа дека ги осудивме тие вандалски дејствија во Битола и зборувам на оваа говорница "вандалски дејствија", но кога вие ќе соберете храброст да речете тероризам, убиства, кога ќе ги осудите оти некој убива, некој убива таму во Кумановско и Тетовско, не ме интересира кој е, некј декларира дека се албански терористи и незнам какви, мене ме интересира кога вие овде од говорницата ќе се оградите и ќе ги осудите, како пратеници, тие вандализми ако не терористи, оти сепак убива некој таму. Јас бев тој господо веќе во Битола кој се справува со таа маса, да не одат понатамошно во вандализам и во мојата изборна единица, оти имаме и такви албански села, за да не дојде до такво нешто. Затоа што тие сметам се многу невини, и воопшто не се учесници во овие наши политички превирања, кои како генератор ги помпаме тие за да не знаат ни каде да се движат ни што да прават. Она се случува што во моментот ни се случува. Толку околу реплика та, инаку околу мојата дискусија.

Господо нема да зборувам политички зошто во политиката сум, н да бидам искрен не ми се допаѓа политиката.Зошто не ми се допаѓа политиката? Оти во политиката нема логика. Правите политичари зборуваат односно прво сондираат што треба народот да слушне и тоа му го кажуваат, а не оти тоа го мислат. И оти се убедени оти е така. Јас ќе зборувам она што мислам јас, оти е паметно во овој момент и ќе предлаг она што мислам по мое убедување, оти е вистинско решение. А не оти немкј сака да

го слушне, а јас она сондирајќи знаејќи што сака да слушне, тоа ќе го кажувам. Само ради мал пример ке речам ВМРО-овците наши ќе побараат да ги критикувам СДС-овците, и ќе речат многу паметно и ќе речат многу пакетно. СДС-овците ќе бараат да ги критикувак ВМРОВ-ците, политички кажано и ред други да не оддолговлечувам. Тоа нема да го направам, нема никој да критикувам, ќе покушам некои дискусии да кажам, сепак никој да не навредам, а во интерес на Македонија, а тука и во интерес на мојата фамилија и вашите фамилии, сепак, да се излезе од оваа криза. Колку ке допринесам незнам ни самиот. Прво би рекол, излегов на говорница затоа што за мене е спорно, спорно е нешто и овие денови самиот себе си неможам да си расчистам меѓу себе, дали овој Рамковен договор и промена на Уставот доаѓа како созревање на условите и потребите. Или пак, доаѓа како присила и уцена да морам да го прифаќам овој Рамковен договор или да го менувам Уставот.

**ВЛАДО СУГАРЕВСКИ:**(Продолжение)

Ако е првото, а не верувам дека е првото, дека такви услови се созреани и дојде времето зрело да размислуваме оти вакви промени и вакви рамковни договори ни се потребни, ако е првото, тогаш сте во право и можеби и јас треба да се приклучам. Но ако е второто, тогаш тоа е опасното за мене. Ако сме уценети и присилени, а уценети сме и присилени и те како, ние решаваме денес некој она што го барал вчера или денес со пушка, со убиство. Некој се договарал и преговарал што бараат тие за да ги задоволиме нивните барања, или ако не, како што слушнав, или промена на Уставот или војна. Тоа е за мене уцена и сме-там дека природно е на секоја акција да се создава и реакција. Значи не оваа акција очекувајте и реакција ако е така, а тоа е многу опасно. Опасно е од причина што уцената ја сметам како најголемо зло на човештвото. Вие можете времено некого да уцените,но со бумеранг да ви се врати, на пример,како личност или народ или како народност, независно за уцена не треба да стане збор.

Како ќе гласам, односно како ќе гласате. Според мене што и да направите, и првата и втората варијанта не одговара. Зошто? Ако гласате односно ако гласам според мое убедување уште полошо ќе биде. Зошто уште полошо ќе биде? Ние господо наместо граѓаните во Македонија да ги интегрираме заеднички да живеат, заеднички нормативи да има за да живеата и да се дружат, ние уште повеќе ги расцепкуваме. Денес ќе почнеме на други јазици да зборуваат, утре во други училишта да учат, како што правиме, потоа ќе почнеме во други автобуси да се возат и наместо да се зближуваат ние уште повеќе ги одвојуваме националностите.Како водата и маслото што се вели, одвојувањето се знае кон што носи. Интегрирањето, несоздавањето разлики меѓу граѓаните, дружење на граѓаните според мене, тоа е вистинското општество. Понатаму ќе се обидам тоа да го објаснам. Тое е првата варијанта ако гласаме.

Тоа значи и ако гласаме, јас сум убеден дека таквото раздвојување уште повеќе,наместо да доведе до зближување на националностите, ќе доведе до раздвсјување на националностите и уште поголема тензија ќе имаме, уште поголеми проблеми ќе имаме. Плашејќи се дека ќе се спасиме од војната, во сигурна војна ќе влеземе, но можеби не денес туку по година, две или три, бидејќи ќе мора да се одвојуваме.

Вторагта варијанта, ако не гласаме, истото ќе ни се случи. Зошто? Тогаш ќе ни се наведе причина - да, не гласавте, не сакавте мир, еве ви војна. Што значи тоа? Решенијата ќе ги понудам подоцна.

Според мене, грешката е направен одамна. Не е денес направена. Ова денес што го голедаме е резултат само на поранешното што сме го подготвувале односно што го произведувал генераторот. Ова од денес не се случува. Ова е само израз на долгогодишното одлагање на нерешавањето. Тоа е нешто околу Рамковниот договор околу гласањето или негласањето.

Господа, сега ќе се обидам да ги објаснам оние така да кажам груби излагања со некое образложение како јас го замислувам тоа. Господа, државата јас ја свакам како семејството, како фамилијата,една фамилија во поголем формат да речеме е државата. Што значи тоа? Фамилија или семејство, кога ќе почнат други да се мешаат во таа фамилија, господо, повеке нема да биде тоа фамилија ниту семејство. Или тоа семејство ќе свати, сами ќе си ги решат проблемите, или никогаш повеќе нема да биде семејство. Тоа семејство ќе се растури. Што побрзо ќе се ослободи од надворешните влијанија и надворшеното солење на памет, толку побрзо ќе го реши својот проблем. Така и државата. Тука е основната грешка според мене, господо. Ние си дозволивме други да ни кажува овде, а другите ни кажуваат во нивен интерес, а ние на тие што ни

кажуваат ќе им бидеме само средства за манипулација и нивен интерес. Никогаш тие немаат чувство, и логично е, како ние што го имаме сопственото чувство, но еднаш треба да сватиме дека само ние ќе си го решиме проблемот. Колку побрзо сватиме, толку подобро.

Поконкретно, да кажам за човековите права. Јас би им рекол на овие кои доаѓаат, ни држат лекции за човековите права дека господа, ние не сме паднати од Марс, па тие на земјата створена, ние марсовци да не ги разбираме овие работи. Јас би рекол, ако имавме нешто иозитив-но и на што се гордеевме тоа беа човековите права овде. Господата Леотар и Пердју ќе ни зборуваат, или некој друг од запад ќе ни зборува за човекови права! Господа ние бевме поим за човекови права. Ние можеби не бевме богати, не бевме капиталисти, но човековите права овде беа поим и за тие кои ни доаѓаат овде. Зошто велам поим? Затоа што на западот број еден е интересот, број два е човекот. Нема на западот ништо пред интересот, а ние независно во каков систем бевме пред се ни беше човекот, хуманоста. На запад нема хуманост, туку интерес и сам интерес. На пример зборувам за човекови права, но јас би рекол господа Леотар и Пердју, иако не е чесно да се обраќам, би прашал, не дај боже да сте вие граѓани во нивната држава, а да не го знаете јазико и да не сте интегрирани во нивниот систем, вие не од втор, од "енти" ќе бидете граѓанин, на наш јазик кажано од "ш" ред.Затоа што таму само е сладок доларот, човекот е потрошно средство, интересот.

Токму од тие причини господа ви кажувам овде на сите, или ќе сватиме ние, ке го решаваме внатре проблемот или.тие кои доаѓаат доаѓаат со одредена математика и интерес. Кој е интересот,се знае. Немојте да мислите, македонци од албанско нционално потекло, ако сте македонци внимавајте добро, јас правам разлика меѓу македонец со албанско национално потекло и албанец. Мене не ми пречи некој од вас што се декларирал албанец. Да, негово право е да се декларира како албанец. Меѓутоа, мене ми пречи тој ако се чуствува како албанец и ако му е гордост Албанија, мене ми пречи тој истиот да одлучува за судбината на Македонија. Неговата гордост не е Македонија, неговата гордост е Албанија. Ако е неговата гордост Албанија, не е ништо срамно, зошто е срамно. Мојата гордост е на пример турска, како што реков но да мешам, ќе ги уживам сите човекови права во ова држава Македонија нема да одлучувам и да се мешам во судбината на оваа Македонија бидеј-ќи јас не ја чувствувам како моја. Јас ги уживам сите човекови права како гостин, како граѓанин во оваа држава, но не е моја, јас не ја чувствувам како моја и нема да одлучувам за судбината. Да расчистиме, кога ќе почнеме да расчистуваме овде, городност ни е Македокија, мене не ми пречи по националност што бил,но гордост што му е. Тогаш вистински ќе го решаваме проблемот. Но ние мислејќи за Косово, мислејќи за Албанија, решаваме за Македонија. Како тоа? Што значи тоа? Мислејќи за мојата фамилија и семејство јас му решавам на соседот за деца-та што да јадат. Јас прво ќе гледам за моите деца, да ги задовоам прво потребите на моите деца, бидејќи гордоста е мојата фамилија. Јас соседот го ценам, но повеќе мислам на себе. Ако тоа го расчистиме дека ние сме горди македонци, независно од националното потекло, тогаш навистина ќе го најдеме решението.

Ако зборуваме за човекови права, господа македонци од албанско национално потекло, не влегувајте во заблуда за човекови права,бидејќи според мене најголема слабост на овој Балкан и го нарекувам "Балкански привитивизам" е национализмот. Сеуште живееме пред се" само за тој нацконализам. Таа гордост ни е национализмот и нацио-налното. Треба да почнеме да расзмислуваме за човекот, бидејќи животот е господов дар, животот каков такво треба најпаменто да се искористи и да се живее. Но некој не сватил овде, за да ги застапи своите интереси и сега ѓоа , кога велам тоа, некои велат дека албанските националнисти ги поткупија американците, НАТО, ова или она, јас лично никогаш не велам така. Не, господа не велам ни дека на американците им е жал за вас господа македонци со албанско национално потекло. Не, не им е жал. Им е жал за нивниот интерес а вие сте им основно средство за манипулација за реализација на нивниот интерес. Кој е нивниот интерес на сите им е јасно. Ќе кажам дека не е политички и ќе кажам, политички не е мудрб. Зошто велам дека не е мудро? Ние велиме "каде што има сила нема правда", па и во случајот, се знае интересот на сите им е јасно. Еве жив пример е Босна, Косово, ке биде и Македонија ќе биде и Албанија и Црна Гора,се влијание на Америка, на империјата Америка.Кој е интересот? Не и е во интерес на Америка, а со ова што ќе го кажам нема да речам нешто ново, јака Европа. Западот само го гледа личнмот интерес, другото е во

втор ред. Во интерес не им е соперници или моќни сили да се јават освен Америка. Еве и влијание на Америка во Европа, тука блиску Русија, удар на Русија и на крајот на краиштата можеби и тие нафтоносни полиња, умилкување околу еве ѓоа се бориме за исламските земји. Тоа се фарси за лични интереси, така би ги нарекол. Но не кажав ништо ново, тоа го знаат сите, малку кој ќе промозга и ќе свати дека тоа е тоа. Но што ако кажав,пак ќе кажам каде што има сила нема правдина. Ќе го кажеме само малку да се растовариме, инаку што можеме да измениме.

Кога реков за човековите права, господа, човековите права според мене беа поим овде за западот.Бидејќи јас лично можете да проверите, 1975 година како бруцош студент на Факултетот живеев со македонец од албанско националко потекло од Дебар како цимер и плус турчин. Замислете си! Никој не ни пречеше. Сега јас имам синови, не доаѓа предвид ние да ги поставиме, ниту ние сакаме, ниту вие сакате. Не е во прашање Сугаревски дека ќе им попречи, ние ги одвоивме. Ние наместо напред, назад се враќаме,факт е. Инаку, за човековите права би рекол господо Леотар и Пердју нема проблем. Ако зборуваме за Македонија, баланс, одете видете ги човековите права да речеме во Западна Македонија, видете ги човековите права во Мариово. Ако некој од западна Македонија под поимот човекови права земал пушка и да убива, тогаш јас би рекол оние кои живеат во Мариово, не треба пушки,треба да дерат, бидејќи тие основните права ги немаат.Тие уште живеат во камена доба, но не пукаат. Значи, не станува збор за човекови права.

Што не ми се допаѓа друго? Не сум против чопвековите права, немојте погрешно да ме сватите, но јас би рекол зошто човекови права само на македонците со албанско надионално потекло.Зарем други нема? Нема турци, роми, нема срби и незнам кои други? Знаете зошто? Затоа што тие направиле математика до 20% од населението може, а другитепомалите неможе. Тоа јас би ракол вака: демек оваа невеста е голема ќе: правиме голема свадба а оваа е помала помала свадба ќе правиме. Така испаѓа. Нема човекови права, дали е еден или двајца, човек е, човек е и тој и ќе ги ужива сите човекови права онака како што му следуваат и како човек пред се, а не оти тој бил 20% застапену овој пак 25%, или пак овој 5%, па тој не го фаќаат овие нормативи оти не е човек, се разликува малку од човек, се разликува малку од човек бидејќи нема процент.Околу Рамковниот договор, околу албанскиот јазик би продискутирал нешто. Господо, не му мислам ништо на албанскиот јазик лошо, но во Албанија зошто велам во Албанија? Господо, ние сме се деклари-рале овде дека е Македонија.

(Некој од пратениците ги упатува зборовите "ама ти").

Вие господа ако не сте декларирале дека ова е Македонија, тогаш едноставно сме седнале во погрешен Парламент. Колку што знам, ова е македонски Парламент. Вие ако не се декларирате како македонци, тогаш одете во албанскиот Парламент, тоа би рекол.

Албанскиот јазик велам да, но ако сте толку визионери дека перспективата на оваа држава е само кон Ал<банија, албанизација на оваа држава, ако тогаш перспективата е таква и дека иднината на нас ни е таква, тогаш и јас сум да, албански јазик, оти тука ни е персептивата. Некој ќе рече па зошто македонски јазик. Господо, за разлика од вас јас малку поинаку гледам. Македонски сме го рекле на ова територија, овој јазик, независно вие како ќе го крстите, дали словенски, дури некој вели старословенски, бугарски, воопшто не ме интересира, не навлегувам во тоа. Овој јазик,мнозинството на оваа територија го познава овој јазик и нормално е најдобро е, ова население со кој јазик може да се разбере, да комуницира? Со овој јазик. Јас реков, можеби сум турчин по потекло, но гледам мнозинството на ова население го зборува овој јазик и сме го прифатиле како основен и главен овој јазик. И што е спорно тоа? Кога една Индија се откажува од сопствените јазици, зборува англиски, службен јазик, зошто ние да не зборуваме еден службен јазик. Јас не сум против албанскиот јазик, ако мнозинството го зборуваме албанскиот јазик и јас ќе бидам тој што ќе зборува. Мене не ми пречеше во Југославија српски-хрватскиот јазик што беше службен јазик, мнозинството во Југославија го зборуваше тој јазик и мене воопшто не ми пречеше како службен јазик што беше српско-хрватскиот, како и сега што не ми пречи ова. Едно би рекол господа. (Дофрлување од некој пратеник). Малку поинаку гледам, за разлика од Вас. Зошто? Јас размис-лувам малку поинаку, можеби и подалеку. Господо, се бориме за влез во Европа, сите се декларираме за влез во Европа. Господо, на Европа не и треба албанскиот и македонскиот јазик. Да почнеме да размислуваме за воведување,

што не сум против, на службен јазик на еден од моќните јазици.

**ВЛАДО СУГАРЕВСКИ**:(Продолжение)

Зашто, во Европа, Ви кажав јас , сум бил на запад и сум работел таму. Вие ако сакате бидете доктор на науки, не го познавајте тој јазик, Вие сте граѓанин од втор ред. Тоа значи Македнија, влез во Европа со македнскиот и албанскиот јазик, ќе бидат граѓани од Ш клас - во Европа. Тоа значи интегрирање во Европа, учење еден од јазиците, модерните јазици. Мислам на моќните јазици, не модерните. Кога шпанците кои зборуваат шпански незнам колку пррценти го учат англискиот јазик, немојте да мислите дека тој ми се допаѓа но факт е, каде да одите се зборува на англиски јазик. А, Вие и ние се држиме на локално ниво. Се фаќаме со два милиони луѓе ќе почнеме на незнам колку јазици да учиме и да зборуваме, па сега ќе дојдат турците и тие ќе бараат турски да зборуваат. И, не ќе знаеме во кој град на кој јазик да се обраќаме. Кога ќе одите во некој град треба да прашате, кое е мнозинството овде за да се обратам на кој јазик. Можеби на нас сега ни е смешно, но ќе дојде , ако ние така продолжиме со вакво темпо, секако тоа ќе дојде и тоа е факт. Тоа значи дека не ни го решава овој Рамковен договор, туку напротив, уште толку ги продлабочува меѓунационалните односи.

Господо, сега да не кажувам демагогии, јас како го гледам решението. Да не кажувам и јас политички приказни, како јас лично го гледам ова решение. Не го гледам решението онака како што го гледаше г-ѓицата Шекеринска. Би рекол одличен состав, кога би го оценувал како состав, подготвен состав, подготвен говор, неверојатен, ама за на друго место. Како на друго место? На политички маркетинг или на политичка кампања некаде. Но, кога се работи за судбината на моето семејство и нејзиното семејство, јас не гледам така. Јас можам да кажувам сега даподготвам аргументи за СДСМ и што со тоа. Тоа може во некоинови времиња кога ќе дојдат, ако ова сега во моментов е политичка кампања, тогаш е во право. Тоагаш јас нема да бидам во право. Значи, добар говор. Вели, ги решававме проблемите. Јас би реков не ги решававте. Ако се решаваа проблемите, немаше да дојде до ова. Само се одложуваа, како и сега. Според мене Рамковниот договор е исклучиво одлагање на проблемот, но сето тоа ќе ни се врати како бумеранг. Тој со поголем интензитет и јачина ќе ни се врати. Токму затоа сметам дека тоа не е решение. Сега, како го гледам јас. Го гледам, господо, прво, колку побрзо ќе се ослободиме од овие надворешни емисари, толку побрзо ќе го решиме проблемот. Колку повеќе ќе бараме од нив да ни го решат проблемот, толку помалку ќе го решиме проблемот. Што значи тоа? Можеби нема да бидеме во војна, точно, но ќе бидеме она што е на блискиот Исток Израел, тоа ќе биде Балканот во Европа. Постојано, топло-ладно. Зошто? Убеден сум во едно, НАТО, Америка во овој момент ако сака да го реши проблемот, да мрдне со малото прсте, во рок од еден саат ќе го реши проблемот. Само нека излезе овде НАТО и нека рече, само ако слушнеме пушка да пукне, ќе ве чистиме од овде сите и нема никој да мрдне. Но, сериозно да го рече тоа. Меѓутоа, не му е во интерес. Како? Ако го реши така, треба да си одат од тука. Нема причина да седат, а неседењето тука , губење на позиции и ред други работи. Значи, тоа треба ние да го сватиме, оти немаат намера да го решат ова прашање, зошто ако сакаа веднаш ќе го решеа. Кој е тој, да не речам маж, како што рече Шекеринска што ќе се спротивстви во моментов денес на НАТО. Нема таков. Тие, господо, не сакаме да не убедуваат во никаква техника, тие знаат дури каде спиеме и што сонуваме, во која дупка сме скриени. Ова го кажувам , за да не се занесуваат македонците од албанското навционално потекло, зашто за нив многу им е жал на американците. Тоа е првото.

Второ, после тоа седнување на сите политички структури, седнување макар деноноќно, карање, расправање ќе се договараме, овде ќе се договараме. овде, дали во оваа сала или во друга сала, ние ако не го најдеме треба да сме убедени или ќе го најдеме или ни нема спас. Што значи тоа? Ниту ние вас, пример то реков македнците со албанско национално потекло ќе ве исчистиме, па ниту тие ќе не исчистат, а дека ќе се требат, ќе се чистат, ќе се убиваат, ќе се убиваат. Ние треба да сватиме дека од овде ни нема излез. И ние сме тука, и тие се тука. Туку , дајте да седнеме ако е потребно деноноќно ние ќе се тепаме, оти ние ако не се тепаме, тие ќе се тепаат. Не само одлагање, решението е односно одлагањето не е решение. Долги години се покажаа и примерите одлагање, одлагање и еве дојде ножот под грлото. Можам да речам дури, лично ако ме прашате колку подоцна ќе дојдеќе уште полошо ќе беше. Можеби и тоа е утешно што сеуште има некое решение, според мене.

На крајот , четвртото решение, колку ќе направиме еден заеднички систем на државно уредување, каде што нема да забележите кој е лабанец, кој е македонец толку подобро. Зошто ова го велам? Од лично искуство. Господо, ова што го велам за оние кои што ни држат лекции за човекови права,

колку паметно и едноставно си го решиле проблемот, макар што нас не ни се допаѓа, но тие си го решиле проблемот. Ние сме пет браќа и една сестра. Сите се на запад, единствено сум само јас тука. Замислете мојот роден брат, кој е роден од мајками, од иста мајка, кој е растен тука е горд на таа држава. Па, да не зборуваме за внукот. Внукот веќе не го познава македонскиот јазик. Сватил дека неговито татко, неговиот родител, непознавајки го тој и тој јазик, англискиот јазик, во таа и таа држава, не интегрирајки се , останал, да не речам вулгарно, копук, овој се интегрирал и дури е горд што е од таа држава. А, мене ми вели ти си дошлак, а јас сум горд американец и американското знаме како гордост го има. Ја чувствува таа Америка како негова држава. На крајот на краиштата таа држава успеала да го асимилира и тоа не ми пречи. Затоа што, направила паметно. И на мојата внука кога мојот брат и вели ти не смееш да одиш, затоа што тој е од друга националност, таа вели нема поим , тој е австралијанец. Значи, за десетина години се интегрирале. Па, Вие господо, тука сте и ден денес не се интегрирате. Вашите деца ги учите да учат ан албански јазик, а живеат во Македонија и не знаат македонски јазик. Како тие ќе живеат тука и како воопшто ние ќе живееме. Токму тие поделби , или ќе успееме да донесеме систем да почнат да не се разликуваат македонците и албанцит еи другите националности, колку поблиску ќе го направиме тој систем, толку подобро. Колку повеќе ќе ги делиме и во други автобуси, толку повеќе ќе се раздвојуваме и побрзо ќе дојдеме до војна. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Сугаревски.

Збор има г-дин Јордан Бошков. (Не е тука)

Збор има г-дин Ванчо Чифлиганец. (Не е тука)

Збор има Амди Бајрам. (Не е тука)

Збор има г-дин Ѓорѓи Котевски (Грешка е)

Збор има г-дин Вангел Симев (Не е тука)

Збор има г-дин Љубомир Поповски (Не е тука)

Збор има г-дин Борислав Трповски (Не е тука)

Збор има г-дин Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници и по ова што го кажуваше претседателот на Парламентот на почетокот, сметам дека во ред е мојата процедурална забелешка. Моментално в Парламентот има некаде околу 45 пратеници, ова е неуставна работа на Парламентот и јас би сакал да се обезбедат потребни услови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам повикате ги пратеиците да влезат во салата, за да слушаат овде што се зборува.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас, бидејки се јавувам некаде на крајот на овие неколку дневни излагања по повод иницијатива на претседателот на Република Македонија околу промена на Уставот, неможам, а да не кажам некои впечатоци од претходните дискусии, генерални впечатоци што ми оставија и што останаа кај мене од сето ова што се случуваше во овие денови, бидејки сите бевме под импресија на овие случувања и можам да кажам, дека сепак во говорите можеа да се забележат неколку типови на говори. Јас сметам дека имаше говори каде што доминираше триумфот на мирот и демократијата во Република Македонија со пристапувањето на иницијативата и почетокот на Рамковниот договор, до говори за пораз, безазлезност, трагедија. Мислам дека тоа се главните крајности каде се одеше. Сметам дека ни едната ни другата варијанта можеби не се потполно точни, бидејки никогаш нема безизлез, но многу тешко има и триумф во политиката. Но, во секој случај сметам дека најсоодветно ќе биде говорите да бидат кон барање на излез од тешката политичка ситуација во која се наоѓа Република Македонија.

Она што ме изненади во овие денови од говорите , тоа беше изненадувањето од еден од учесниците на преговорите во Охрид, еден од активните учесници во еден од тимовите кој кажа дека сите овие моменти биле веќе пред почетокот на Собранитео во договорени од страна на СДСМ и од страна на ВМРО-ДПМНЕ воодноc на режијата, темпото и однесвувањето , што за мене, сепак беше изненадвување и неочекувано, бидејки сметам дека и ова е еден начин на дезавуирање на парламентарната демократија на Парламентот на Република Македонија, кога некој се обидува да го стави во некоја шема и режија. Од друга страна , неочекувано од голем број претставници, на еден од потпиувачите со агресивни напади на целиот Рамковен договор и постојани обвинувања за пристапување

кон иницијативата , со подотворена врата дека можеби ќе се гласа за неа.

Второто изненадување за мене беше настапот на другата страна од потпишувачот од премиерот на РМ дека сите влади на РМ, отприлика тој тоа така го кажа, во овие десет години, па и актуелната Влада не се одговорни за состојбата, што за мене немаше доволно самокритика и е второто изненадвување кое го дочекав од него и воопшто од дискусиите.

Конечно, сепак, мораги да повикам на една самокритичност од сите ние кои сме одговорни за ситуацијата дека сите до еден, па и граѓаните со своето гласање во 1ее8 година и ние овде, а посебно тие што се членови на Владата и на високи државни функции се одговорни за состојбите во Македонија и за ситуацијата во Македонија. Многу е лесно да се вика, да се плука, да се прави политички маркетинг од една страна, а да не се има чувство за својата одговорност.пред се, тука мислам на еден говор на претседателто на Комисијата за внатрешна политика и одбрана на Собранието на Република Македонија, кој од овде изрече остраи критики кон претседателто на државата, критикувајки го за Рамковниот договор, плукаше по Рамковниот договор и околу уставнит епромени, а тој самиот веќе од јануари ни еднаш не свикал Комисија за внатрешна политика и одбрана. Меѓувреме, настана напад, окупација, како што кажа премиерот и другите преговарачи, на територијата на РМ, настанаат жртви, егзодуси, етнички чисстења, а Комисијата за внатрешна политика и одбрана во Собранието не беше свикана ниеднаш во ова време, што го сметам за нешто невидено , за една парламентарна демократија, посебно што истата Комисија успеа да му обезбеди на тој претседател на таа Комисија заклучок дека бараме тајна или јавна средба со министерот за внатрешни работи и со министерот за одбрана за согледување на безбедносната ситуација, макар и на затворена седница со известување на пратениците околу безбедносната состобја во Република Македонија. Така што лесно е да се вика и да се плука, да се кажува и да се исфрлаат големи патриотски фрази. Патриотски се делата вистински, одговорноста е во делата, во она што го правиме. Најлесно е од тука да извикуваме, да критикуваме, меѓутоа ние со нашите Дела ка правиме ситуацијата таква каква што е. А, тој г-дин , незакажувајки седница на Комисијата за внатрешна политика и одбрана придонесе, барем малку во оваа ситуација да не работат институциите на системот. Многу е лесно од овде да се вика претседателот на државата е крив и т.н., но со тоа не сакам да го амнестирам од својата одговорност претседателот на државата со својата одговорност и со својата функција која има.

Трагедијата се случи. Паднавме на едно ниско ниво на кое не се надевавме ниеден од анс да паднеме како држава, како луѓе, како нација, како систем. Тоа е ноторен факт од кој никој овде не избега и беше во сите дискусии и тоа е состојба која е пример дека се чувствува во јавното мнение во целата држава.

Меѓутоа, за Мене и после сите овие дискусии, после сите размислувања, после сите гаранции дадени од олеснувачите, после говорите на претседателот на државата на г-динот Црвенковски, на г-динот Љубчо Георгиевски, на сите учесници во ова останува да висат многу прашања за Македонија во воздухот, и тоа е она најстрашното, и тоа е таа дилемата која не прогонув аи која не тера да размислуваме сеуште како пратеници. Каков е овој моралн момент, како да постапиме и како да размислуваме во овие тешки моменти за Република Македонија. Јас ќе набројам некои од прашањата што останаа да висат за мене и останаа не разјаснети.Посебно што ги псотавија за политичарите некои за мене се јасни. Еве ќе тргнам од тоа. кажавме дали мораше ова да се случи и дали можеа политичарите , бидејки имаше туак амнестија дека ниедна од владите не се одговорни и не требаше да го предвидат ова, дали можеа да го предвидат и да го спречат ова. Јас есум од оние кој сметаат дека тие мораа, беа должни имаа обврски кон гласачите, кон државата да го предвидат ова, да бидат информирани за можното сценарио за вакво нешто и се апсолутно одговорни сите во своите ингеренции за ситуацијата коај се случува во Република Македонија, и тоа чувство е неизбежно и се однесува на сите. Меѓутоа, за оние кои сеуште немаат доволно самокритика и кој не можат да сватат дека сепак имаше предвидвување за оваа ситуација, јас на оние политичари кој сметаат дека ова е само прелевање на кризата од Косово, ова е резултат на надворешната политика на многу сили,

што не е за негирање. Влијанието на геостратешките моменти на геополитичките структури, на интересите на големите сили, меѓутоа, сите тие кои сметаат дека е занемарлива, економската ситуација во РМ, начинот на владеење во РМ, односот кон безбедноста на РМ , конституирањето на безбедносниот ситем на РМ, им препорачувам да го погледнат ако сеуште не го гледале Антологискиот фил "Пред Дождот".

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (продолжение)

Сепак се случи, точно незнам, прет пет шест години од еден голем светски режисер господинот Милчо Манчевски во кој имаше многу прекрасни предвидувања кои ги гледаше тогаш и обичниот граѓанин за иднината на Република Македонија. Тука политичарите кои се однесуваа елинистички без критичност за состојбите во РМ, кои ги негираа сите информации кои доаѓаа и се подготвуваа за голема Албанија, за можно отцепување на територии на Република Македонија, за окупација на територии на РМ, за спремање на вооружено востание беа слепи кога некој други гледаа и имаа визија или ако не беа слепи, тие беа неодговорни спрема информациите што ги добиваа од релевантните структури.

Апсолутно тука не може да се избегне одговорноста за моментите за внатрешната политика, што се случија, посебно доказ за тоа се последните настани откако почнаа воените дејствија. На дело во Македонија за овие шест месеци беше невидено воено профитерство. Продолжи срамната приватизација, е, тоа е така наречено во РМ, приватизација, грабежот, што се случуваше во овие шест месеци во воени услови. Додека некои одеа во безбедносните сили на фронтот, некои во овие шест месеци продолжија да приватизираат на срамен начин со огромни дисконти.

Јас само ќе ви кажам еден од најмизерните примери. Во мојот град каде има загинато борци на РМ, и членови на фамилии пред месец два, група на високи функционери блиски до сегашната власт отидоа во Косово и ги продадоа дуќаните на Текстилниот гигант недефиниран во приватизацијата, ги продадоа дуќаните без постоење на платежен промет меѓу РМ, и СР Југославија чиј дел е Косово воопшто и со протекторатот Косово. Се зборува дека парите ги донесоа во џеб во времето кога се одвиваа најжестоките борби во Република Македонија. Дали ни треба поголем пример за воено профитерство од еден ваков пример? Каде завршија парите? Затоа треба да одговори Министерството за внатрешни работи, бидејќи се работи за серија на кривични дела, меѓутоа, очигледно во минатото односот кон кривичните дела кај нас беше несоодветен.

За жал, кога ќе ги погледнеме сите овие моменти јас се изненадувам колку од оваа говорница се слуша за мудри, паметни, ладноглави и заслужни политичари кои имаат мудро решение во секоја ситуација. Дури и во оваа тешка безизлезна ситуација некако сите имаат решение, го знаат патот, знаат дека ова е најпрагматичното најдоброто решение, меѓу-тоа ми се чини ситуацијата не е толку добра или толку решлива како што се кажува во нашите говори тука од говорницата.

Прашањето кое остана отворено од сите дискусии кои ги имавме дали ние, дали Република Македонија има право во име на етнички исчистените територии, окупираните територии, како што кажа премиерот и од оваа страна од потпишувачите. Што значи би ја прифатиле окупацијата, иако никој нема право да го прифати тоа како што кажа еден од говорниците вчера по Уставот на Република Македонија. Дали несреќите на бегалците и жртвите и нивните најблиски ни даваат право ова да го правиме под присила под принуда од терор со победа на тероризмот, а не да го браниме уставниот поредок, правниот поредок во РМ, за кој сите ние сме обврзани да го заштитиме. Сите ние, а најодговорни се токму овие што се најгласни дека треба да го браниме и секакво отстапување од него.

Оние што се најодговорни во државата, за заштита на уставниот поредок, сеуште и денеска се должни да го заштитат постоечкиот уставен поредок кој не е издаен. Постоечкиот устав, постоечката територија на Република Македонија, а тоа тие во овие услови не го прават, и тоа се отворените прашања и недовербите кои провејуваат и во јавноста и од оваа говорница, кон сето ова што се случува.

Чувството на одговорност навистина е за поставување на оваа говорница и нечудете се зошто јавното мислење е толку против овој договор Верувајте кога ќе се каже договор кај македонскиот народ во гените му е страв од договор. Во гените. Зошто? Тие паметат дека првиот договор кој се сеќаваат во векот сега што помина тоа е Букурештакскиот договор во кој беше распарчен корпусот на македонската земја. Договор со посредност на посредници на големите сили.

Вториот договор кој го паметат е, Версајскиот договор кој ја потврди окупацијата и обесправеноста на македонците во сите делови од Македонија на која? Тие се сеќаваат а не можат да се кажат како Македонци.

Третиот договор кого паметат тоа е Јалта, каде што пак со посредство со мегународните посредници и големите' сили тие пак не ги решиле своите прашања. И сега за прв пат, договор во кој се потпишани и македонци и охридскиот договор и верувајте македонците се плашат од договорот. Тие не се против големите сили. Меѓутоа, тие се свесни дека во минатото не постапија добро бранејќи ги своите интереси, бранејќи ја македонската територија, и неуспеаја во борбата да ги изборат правата што ги заслужуваат македонците на сите територии каде што живеат. За тоа се сведоци, за правата на сите македонци во Албанија, пред се бидејќи сега зборуваме за Албанците во Грција, во Бугарија итн. Значи, немојте да му замерувате на народот кога се плаши од договорот. Ние сме тука, на луѓето треба да им објасниме дека неминовност во сите договори е да се победи со помош на големите сили, не можеме да одиме против големите сили и против НАТО-структурите, и против Европската заедница. Мегутоа не замерувајте на обичен граѓанин дека се чувствува губитник во сите овие ситуации кој му поминале во историјата и има едноставно страв кон договорите.

Прашање на кое не одговорија сите овие дискусија. Никој не одговори кое исто така се поставува дали ние со овој чин сме одговорни кон минатото, тука добивме некои одговори меѓутоа мислам дека мора пак да се постави со бришење на преамбулата посебно и кон иднината. Дали имаме право да го избришеме она што минатите генерации го постигнаа, што се бореа минатите генерации она за кои се залагаа и го посакуваа минатите г нерации едноставно така во преамбулата. Дали со волку драстични промени имаме право да ја одлучуваме иднината на идните генерации кои не се во состојба да влијаат на ова. Дали го имаме тоа право волку драстично да промениме. Толку големи измени на статусот на македонскиот народ дали и имаме право на македонската држава да и направиме овие денови за иднината. Нешто што нема никогаш да може да се врати, дали така лесно со едно притискање на копче и во еден момент, кампањски и на брзина во три дена можеме да го направиме и да ја одредиме иднината на' многу, многу генерации. Дали на тоа имаме право?Тоа е прашање кое не е одговорено за мене и ќе остане да лебди во воздухот и оние што имаат лесни решенија можеби за нив е сето тоа лесно, меѓутоа, јас ви тврдам дека тоа е прашање на кое не смееме така лесно морално и етички да се помине.

Јас пример ќе ви кажам. Може ли да се случи за 300 за 500 години во една земја како што е Англија, Франција кој ги респектираме и се стремиме кон нивните демократии да се случат волку големи промени на Уставот во таквите држави кои се етаблирани, стабилни држави.

Кога се случило во минатото кај нив толкави промени на Уста-вот и на статусот на етникум и нации и слично? Кажете ги.Тоа не се случило. Сигурно не се случило и ова штосе случува навистина стравот од разнебитување конечно разнебитување на македонската држава, на македонскиот народ е присутен во народот и тоа во голема мера,99% од македонското население.

Прашање на кое не одговоривме дали постигнавме ситуација во која особено македонците од западниот дел на Македонија нема да се плашат и по договорот да веруваат во овој систем, во нашиот систем, во овие луѓе кои треба да им го гарантираат системот, во кој систем треба да се враќаат да ги обезбедуваат своите права, систем во кој треба да се чувствуваат безбедни, да ги чувствуваат безбедни своите имоти, дали ќе веруваат во овој систем, во оваа држава, во овие луге. Дали ќе веруваат во Албанците кои ќе бидат во мнозинство и албанските партии кои овде само бараат начин како побргу да го донесеме договорот без да дадат ни една гаранција и отстапка кон македонското население кое е етнички исчистено. Не мора кон македонското население г-да Албанци да дадете гаранции, дајте спрема сите граѓани на Република Македонија што се расе-лени на кои им се уништени имотите, осудете го тоа. Покажете волја дека сакате да живеете со тие луѓе, вие ќе сте гарант за нивното враќање и остварување на нивните права во Западна Македонија. Меѓутоа, таквите обврски од овде, од оваа говорница, од г-дата кои многу лесно се откажаа од оваа дискусија, бидејќи се сигурни од нашите големи партии дека ќе го изгласат овој договор, се откажаа, тие се сигурни дека го имаат договорот, дека го имаат ветувањето и за нив не се потребни, со едни вакви човечки, со зборови, со говори да покажат гаранција и доверба кон македонците кои треба да живеат во тие средини или тие сметаат дека не треба да

живеат македонците во таквите средини. Може би и тоа го имаат, ако сте поблиску до концептот на Голема Албанија што беше прикажан во многу случаеви од нив на територијата на Македонија и во минатото во кризата. Прашање кое остана неодговорено од сите овие дискусии. Дали со организирањето, владеењето, структурирањето на државните структури, дали со етаблирањето на системот кој го етаблиравме досега во овие 10-години ние им гарантираме нешто на овие граѓани кои се уништени, кои се раселени. Како да веруваат тие граѓани во ова што не се случило 10-го-дини. Како да веруваат дека овие структури кои не успеаа да направат специјални единици за одбрана, опремена и добра, добровооружена македонска армија која нема да војува, туку ќе ги одбрани од војната, дали направивте, како ќе веруваат на овие структури кои го потпишуваат договорот дека тие ќе направат одбранбени сили на Република Македонија, специјални единици кои ќе бидат во служба на граѓанинот, не на македонецот, не на албанецот, не на етникумот на граѓанинот, на неговото височество, граганинот, во РМ, кој го бришеме сега од Уставот.

Наспроти нив тие и во озие шест месеци гледаат како и во изминатите 10-години ефикасно полнење на партиските каси, криминална приватизација, привилегии, економски грабеж за мала каста на луѓе, за мала елита на луѓе, а голема економска беда за големиот број на луѓе кои не се во војна.

Е, сега господа денес на оваа седница одговорноста вика, бара, не може да не сте одговорни. Секој мора да си ја понесе одговорноста за оваа состојба. Секој граѓанин на РМ, секој родител, секое учениче кое ќе тргне во 1-во одделение, е одговорно кон некои должности, родителот кон своето чедо, детето кон училишната клупа,сега ќе го учиме од 10 септември задоцнето да биде одговорно спрема задачите кои ќе му ги дадеме, секој граѓанин е одговорен спрема должноста и спрема граѓанските должности и законите на оваа држава и тука ние слушнавме од премиерот никој во Македонија не е виновен, не е одговорен, па се знае кои се најодговорни за моменталната состојба што се случува во РМ, како може некој да помисли дека е неодговорен. Одговорни се и овие 116 луѓе овде, макси-мално се одговорни.

Друга работа што ме зачудува овде, од оваа говорница барем десет пати слушнав од колегите потписниците на договорот, националното единство, рушење на националното единство, не можеме да го направиме националното единство, македонците се караат, македонците се тепаат.

Господа, па ние минатата година рековме излеговме од ВМРО-ДПМНЕ, рековме не сакаме договори за високообразование без да се знае која е конечната црвена линија и кој е договорот помегу овие два етникуми премиерот излезе и рече тоа се албанофоби. Не каменуваше, не тепаше, политичкиот реваншизам е на дело и денес кон нашите фамилии. Додека терористите се подготвуваа, вооружуваа и почнуваа да освојуваат  територии во РМ, вие господа македонци нас не тепавте и денеска ги тепате нашит е фамилии. Како да веруваат граѓаните во иднина дека ќе ги поправите нивните домови, нивните куќи. Видете кај куќата кај г-динот пратеник Горѓи Тодоров или на Миланчо Черкезов да ја видите оваа Влада ли ќе ја поправи таа куќа, па таа е неодговорна за неговата безбедност, за неговата куќа, а камо ли за толку разрушени материјални штети групно во многу градови. Како да веруваат *тџе* граѓани во тоа. Како да веруваме во националното единство кога додека се спремаше војна и тероризам во РМ, вие нас не тепавте. Вие ги тепавте македонците и откако ги степавте и откако и денеска е на дело вашиот реваншизам кон нашите фамилии кои не се криви за нашето политичко делување во парламентот, бидјеќи се сеуште испудени од работа, сеуште тероризирани, преместени од работните места без егзистенција многу од нив, наши членови на пратениците и дека сето тоа траеше вие имавте една успешна триумфална реакција на тетовско кале каде правевте серија, министерот, тогашен државен секретар за внатрешни работи праве ше серија на триумфи, шеташе победнички по калето, а македонската телеви-зија овие што се жалеа пред неколку дена во неколку наврати дека нема слобода во информриашето и викаа по новинарите горе дека новинарите се криви само нивната Македонската телевизија даваа серија недопирливи на еден човек со шешир кој оди и освојува албанско село додека терористите во Македонија освојуваа и беа на дело.

Преговорите се посебна приказна. Јас, нека ми извинат преговарачите, меѓутоа,  ќе пријдам од критична гледна точка на преговорите бидјеќи јас така ги доживувам. Тоа се посебна приказна.

Првата стапица во која влетаа е тн., сега може за тн. да зборуваме македонска страна, бидејќи во граѓанскмо општество никогаш не може да се поларизира на македонска и албанска страна во преговори, тоа може вс федерација или во бинационално општество, никако во граѓанско општество, првата стапица во која влетаа мудрите наши преговарачи, тоа е биполарноста, бивалентноста што ја дозволија во преговорите. Тука веќе тие влетаа во стапицата во која не смееја да влетаат. не смееја да дозволат странскиот фактор ситуацијата да наметне ние да се најдеме во ситауција на две страни, состојба на потенцијална сепарација која ќе се шири понатаму кон федерализација. Ова е цепање на македонската држава, прифаќа почетно што е веќе признавање на таа сепарација на постоење на проблем на две страни, признавање на проблемот кој може да се прошири кон федерализација и за тоа е одговорен преговарачкиот тим.

Од друга страна е одговорен што го негираше на тој начин граѓанскиот концепт на македонското општество за кое сите се декларираа, туку го промовираше денационалниот, бивалентниот принцип кој не е својствен за граѓанска држава.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Самите преговори беа вон институциите на системот, на начин непознат за земји кои се парламентарни, кои имаат свои избраници на народот, значи беше направен еден пуч со помош на претседателот на Собранието од четири до пет месеци на парламентарната демократија во Република Македонија, бидејќи легитимно избраните претставници на народот легитимно избраните претставници на народот, неговите претставници во овој највисок законодавен дом, беа спречени за време на преговорите да разговараат за проблемите на граѓаните и да ги елаборираат на ист начин како што денес ги елаборираме. На исти начин да ги решаваме, да даваме придонес, дискусии и да разговараме отворено за сите проблеми, спрема должностите што ни се дадени на изборите во 1998 година. Значи, преговорите сами по себе ја суспендираа парламентарната демократија и прашање е од тој аспект колкуимаа легитимитет да преговараат за некои работи зад грбот на македонската јавност и без доволна транспарентност.

Посебна приказна во преговорите е македонскиот тим. Нека не ми замерат, меѓутоа, еве од страна јас како го доживувам македонскиот тим, тие се наши претставници таму и ги почитувам како наши претставници, тоа се најголемите партии. Меѓутоа, еве како изгледаа од страна. Тие немаа заеднички концепт. Тоа е нотoрен факт на почетокот, без политичка етика кон заедничките проблеми и консензус околу проблемите кои требае да ги застапуваат на преговорите. Тоа го покажаа на неколку наврати за време на преговорите; а многу убаво го кажаа и по преговорите за време на овие два-три дена на парламентарното заседание. Во 99% од работите тие меѓу себе не се разбраа кој што мислел и што се договарал. Едни зборуваат дека вака бевме договорени, други зборуваат дека вака бевме договорени. Едни викаат го прифативме безусловно Рамковниот договор, едни викаат оставале простор да решат пратениците, тоа е страшна конфузија. Не е чудо еден ваков тим што доживеа удар уште на почетокот и што прими гол, речено со спортски речник. За тој гол и за почетниот удар потоа ќе кажам.

Во однос на легитимитетот, не сакајќи да го оспорам на никој легитимитетот најдобронамерно респектирајќи ја големината на овие две партии кои на неколку избори се докажаа со над 200 илјади гласачи сепак господа вие наспроти системот кој владее во Република Македонија немавте легитимитет. Можеби имавте легитимитет, како што кажувате, помалите партии, иако и тоа не е, токму во тоа е демократскиот однос спрема системот односот спрема помалите партии. Ајде, можеби немавте време за информирање за јавното мнение во државата, па да ги консултирате МАНУ или Универзитетот, воените ветерани и борците од НОБ, луѓето осудувани за идеите на ВМРО и самостојна Македонија, меѓутоа, јас тврдам Дека немавте легитимитет во своите партии. Зошто го тврдам ова? Ова го тврдам слободно и ќе молам да ме исправите ако погрешно некој момент од вашето делување сум испуштил, меѓутоа колку се сеќавам ни една од двете партии во ниедна програма на ниедни избори, во ниеден настап не најавуваше ваков тип, прво не најавуваше уставни промени, бришење на Македонската православна црква, менување на преамбулата и приод кон консензуална демократија.

Значи за да се има легитимитет со својата големина тоа требало да го етаблирате во својата програма и со такво нешто да сте излегле барем на едни избори и во некоја ситуација во јавноста. Вака легитимитетот не ви е сигурен, наспроти нив застана еден цврст уигран со единствена доктрина, десетгодишна доктрина албанскиот тим со единствена цел, со јасни намери и со јасен пат. Јас сеуште незнам дали тој пат половина од Македонија протекторат, дали сакаат да направат голема Албанија, дали сакаат да направат големо

Косово, тоа тие го знаат, јас сум сигурен дека го знаат, макотрпно работат овие 10 години на тоа и тоа го оставам на нив. Јас зборувам за нашиот тим, меѓуто ачхракт е вака компактно со единствена доктрина, со единствени цели излегоа пред македонскиот преговарачки тиги и на почетокот тоа е тоа 1:0 му дадоа гол, поставија екстремни барања. Зошто велам екстремни? Па тоа се барањата на Али Ахмети, односно барањата кои ги потпишаа на Призренскиот договор, сега македонската јавност мора да знае дека најголем дел од барањата што ги постави Али Ахмети преку албанските партии ДПА и ПДП во Република Македонија преку Призренскиот договор ни се ставаат на маса во Рамковниот договор. Тоа е нешто од што не можеме да бегаме. Е, сега вие сакате да го наречете триумф на ладни глави, победа на демократијата, на мудроста, капитулација, пораз, квалификацијата не битна, фактот е тој. Настапија на почетокот на преговорите со екстремни барања во однос на интересите на македонскиот народ.

Кога веќе македонската страна прифати прво биполарност во преговорите, бивалентност, две страни, кога веќе прифати преговори под притисок на тероризмот треба да се има тактика. На екстремни барања одговара со екстремни барања. По мое видување пример за екстремни барања ако веќе целта е граѓански права во Република Македонија, ако се цел на овие преговори, унапредување на концептот на граѓанска држава, македонската страна требаше да постави на маса барање за укинување на организирање на партии на национална основа во Република Македонија, па да зборуваме за граѓански концепт отколку да се поделиме на оние за левата идеа, социјалдемократската идеа, на оние кои се за либералната, оние кои се за народната идеа и тн. Тоа е граѓански концепт господа, што владее во целиот свет. Тоа требаше да биде првото барање.

Второто барање разговарање, поставување, можеби не е толку екстремно, на закон за малцинството во Република Македонија, иницирање на конференција за малцинствата во регионот, прилика сите тие прашања да се поставаат пред меѓународните олеснувачи и конечно неминовност нешто што го прави секоја правна и нормална држава во светот многу поригорозни мерки за учество во тероризам во Република Македонија. Силни казнени мерки а тероризам господа, вашиот олеснувач господинот Пердју ако го прашате која е мерката во САД, најригорозната мерка и казна во системот на САД за тероризам ќе ви каже смртна казна, тие имаат смртна казна за тероризам во своето законодавство. Така се сузбива, правна држава, така сузбива со ригорозни казнени мерки сузбива некои појави со кои не може да се справи правниот систем. Затоа има држави етаблирани правни држави, меѓутоа, тоа требаше за Мене да бидат екстремните барања на македонската страна од кои требаше да се оди кон средината и да се дојде до некое оптимално решение, а зошто мислам на оптимално решение сега ќе кажам во понатамошното размислување.

Зборувам за оптимално решение, бидејќи верувајте овде што сакаме да зборуваме. Кој која сака позиција нека ја застапи не поделено во јавното мнение, незадоволството од пристапот кон Рамковниот договор и се она што се случува со промени на Уставот. Посебно тоа во висок процент е изразно кај македонците, кај луѓето од македонска националност, кај православните македонци. Знаете тие како размислуваат? Тие за овие 10 години чувствуваат Дека дадоа концесии и отстапки и кон албанците и кон Меѓународната заедница. На почетокот беа демократски, сметаа дека во оваа држава, во интерес на државата треба да има албански партии и ќе се разговара на тој начин за демократски процеси во државата, а не за борба меѓу албанци и македонци, да се поларизираат работите во државата дозволија на почетокот, направија концесија да има организирање на национални партии што го нема во ниедна соседна држава.

Прво, го нема во Албанија, па потоа го еема во членката на Европската заедница Грција од која треба?да се учиме па го нема во другите соседни држави, а да не зборуваме во западните демократии еве во Америка Демократска и Републиканска партија иако има многу милиони шпанско население а таму е незамисливо да се прави партија на шпанци и да размислува како да тиепромени правата на шпанците односно американците од шпанско потекло. Направија концесии во однос на името, нешто што е најболно за еден народ. Направија под притисок, под присила уставни промени. Не се први овие уставни промени што ги правиме под присила. Да

кажеме дека полека се навикнуваме да правиме под присила уставни промени, направивте еднаш во претходниот Парламент, што донесоа тие уставни промени, дали ја променија меѓународната позиција на Република Македонија, дали некој проблем во односите со Грција решија или проблем со името што го имаме со Грција. Ништо од тоа не се реши со уставните промени. И тогаш се зборуваше дека ова се промени на ладна глава, без емоции кои ќе донесат пресврт на позицијата на Република Македонија во односите со Грција, во односите со Европската заедница. Што се случи ново од тогаш се поминати осум години. Направивме отстапка, концесија со знамето, пред една година направивме со високото образование.

Е, господа сега ќе ви кажам зошто се плашат од овој Рамковен договор и него прифаќаат македонците, бидејќи овој пат навистина е помината "црвената линија". А каде е помината? Знаете што респектиравме најмногу кај албанците кога настапуваа во барањата на унапредување на нивните права и на отстапување кон одредени права кои ги бараат. Најчест аргумент кој го изнесуваат кон нас тоа беше аргументот, ние не можеме да имаме помалку права во однос на оние кои ги имавме во поранешната држава. Значи не треба да дојде до намалување на редукцијата на правата на албанците во однос на претходно што го имале.

Е, господа албанци признавам сега ако ги направиме сите овие измени македонците, националните православните македонци во Република Македонија ќе имаат помалку национални права од СФРЈ, од Титова Југославија во однос на МПЦ која за прв пат ја доби автокефалноста токму во таа Југославија, а денес ние ја бришеме од Уставот и го потргаме столчето, фундаментот на кој постои. Во однос на консензуалната демократија која ја немаа во оваа држава во однос на апбанските партии; КОЈИ ГИ немаа во претходната држава, значи колкава редукција треба да е на правата на македонците и колку треба да се загрозени, а да не зборувам за оние македонци за правата од западниот дел на Македонија. Значи црвената линија во овој момент е господа помината, со тоа што има редукција, намалување на правата на македонците во однос на тоа што го имаа во СФРЈ и да не ве чуди југоносталгијата повеќе пати кај нашите граѓани и ностапгијата кон Титова Југославија, економски се уништани од дасатгодишното владеање, сега им ги одземаме правата кои ги имаа и им ја понижувама верата, им ја навредуваме црквата, мноуг лесно е да кажеме тука прагматично, емоционално да не постапува црквата да се откажа од некои свои права и состојби. Меѓутоа тоа се фундаменти на Македонската православна црква.Така да на ни е чудно однесувањето на нашита граѓани иако за мене не е оправдано и нема логика. Апсолутно со тоа не сакам да кажам дека нашата определба не треба да е јакнење на економскиот систам, на правење на правна држава, на евроатлантска итеграција, на приоѓање кон НАТО структурита. Меѓутоа некои тези ми се зачудувачки, лесно исфрлени во одбраната на Рамковниот договор и јас на тие тези едноставно на можам на оваа седница да *не* се осврнам. Посебно морам да кажам дека сите што ќе кажат на оваа говорница дека овој Устав кој го донасувама со овие промани е пограѓански Устав, апсолутно *ие* држат и немаат аргуманти. Многу е побивалентен, бинационален, биетнички Устав отколку сите претходни устави, дури и во Југославија. Тоа јас можаби не траба да зборам, ќе оставам на накој од нарадните говорници кои верувам ќа *се* осврнат на овој момент, маѓутоа јас ви тврдам дека во овој Устав во центарот на вниманиато не е ставен граѓанинот, поединецот и неговите права, баз разлика на националното потекло на граѓанинот, него се во прв рад ставени односите меѓу два етникума и остварувањето на односите меѓу тие два етникума. Претпоставка за овие промени а токму тоа. И тоа треба да го кажеме на граѓаните. Во накоја друга промена, во накоја друга фаза моажеби ќе траба да размислувама за пограѓански, а ова а Устав кој ствара фундамент, потенцијал а федерализација на државата, а федерализацијата е кончно разнебитување, непостоење на оваа држава Република Македонија и од тоа се плашат македонците и затоа што не се недемократи.

Инаку на таа теза често се надворзуваше најграѓански, најдемократски дека ќе биде Уставот. Тоа се фразите кои ги слушавме и за претходниот Устав при донесувањето од скоро истиот тим. Големите партии се истите што го донесуваа тој Устав, претседателот на Уставната комисија ќе биде исти, дури и креаторите кои ги донесовме како креатори на Уставот, стручњаците се исти. Значи капацитетот е тука некаде, особено, па незнам сега дали да им веруваме дека тогаш беше најграѓански и најдемократски Устав и тие потези беа најдемократски или сега им се потезите

најграѓански и најдемократски. Исто така не држи тезата која ја слушав надвор од Парламентот и овде многу често, ајде да немаме многу емоции како што беше кажано овде од говорницата адреналин, треба да повеќе да имаме ладни глави и прагма, разум.

Господа, нашите обврски кон законите, кон Уставот, кон државата која ја формиравме и чувствата кон неа немаат алтернатива, тоа не се емоции. Тоа се вградени чипови во секој граѓанин на Република Македонија, природно вградени. Тоа се должности не кон нас, не кон претседателот, должности кон татковината и не е ладна глава ако некој не сака да ги редуцира своите права и не е ладна глава ако некој не сака, не е моција ако некој се плаши од теророт дека ваквиот начин по сите овие аргументи ќе доведе до поучни решенија отколку овие. Инаку, јас ќе ви кажам еден пример. Сите тие што ќе зборуваат понатаму за емоции и ќе се прават прагматичари и ладни глави, јас ќе им кажам дека за жал освен нив неколкуте паметни и ладни глави, сите нас не воспитуваа со лектирата "Калеш Анѓа" и "Ајдучка чешма", каде што не учеа дека калешата Анѓа.грабната била однесена на потурчување во харемот и таму не ја продапа верата за жолтици за; прагма,за убав живот, за попрагматично решение. Дали калеш Анѓа не била со ладна глава и рагматична, или била патриот, дали била горда Македонка. Тоа го поставувам на сите оние што зборуваат за емоциите, зборуваат за нашите емоции, не воспитуваа во лектирите .веројатно ќе треба да го избришеме Столе Попов од лектирите и Видое Подгорец - "Ајдучка чешма".

Исто така не држи тезата за војна и за гиир. Тоа е црно-бело гледање на работите и воопшто не можам да се сложам со една таква теза бидејќи ниедна состојба што се случува не се решава преку ноќ, ниедна ситуација не се решава наеднаш со еден потез. За сложени ситуации има само систем на решенија, систем на повеќе решенија, систем на можни решенија. И дека оние што ќе гласаат вака ќе се за војна, а оние за мир, или оние се паметни што ќе гласаат вака или онака, воопшто не можам да се сложам. Еве јас би ја поставил спротивната теза. Може контратеза да поставиме која пак за мене не држи, дапи тие што ќе потпишат за Рамковниот договор или пристапување кон уставните промени се за капитулација, а другите не. Тоа е црно-белото гледање на работите. Секоја работа се решава системски, со многу решенија, со многу разрешување, со почит на сите луѓе кои можат да дадат свој придонес кон решавање на проблемите, моето е најдобро решение се друго е војна и заплашување на граѓаните во Босна, секој ден спомнување на Босна, на војната, на страдањата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**: (Продолжение)

Тоа не е во ред во остварувањето на политички цели. Ова е политички договор. Некој сака да оствари политички договор, политички цели, некој од побуди да ја спаси државата, некој од побуди да остане на власт повеќе години, некој од други побуди, секој си знае од какви побуди. Меѓутоа, остварување на политички побуди со заплашување е работа која не е во ред.

Исто така, не можам да прифатам една теза која овде се промовира - кој нема друго решение, кој нема алтернатива, треба да каже од овде кој има алтернатива и решение на Рамковниот договор. Господа, тоа е потпишан Рамковен договор и фазата кога требаше да се бараат алтернативи, други решенија и размислувања, пред да се потпише на 13 август, одамна помина. Мислењето на другите релевантни институции, на умни луѓе во Република Македонија, на умни и етаблирани институции во Република Македонија не е земено во предвид. И сега излегува овде на говорницата, алтернатива кој има за ова да каже. Па требаше да каже, ама никој не го праша во Република Македонија. Седнаа, се затворија четири луѓе, шест луѓе, дваесет луѓе со експертските тимови и донесоа финален документ, во кој не се бара од нас решение и размислување, туку размислувањето е еве ова, отстапката што ја бараат некои пратеници по дадениот потпис на нивниот лидер дека тие амандмански ќе реагираат, иако мислам дека и во амандманската расправа постепено ќе ги дисциплинираат и нив.

Инаку, дека постојат повеќе начини и не гласањето за ваквиот начин на приоѓање кон решавање на ситуацијата мораме да го оставиме за размислување на сите граѓани на Република Македонија. Се поставуваше тезата дали за војна или за мир. Па и за војна постои мирна војна, Гандиевската војна. Значи поетои лепеза иа решенија коинемавме време и реално не ги разгледавме и оттука не можеме да бидеме сигурни дека го донесуваме она вистинското.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека влезат пратениците во салата. Молам, повикајте ги пратениците да влезата во салата. Ајде да го дослушаме уште малку господинот Стојменов, па да видиме. Продолжете.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Може да продолжам?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете, само малку се во салата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

На овие тези кои ги спомнав, кои се за мене отворени прашања, кои будат кај мене дилеми, морални бунтувања внатре при размислување за сите овие случувања и за размислувањето како да гласам на крајот, се појавуваат и контра тези кои се за нас нејасна иднина во која влегуваме. А тоа се прашањата каде е црвената линија, каде е крајот на се ова што се случува и на ваквите отстапки кои ги правиме во однос на некоја идна демократија, идни реклаксирани односи и слично. Каде е крајот на тоа? Дали еве некој, Албанците, или во иднина Македонците, бидејќи се учат дека со сила се добива во оваа држава, по два или три месеци нема да земат оружје во рака после три, пет или десет години, ќе рипукаат и ќе бараат нова концесија. Каде е тука гаранцијата? Дали со ваквиот приод и почеток и прифаќање на оваа состојба не испраќаме порака дека луѓето треба вонинституционално да се вооружуваат за да ги остваруваат своите права. Тоа го нема во ниедна држава, ниедна држава не испраќа таква поракатжон населението. Овој Рамковен договор ја испраќа таа порака и ваквниот начин на однесување кон темата што ја имаме е несериозен во најмала рака и оди во тој правец, а тоа немаме право да го правиме заради иднината на оваа држава. Или пак ако некои пак тргнат со оружје, еве да претпоставиме сега Македонците со паравоени единици и да бараат екстремни барања за некои, па после да станат тие барања прифатливи со меѓународни олеснувачи, или други паравоени единици, АНА - ние се навикнавме во Македонија да се најде елита на разумни политичари, веројатно повторно истиот круг на политичари и со ладни глави добро да размислат и да направат нови концесии, договорот мораше да го сопре и овој можен иден процес во Република Македонија и тука е мојата резерва кон сето ова што го правеа.

Инаку, ваквото однесување кога премногу сме задоволни од она што го правиме кака луѓе, а во вистинскиот живот е нешто друго, е недобро, бидејќи и не случајно Македонија е последна која крена востание овде во Втората светска војна со вакви мудри и ладни решенија, последна која ја етаблира својата држава, последна која го решава името на овие простори, последна, која фактички сеуште ја немаат признаено под вистинското, уставното име Република Македонија во светот, последна држава без име. После сите овие потези во минатото, околу нас гледаме само голем број на наши победници во сите овие ситуации. Луѓе, сите сме поразени.

Уште еден аргумент не држи воопшто. Јас морам да се спротиставам, воопшто не сакам да се спротиставувам политички, сакам да се спротиставувам аргументирано. Малите народи правеле големи концесии. Имаме два мали народи произлезени од поранешна СФРЈ. Едната е Словенија, едната е Република Македонија. Ајде, да ги споредиме нивните концесии кој се голем народ, кој се мал народ. Ние сме поголема нација од Словенија. Кои концесии ги направија тие? Како го устроија нивниот систем? Па многу од господата овде што седат, седеа во клупите со тие луѓе тогаш, со неговите колеги седеше господинот Петар Гошев тогаш, беа во една држава, се бореа за конфедерација, за самостојност и сите тие процеси кои ги знаеме. Каде е сега во конституирањето државата Словенија и кои концесии ги даде на бројните малцинства, кои ги даваме ние? И колкава е големината на Хрватска како една од седумте најразвиени држави, како што е Италија, кога може да има јасен став по прашањето во Истра. Значи, тие имаат поголем идентитет и авторитет пред меѓународната јавност и кон населението. Значи, големината воопшто не стои како аргумент во овие размислувања. Големината сепак е нешто друго. Големината на духот и големината на потезите на една држава, а не е големината според бројката.

Исто така, сакам да кажам за недовербата и за мене загрижувачкото антинато расположение кое се шири од некои структури во Република Македонија, на кои им одговара во реализацијата во разнебитувањето на Македонија.

Господа, некој сака под маса да протури теза дека еве НАТО е поблиску до Албанците, а не до Македонците. Македонците треба да се спротивстават на ваквите тези. Па Америка и НАТО ги осуди криминалците, како што се г. Хаџиреџа кој вчера ни се обраќаше овде, господинот Хисни Шакири, господата од Косово и г. Џорџ Буш кажа јасно на цел свет дека тие се антидемократски, антизападно, терористи, без пристап во Америка, без почит во западниот свет. Такви луѓе во Македонскиот народ нема. Зошто ние, имајќи потенцијал да градиме позитивен однос кон големите сили кои реално гирешаваат проблемите во светот,

ние создаваме непотребна нервоза кон нив. Кон нив треба коректна разумна политика со почит, да знаеме што можеме од нив да земеме, да учиме и почитуваме, а што можеме да отфрлиме. Тие почитуваа аргументи и демократско мислење. Тоа се демократи со историја. Затоа, еве и јас ќе си земам за право, кажувајќи ја мојата

ориентација кон тие структури, да кажам за некои непринципиелни односи од нив кон Македонија, кои не ги респектирам и кои не треба да се респектираат и треба да се отфрлат. Не може се што доаѓа од таа страна да се прифаќа. Тие треба да го сватат стравот на Македонците од оваа криза, бидејќи ова не е прва бегалска криза на Република Македонија. Првата бегалска криза на Република Македонија е големата бегалска криза од Беломорско, од Егејска Македонија, кога се случи страшната трагедија на еден дел од Македонскиот народ кој беше протеран од своите вековни огништа. И сега има тука меѓу нас луѓе кои имаат потекло од тој дел на Македонија и кои можат да кажат дека на нивните татковци и дедовци кои бегале од огништата им е кажано да ја решиме кризата, ќе ве вратиме на огништата, ќе ви ги вратиме имотите. Дали тие имоти, дали тие огништа се вратени ние сите знаеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве информирам оти господинот Стојменов зборува веќе цел час, тоа не значи дека треба да прекине, но, бидејќи тоа не е чест случај, секогаш ќе кажувам кога некој ќе зборува цел час. Повелете.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:

Господине претседателе, јас би сакал да знам, да ми одговорите кои пратеници до сега од говорниците говореа повеќе од цел час бидејќи јас сум прв за кој кажувате дека зборува повеќе од цел час.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Цел час нема.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:

Досега немаше цел час?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Приближно толку.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине претседателе, ние ќе ви изнесеме докази дека не ја зборувате вистината, а јас сега ќе продолжам со говорот.

Дали се потребни докази да докажеме дека имаше говорници кои зборуваа цел час, да докажеме дека не ја зборувате вистината?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поарно е без докази.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Да нема докази нели, добро знам, знам, јасно ми е каков е вашиот однос кон фактите и доказите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е тоа однос кон партијата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине претседател, ниеден говорник не прекинавте заради времетраењето на говорот, немојте и мене да ме прекинувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете си, но само им кажувам дека еден саат зборувавте.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Да, меѓутоа, прво на мене ми кажувате дека еден час зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Доколку смеам да зборувам, дали штопирате и понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не ве запирам.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Тоа не е штоперица, со саат е нели?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ве стопирам.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Многу полоша ситуација е г. претседателе вие што работите антиуставно без кворум, отколку јас што зборувам еден саат за работите кои ме мачат во однос на она што се случува во Република Македонија. А вие тоа го правите три дена, работите без кворум. Еве сега избројте ги присутните пратеници, дали имате кворум како претседавач на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, едно време се собраа, но заради должината на излагањето напуштија, што да им правам.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

На почетокот на моето излагање немаше кворум, вие тоа го констатиравте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве и сега ќе ги повикам, ве молам да дојдете за да може да продолжи господинот Стојменов.

Молам, повикајте ги пратениците да дојдат во салата. Имаме говорник кој зборува и треба да го слушате.

Молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Повикајте ги нека дојдат, уште треба да дојдат.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине претседателе, кога веќе почнавте да се занимавате со квантитетот во Парламентот, имате точно 51 пратеник, пребројте ги или околу 51, и продолжете да се занимавате со квантитетот. Меѓутоа, би ве предупредил пред се да се занимавате со Уставот на Република Македонија и да обезбедите кворум.

(Дофрлување од еден пратеник: "Вистинските ги немаш, сите други ние сме тука").

Тогаш нема да работиме без кворум, нема проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, утврдуваме на кворум на почеток на седницата и на почетокот на секоја точка. Натаму верувајте дека е многу тешко човек да ги пребројува и да ги држи овде луѓето. Се зависи од тоа кој зборува, колку зборува, како зборува, и така остануваат, што да им правам. Исто така, која е темата.

Ве молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата, нека дојдат.

(Во салата влегуваат уште пратеници).

Ајде сега да утврдиме колку имаме во салата и дали можеме да продолжиме.

(Стручните служби повторно ги пребројуваат присутните пратеници во салата, но по пребројувањето претседателот пак вели):

Молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Нема кворум сеуште.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ниеден пратеник не е прекинат со опомена да му се штопира времето. Имаше неколку пратеници што зборуваа повеќе од еден час. Ако важат некои правила, нека важат. Мене ме опоменуваат за правила.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, повикајте уште пратеници да вле.зат во салата.

Во салата има 59 пратеници и уште два пратеника треба да влезат.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Во однос на постапките на некои посредници и емисари кои дојдоа во РМ да бидат олеснувачи и можеби да помогнат со нај-добра намера , морам да кажам дека се појавија некои недоследности и тука едноставно тие мора да се констатираат. Г-Бадентер дојде пред извесно време и кажа дека македонскито Устав, постојниот Устав е тој идеалниот, тој што ги пружа сите оптимални граѓански права и што е Устав со вистински граѓански концепт. Од албанските партии беше дочекан на нож. За да дојде после извесно време и да каже, е, ова се уставните промени кои се сега идеални и сега е идеален Уставот. Нависти кај нас тоа рпедизвикува збунетост на кого да му веруваме на Г. Баденте првиот или вториот пат. Проблемот со "жетвата" со бројките е навистина големо недоразбирање во односот на македонската страна и на државата РМ со НАТО, тоа е нешто што треба да се расчисти уште на преговорите. Меѓутоа тоа е нешто што очигледно не беше расчистено, ни за време на собирање на оружјето во однос на бројките, кое оружје и како, ниту до ден денеска е расчистено.

На крај, морам да се осврнам на прашаше кое е навистина кај мене предизвикува посебно негодување и заради што морам да реагирам во општата расправа на нив, посебно што за овие рпашања има и многу дописи од страна до сите нас парламентарците. Посебно, за местото и улогата на Македонската православна црква. Со можната предлог измена на член 19 , можно е со една ваква измена да направиме една работа, која повторно ќе кажам дека е под црвената линија и редукција на правата на православите христијани во РМ со одземањето на единствениот 'столб на кој се потпира Македонската православна црква. Во дописот

од Макеоднската православна црква ќе каже дека Македонската православна црква е единствен столб на кој се потпира Македонскаата држава. Ако ја избришиме од Уставот, таа ќе нема ниеден столб, ќе нема ниедна потпора, ќе ја уништиме позицијата во преговорите и во остварување на понатамошната автокефалност и односот со другите православни цркви. И самата вели , исламската заедница зад неа стои целиот муслимански свет, на Католичката црква

столб е Ватикан, зад протенстанските заедници стојат сите моќни протенстански центри на запад, а единствено зад Македонската православна црква стои Македонија. Ако и овде ја избришеме Македонската православна црква, навистина и го тргаме столчето на кое што седи, ги сечеме темелите врз кои е заснована и врз кои ја доби афтокефалноста. На тоа нешто немаме право, бидејќи ќе ги навредиме чувствата на мнозинството православни христијани кои живеат во РМ , а тоа се и македонците и власите и србите, бугарите и тн. кои се исто така  од православна христијанска исповест  и само такво нешто е незамисливо во една етаблирана  држава каква што е Грицјија, Србија и Русија, преговори околу состојбата, околу статусот на православни цркви во нивните држави.

На крајот, само да дадам поддршка до сите оние што ја кажаа онаа измислена броја од 20% . Тоа е иновација во македонскиот Устав, процентите несмеат да постоја, ниту се препорака од Бадентер, онаа порака што ја видовме споредбена дека Бадентер не ги препорачал 20% ќако минимум за однос спрема малцинството и тука можеме да спориме со нив. 20% и натаму ќе ги проценуваме меѓутоа некој за да бара учество кое е над 20% во јавните институции на РМ , треба и да нема само 18% учество во армијата на РМ пред кризата. Тоа е податок кој го има до сите пратеници во Републичкиот парламент одпстрана на министерот за одбрана, тој го има дадено во однос на националната застапеност во АРМ. Е, сега, вака, Известупајќи сите овие аргументи кои ги спомнав денеска, сите ние пратениците ги чувствуваме во една етична, морална позиција како треба да се однесуваат. Барем јас тоа така го чувствувам во мене, а за оние кои расчистиле, незнам.

Спрема нас во овие моменти се поставува пргшањето каде одиш сега? Апостол Петар избегал од Рим пред теророт на единствената моќна светска сила, на единствениот цивилизиран свет на Римското царство. Го прашал Господ каде да оди? Господ го испратил назад во арената кај христијаните, меѓу лавовите, во тегобите. Без разлика како и да гласаме, мислам дека местото на сите тука 116 и на сите што се на јавни функции е таму меѓу христијаните, меѓу народот, во проблемите и дека никој со волшебно стапче нема да го реши статусот , иако христијанството се изборило понатаму за своите позиции, иако било во право над него постоело моќното Римско царство,; кое владеело во тоа време.

Затоа, дилемите во однос на сегрегација на граѓаните што правиме со овие по национална основа, можност за идна федерација, можното понатамошно во мир низ етничко чистење, идниот статус на македонците и можното конечно разнебитување на македонската држава, за мене, сепак , ја прави оваа дилема појасна опција , дека сепак нетреба да го дадам гласот за приоѓање кон уставни промени, бидејќи не се исполнети основните услови за тие вистински, демократски да се служат онакви , какви што сите посакуваме. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште Г. Симев Вангел и после одиме на ручек.

Г. Котевски што бара? Нели тој се откажа.

(Г. Котевски инсистираше да излезе на говорница и излезе на говорница да зборува)

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Прво ние не сме мали деца овде, ниту ученици. Најсериозно пристапивме кон оваа иницијатива на рпетседателот на држават. Јас немам намера ниту да се играм ниту да се коцкам овде. Што се однесува до мене за мене можам да кажам, за другите ниту гарантирам. Меѓутоа, сериозниот пристап, навистина, треба да го имаме. Неможе по секоја цена да кажеме, ајде сега откажетесе или не се откажувајте. Човекот е мој колега, мој пратник , член е на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, ме прозва и навистина треба нешто да кажам.  Не е ова сега намерно за да ја оддолжам седницата да трае уште два или три дена. Јас од сето она што го зборуваше. Златко во голем дел го поддржувам, како и многу други овде што зборуваа навистина искрено ги поддржувам. Но, не се сложувам со една работа што овде уште од првиот парламент на РМ, не е конструирано така да функционира како што треба во оваа држава во тој систем. Тој зборува за Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Ние не ја имаме само оваа Комисија како помошно тело. Навистина, ние како комисија сите материјали што доаѓаат треба да се проследат во Комисијата и да дојдат на собраниска сендница со одреден став. Мегутоа, затоа ние соодветно на тоа имаме извршна власт, имаме ресорни министерства од кои се храниме и добиваме одреден материјал, одредени информации кои треба да ги проследиме.Мојата совест тука е сосема чиста, Јас повеќепати барав и

господинот Стојан Андов знае дека баравме за вонредна седницас за безбедносната состојба во Република Македонија. Меѓутоа, настаните беа такви, имашпе промена и во Министерството за одбрана, на ресорниот минкстер, па дојде друг министер и тн. и тие работи се оддолговлечија и на крајот дојдоа овие преговори, фамозни преговори за промена на Уставот на Република Македонија. Сакам да кажам секоја држава кон сите институции и овие институции на Собранието на Република Македонија треба да се приоѓа најсериозно и најодговорно до крај. За жал, повторно ќе констатирам, и овие комисии во Собранието на Република Македонија, сакате постојаните, сакате анкетните, тие се една голема фарса. И, ние како пратеници, на Република Македонија не ги уживаме уставните права што ми се загарантирани со Уставот. За жал, трет мандат, ние кои по два пати и по три пати сме биле овде не се изборивме за нашите позиции. И, тука, години Стојменов, нема на кого да се лутите. И вие сте еден од актерите кои глумите во оваа претстава. И јас сум еден од тие актери. Но, знаете како, паметните држави кои имаат голема традиција, кои имаат голема и висока свест за својата нација, за својата држава, за институциите на државата ги бранат знаете како и со крв ги бранат. На времето правиле и ломачи, сечеле и глави, за да опстанат. Ние многу лесно и многу едноставно се предаваме. Словенија, ние ја знаеме и во поранешна Југославија, имаше најдобар естабилишмент на стручни луѓе и сите програми и сите пари на поранешна Југославија се сливаа како програми во Словенија. За жал, Македонија беше експериментално подрачје. Од 1999 година па до денес ние повторно си легнавме на ушите и изигруваме полтронски народ. Јас од тоа најмногу се плашам. Ние сеуште изигруваме полтронски народ. Полтронски пратеници, полтронски послушници на лидерите, полтронски послушници на претседателот на држава, полтронски послушници на претседателот на Собранието и допуштаме во името на граѓаните и големата волја на граѓаните да правиме што сакаме ние го немаме тоа право да правиме што сакаме. Секоја земја се брани и со луѓе и со крв. Тој што отстапува мора да се оди од политичката сцена и како казна на нацијата треба да не постои. Ние или ќе се бориме или сакаме да учествуваме во овој систем на оваа држава, или не, да кажеме. Ако сме мажи, а ако не, после сите овие нешта, сите лидери на политичките партии и сите првенци треба да си одат како лидери на оваа држава. Тоа е крај. Ако имаат малку чувство на одтоворност, а Горги Котевски е најмалку важен за мене, мене нека ме нема анулирајте ме како човек. Јас секогаш сум најсериозен и го молам претседателот на Собранието еднаш да излезе во јавноста и во сите гласила, во сите три мандати да види кои биле најприсутните луѓе овде и кои учествувале во сите тела и каде се патувале и што правеле во оваа држава. Дајте да излезиме, а не, кој ќе дојде овде, добредојде во Република Македснија. Ги храниме, ги најадуваме, непроколарно и да не треба ние ги нарушуваме и на крајот ни ја земаат државата. ако, продолжете така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, морам да појаснам г-дин Котевски, ...

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Вие немате право овде со двајца луге да држите Собрание. А, тоа цело време постојано го кажувате дека јас сук пркнципиелен. Тоа е транспарентна работа. Јас не сакам да изигрувам клсен овде во ова Собрание, или ќе ме има или ќе работам како што треба или да ме нема. Јас имам достоинство како човек. Не сум кретен и не сум дебил. Кој е дебил нека си оди од оваа држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова што г-динот Котевски го искажа не е тслку битно, секој си има свој стил, но јас саскам да појаснам дека нарпстина г-дин Котегвски, беше спомнат, не по име, јас тоа не го згслсжав, а тој е претседател на комисијата за одбрана и внатрешни работи. Значи, во тој контекст беше спомнат и имаше право на реплика, а јас изумив дека е тој претседател на таа комисија. Тоа е што сакав да појаснам. А, ова дали треба да се тепаме, јас предлагам, сепак, само да расправаме и да продолжиме.

Дали се согласувате?

(Се согласуваат)

За збор се јави г-дин Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и гсспсда пратеници, почитувани грагани на Македонија!

Денес расправаме и воедно ја пишуваме истсријата на Македонија. Најпрвин треба да си ја задржиме државата, па тск потоа да ја пишуваме историјата на Македонија. Не само историјата, дснес треба да ја задржиме Македонија да остане на географската карта. Или, да ја снема за век и векова од географската карта. Денес и деновиве сите губиме. Губиме, господа, и

вие кои на многу нечесен начин ја испокрадовте Македонија и дозволивте дас дојде до овој степен кој сега го имаме. И, ние кои како пратеници и граѓани изгубивме се што имавме она многу малку, сите губимег затоа што ќе немаме држава.

Со овој предавнички рамковен договор се виде лицето на двете партии, кои од осамостојувањето до денес, од 1990 година до денес владеат во Македонија. За нив би рекол дека тие се родени и воспитувани без идеали. Па, затоа немаат ни визија, ни чувство за државност, а најмалку за национална идеологија, без која не може да опстане ниедна држава.

Во овие судбоносни денови за Македононија, треба сите Македонци каде и да сме низз светот да се сплотиме. Бидејќи се кова нов заговор за Македонија. Крвавата злонамерна и предавничка историја. Кога ја делеа Македонија сега се повторува, само поради ненаучената лекција од минатото.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**: (продолжение)

Господа пратеници, ние треба да ја н аучиме лекцијата што ни се повторува. Таа е многу едноставна, само треба да се сака. Меѓутоа, треба да се научи и дас се сака државата.

За судбината во Македонија во минатото решавале наши македонски претставници. Незатоа што ние не сакавме, ние баравме да имаме претставници. Но, затоа што немавме држава, не ни беше дозволено. Не ни беше дозволено ние да присуствуваме на поделбитч на Република Македонија.

За жал, денеска кога имаме своја, сопствена унитарна држава, ние учествуваме во распарчувањето на државата.

Оваа наша држава, која е призната, со свој народ, тери-торија и граница, ни дава за право, самите да си ја решаваме судбината, како ќе ја кроиме државата. И кој систем на уредуваше ќе го одбериме. Секое друго мешање однадвор е недозволиво. Некој од колегите спомна, ако му се дозволи некому да ви се меша во фамилијата, таа фамилија нема долг век. Истото се случува и со државата.

Поради наведеното, господа пратеници, ставете го прстот на главата. Размислете, дали ќе го потврдите предавството и ќе станете заверувачи и учесници во распарчувањето.

Доколку, предавниците го прифатиле срамот на овој Рам-ковен договор ние како претставници на граѓаните, кој го дале нивниот глас и верувале во нас, сме должни да им се оддолжиме. Нашата држава трегба да го реши овој проблем, и што западна во оваа криза преку амандмани, а ние како пратеници треба да најдеме излез да го прифатиме она што дозволува албанците да се интегрираат во системот и она што е поволно, оваа држава да остане. Се што е на штета на државата, па дури и меѓународнотс право, доколку е на штета на државата не би смееле да го прифати. Јас сакам, исто така, да ве потсетам: народот еднаш преку Референдумот се изјасни. Тој е едногласен, Уставот не го даваме. Ако има потреба господо граѓани, народот и по втор пат ќе излезе на референдум. Народот ако треба и по трет пат ќе излезе на референдум и ке си го каже својот збор. Грешката е направена. Таа грешка е направена од СДСМ и од ВМРО-ДПМНЕ, што не не повикаа, нас помалите политички партии, во оној момент, кога е донесен договорот да се договориме, што ќе прифатиме од овој договор а што ќе одбиеме.

Ние мораме да му кажеме на светот дека сме единствени, и дека не може се да прифатиме, без оглед, на силата. Не постои поголемо чув-ство и поголема одговорнсот за државноста. Не постои поголемо зло, од предавството. И, не постои ништо повредно, од државата. Државата е нешто највредно што го има. Неа не смееме да ја дадеме.

Господа пратеници, крајно е време отворено по име и презиме да им се каже на сите досегашни грешници, за да не ни се повтори историјата. А таа постојано ми се повторува. Возот веќе тргна. Се движк Ние треба, најпрво да го стигнеме, па потоа да се качиме во него. И дури откако ќе се качиме да ја спасиме државата.

Господо пратеници, цивилизираниот свет влезе во новиот миле-ниум. Како подобар обичај ние македонците влезот го грешиме, па и сега го погрешивме. Влеговме во погрешен влез. Влез, кој не однесе во војна. Имавме претстакжувања дека не очекуваше војна и од наши аналитичари, и од новинари, и од граѓани, и од меѓународната јавност.

Меѓутоа, за жал, нашето раководство не сакаше ништо да преземе и немаше капацитет да ја увиде опасноста, која и претстои на Македонија и многу мирно, ладнокрвно, ја прифати оваа предизвикана војна.

Причините на сите ни се познати зошто? Во понатамошниот текст јас ке ги наведам:

- господа пратеници денешната расправа е историска. Таа е историска бидејќи е библиска земја. На овие простори, живееме неколку илјади години . Имаме придонесено многу за цивилизираниот свет, дури им дадовме и писмено. Меѓутоа, дојде време дојденци и натрапници, кои живеат немколку денови, недели или месеци во нашата гостопримлива татковина, дас го земат оружјето во рака и да не прогонуваат од нашите вековни огништа.

За жал," тао некој им го дозволил. Поради Рамковниот договор кој нуди дезинтеграција на македонската држава и нација, со белег на предавство и капитулација, денеска, нема да одбирам з борови, да ја кажам вистината. Некому можеби, м ојата дискусија ке му се допадне или не. Меѓутоа најмногу сакам мојата дискусија да му се допадне на наро-дот, и сакам искрено ова да з аврши за доброто на народот.

Мојата дискусија, има за цел да ја разбуди свеста кај прате-ниците и кај граѓаните на Македонија. Да го подигне патриотското чувство кај немоќниот македонски народ на кој секој а посебно политича-ите му свртиле грб.

Истовремено сакам да го жигосаме предавничкиот вандалски оддос на македонските партии и пратеници., поради изреченото: размислувам како да ги именувам потписниците, на овој срамен рамковен договор. По мене, тие з аслужу ваат да бидат именувани,како македонски предавници. Тие се најголеми од постоењето на Македонија до денес. Тие што го потпишаа овој срамен предавнички договор, не чувствуваат, односно не се чувствуваат како македонци. Тие си имаат обезбедено место да живеат во друга држава. Тие нека не заборават дека овој, мирен, трпелив и осиромашен, ограбен македонски народ, од двете најголеми партии СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, еден ден ке им суди. Ке ве колне вас и вашите најблиски.

Неговата порака е:Каде и да сте, нема да имате мир и среќа, затоа што парите во тугина не носат среќа туку немир, кошмар, и каде и да сте, ќе ве прогонуваат. Ќе ве прогонува македонското чувство за државата. Потписниците на рамковниот договор, како ќе му објаснат на својот народ, дека барањата на Али Ахмети, се потполно прифатени. Дали тие размислувале како тоа ќе го разберат семејствата, кои ги завиле во црно, токму тој Ахмети. Исто така, не смеете да заборавите, на нашите бранители, кои во вас веруваа и го дадоа животот. За да ја одбранат оваа татковина. Какви идеали ќе имаат другите кои треба да ја бранат оваа з емја, доколку на хартија напишаме предавнички договор.

Дали има присила, или н е, јас во овој договор не слушнав. штом за тоа никој не рекол, значи, тоа е волја , исклучиво на потписни-ците. Дека ја кажа вистината за тројното предавство, за тројцата македонски грешници, доволно ги наслика нивните ликови за време на потпишувањето на нивните изјави. Односно, на свечените изјави.

Господо,Љубчо и Бранко и Борис, вие повеќе нали кувате како да си ја погребувате сопствената држава. отколку дас личите на луѓе спасители на оваа наша држава многу сакана Македонија.

Ке кажам еден настан од античко време од времето на Филип Македонски.Кога се зацврстуваше Македонија на мала државичка постојанс и пркосеше и сакаше територија да одвои од Македонија. Филип Македонски беше мудар и постојано и опасностите кои ги имаше пред себе, таа е мала државиче. Државичката почна да користи итрини. Да ја бара ќерката на еден од војсководачите на Филип. Филип кога ги повика советниците, советниците го советуваа. Добро е да влеземе во крвно сродство да не војуваме, бидејќи оружјето ни тропа на вратите на Македонија. Советниците беа послушани од Филип, Филип ја даде керката и крвно се врзаа, но врската не била со добри намери, врската била и за да се види кое оружје го поседува и кои квалитети ги има македонската армија. Така таа мала државичка дознала дека Македонците се добри, кога војуваат на коњи а посебно со своите копја. Па побараа за возврат бидејќи сега силно се врзани да им се отстапат копја и дас им се отстапат од највалитетната коњаница. Филип повово ги повика советниците, совентиците повово им одговорија да им дадеме нема потреба да војуваме тое мо се уаламиваат. Значи, отстапка по отстапка.

Филип им даде и копја и коњаници. Очекувајќи во иднина ако се јави нов непријател дека заеднички ќе војуваат. Не господо. Напротр Тие се спремаа да војуваат токму против Филип. Не помина долго време објавија војна на Филип на Македонија, Филип повово ги повика совет-ниците и ги праша: Дали да војуваме или да им ја отстапиме територи-јата која ја бараат. Господо дали знаете што им одговорил

Филип. Ако не знаете ќе ви кажам. Филип им одговорил гласајте господа советници. Гласаа советниците. Сите што гласаа да им се дадат територии, знаете што им следува. Никој не бара такви казни сега. Но затоа во правна држава се одговара. Секоја грешка некој мора да одговара, кај нас за жал никој не одговара. Затоа не сакавте правна држава ни вие господо од СДСМ а најмалку господо вие од ДПМНЕ кои ги критикувавте.

А,исто така дали знаете зашто Филип Македонски створил покасно силна држава. А зошто ние сега немаме држава. Господо ние немаме држава затоа што не можеме да ги разликуваме предавниците од непредавниците од чесните, вредните и трудољубивите граѓани па и политичари. А додека Филип точно го разликувал. Предавниците ги презирал ги проколнувал и ги протерувал. Дека сето ова што го искажав за Филип ќе морам и да ви прочитам поточно да го цитирам.

"До предавниците на Македонија од Филип II крал на Македонија 24 цутни, 336 година пред н.е. Ги проколнувам предавниците од родот мој со клетва голема **и** еднаква на срамот. Изроди едни Проклетство нека ве прати за целиот живот. Сите небески молњи врз главите ваши празни, нека се струполат. Зошто постои зло во веков и светов во вас да се вклешти.красти, јулери, струпести, душите продадени дас ви ги вадат, крокодили остро заби, утробата да ви ја раскинат. Орли крстотни на карпа вжештена труповите да ви ги черечат. Паднав на коле-на од се срце ги молам, боговите себични, сета келнапија небесна и земна и на овој и на тој век врз вас да ја истурат. Изроди едни што ја турнавте Македонија во пропаст да понира. Со пристанот ваш и името свето да и го гонат. Затоа што се главивте туѓиваздали да бидете. Ја оставивте Македонија на милост и немилост'.

Од осамостојувањето до денес судбината на Македонија требаше да ја решат СДСМ и ДПМНЕ. Не ја решија ни едните ни другите. Зашто не ја решија. Не сум ни економиста ни правник. Си земам за право само гласно да размислувам и да заклучам али дедуктивно да заклучам врз основа на моите сознанија што ги имам и она што го имам прочитано. Секоја држава господо се темели на три столба. И, истовремено ги пови-кувам сите оние кои сакаат да направат држава во иднина или тие што ќе дојдат на власт што ќе освојат да обрнат врнимание на овие три столбови кои сега ќе ги напомнам.

И тоа првиот столб е да створат правна држава, Вториот столб е, да створат пазарна економија и Третиот столб е да имаат своја национална програма. Се друго е залажување. Без првиот нема ни еден. Овие се во висока корелација господо. И да не се лажиме. Многу лесно ќе дојдеме до следниот заклучок. Двете партии, кои беа на власт, не спрове-доа правна држава, не спроведоа пазарна економија и немаа национална програма. Од наведеното можеме да го изведеме следниот заклучок. Владеењето на СДСМ и на ДПМНЕ е типичен школки примен како може за најкратко време да се разгради и распарчи една суверена држава. Свежи ни се сеќавањата на дваицата премиери за двоумеењето на најлути политички противници, тие на последните предизборна кампања во меѓусебните дуели си кажаа се и се што за своите недостатоци. За краток временски период од лути противници станаа блиски сојузници. Може би некој ќе праша што можело за толку кратко време толку силно да ги поврзи. А згора на тоа дури и во воени услови. Одговорот е познат, само луѓето од СДМ и ДПМНЕ з наат што ги поврзало. Ние можеме само да претпоста-виме што е тоа, па си земам за право спрема она што сум го прочитал и деновиве што го слушнав дека тоа е на СДСМ им се отстапува ЛИНК -ТЕЛЕКОМ, како една од најпрофитабилните дејности во овој момент, што остана уште неразграбено од претходните. Кои место да градат разградувале. Тогаш прашувам господо, кој ќе ги штити интересите на Македонија, ако не ова широка коалиција. И уште нешто. Знаете ли зошто по изборите никој од СДСМ не одговараше дури ни за грабежот преку пирамидалните штедилници познатата ТАТ во Битола.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**: (Продолжение)

Одговорот сите го знаеме затоа што и ДПМНЕ да одговара сега. Зарем на овој начин ќе градиме држава? Одговорот е не. Само треба да го изнајдеме правиот пат доколку сакаме да створиме држава.

Господата од СДСМ владееа скоро два мандати со претседателот Киро Глигоров и премиерот Бранко Црвенковски. Вие не убедувавте дека Македонија е оаза на мирот. Ве прашувам господа од СДСМ зарем толку бевте кратковиди или ви се случи фатаморгана каде пустината ја видовте како оаза.

Господа од СДСМ не заборавајте дека вие им овозможивте 150.000 државјанства да се добијат, иститe тие сега војуваат во Ма-кедонија и против Македонија и бараат

територија од Македонија. По-крај наведеното вие спроведовте најлоша форма на приватизација со најкриминоген модел на приватизација која придонесе да се затворат скоро сите фабрики и најголемите претпријатија во Македонија.

Вие господа од СДСМ наместо да ги поставите темелите на правната држава вие ги поставивте темелите на криминалот, шверцот со оружје, шверцот со дрога, проституција и други видови на криминал.

Господа, требаше да знаете дека лошо поставените темели на правната држава ќе ја спречат појавата и развојот на пазарната економија.

(Во 15,20 часот со седницата продолжи да раководи Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието).

Гспода,, во вашето владеење пропадна и еден од најголемите проекти "Вардарската долина". Господа, пирамидалните штедилници се ваше дело.

Господа од СДСМ вие се откажавте од вековното библиско име Македонија и рековте дека ќе ни го вратите за краток временски период, за жал, сеуште го немаме не само името, туку и државата, ако продолжиме вака ќе ја немаме.

Господа од СДСМ вие се откажавте од вековното и најмакедонското знаме - сонцето, за жал, можеби што се откажавме од тоа сонце па не можеме да видиме ни сонце ни бел ден. Постојано работиме во темнина.

Господа, вие се откажавте од малцинствата кои живеат во Егејскиот дел на Македонија. Господо од СДСМ исто така не потценувавте и водевте многу пасивна политика спрема нашите малцинства кои живеат во соседните земјиа за пример ќе ја земам Албанија која е генератор на кризата на Балканот. Моравте да ја видите опасноста, а не претседателот ваш и наш тогаш Киро Глигоров кој бараше еквидистанца, мораме да се зближиме само што не почитува и од кого имаме интерес, бидејќи е време на интереси. Тие истите во Албанија тврдат дека Македонија е Титова творба, дека Македонија постои по Втората светска војна. Ние не знаевме да им кажеме на истите со кои војувавме, тогаш беа балисти, сега терористи, тоа е едно исто. Да бараме репарација од нив и да бараме нивна осуда, да им кажеме дека Македонија војуваше баш против нив и со сојузниците, а не со фашистичка Хитлерова Германија, а тие албанците воју-ваа баш со фашистите. По се изгледа фашизмот се повампирува баш од Албанија.

Господа од СДСМ вие сте тие што постојано вршитеотстапки на државните интереси во Македонија дури се заканувате на вашите пратеници дека ќе ги отстраните од партијата и ќе ги изгубат привиле-гиите доколку не гласаат за договорот. Господа од СДСМ дали има нешто посвето од државниот интерес, да ве прашам. Сакам да ми се одговори. За мене одговорот е не, сите граѓани во Македонија, убеден сум, дека тоа ќе го потврдат, незнам уште од вас.

Господа од СДСМ треба да знаете дека човек кој не си ја сака родната земја не е достоен да живее во неа. Народот одвај чекаше господа да дојдат нови парламентарни избори и еднаш засекогаш да го снема СДСМ од власта, за жал, дојдоа уште полоши од нив. (смеа во салата), да кажам нешто за полошите.

За изминатите три години имам впечаток дека претседателот на државата и премиерот воопшто не биле заинтересирани за состојбата која владее во државата. Или живееле во големи заблуди или можеби свесно не сакале да ја дознаат вистината за опасностите кои и претстојат на Македонија.

А) Главна нивна преокупација беше по секоја цена да се одржи коалицијата со Џафери. Да се земат што е можно повеќе провизии, да се обезбеди што поголем капитал за себе и за своите деца, да се дисципли-нираат пратениците, бидејќи неможевте сите, 6 се одметнаа. Да се вра-ботат што повеќе партиски војници на клучни позиции. Премиерот дефини-тивно по освојувањето на власта се откажа од слоганите и ветувашата кои го доведоа на власт, а со тоа се одроди и од македонскиот народ. Распродавајќи се што вреди во Македонија, како да е туѓо.

Премиерот се откажа од слоганот "најмакедонска партија", а премина во "бизнис партија".

Ценејќи го времето и значењето на расправата, ќе спомнам само едно од купопродажбата. Ке ја спомнам само Стопанска банка. Од акционерите секретарот на партијата Војо Михајловски, момчето за се, не знаев дека и фудбал играл, Ламбе Арнаудов и неговиот шефер. Сметам дека коментар не е потребен. Таканаречената, колку што можам да прочитам некаде, незнам кој е кум "ергенска тројка". Истоа така премиерот се откажа од најсилниот, најмакедонскиот слоган "чесно и домаќински".

Господа, македонецот со векови го красеше чесноста и домаќинскиот настап, за жал, од осамостојувањето до денес таа особина како да не постои во Македонија. Мораме да ја вратиме чесноста и домакинскиот однос доколку сакаме да створиме држава.

Премиерот во тригодишното владеење направи многу отстапки спрема албанското малцинство. Не затоа што беше обесправено, туку затог што тој се плашеше од губење на власта. Тоа многу добро го знаеше Џафери и постојано му се закануваше со излегување од власта, а премиерот постојано вршеше некои отстапки во духод на човековите права.

Многу тешко ми паѓа кога ке се потсетам на изјавите на премиерот и претседателот на државата за лесно искажаните зборови дека меѓуетничките односи во државата се релаксирани и дека постои многу голема доверба и разбирање помеѓу претседателот на Партиијата на ДПМНЕ и претседателот на Партијата ДПА. Дека никогаш не сме имале толку добри меѓуетнички односи, врз што ги телелеа таквите изјави првите луѓе на државата, изгледа дека само тие знаат. Мој впечаток е дека тие многу наивно му верувале на Џафери или биле заслепени од заедничките профити, но поради тоа и не можеле да ги забележат опасностите кои претстојат на Македонија. За нив воопшто не беше битно откриеното големо количество на оружје во разни бункери, скривнци, пештери и разни други места, а уште помалку беа заинтересирани за неоткриеното оружје во државата. Жалосно што во изминатите три години, односно 11 години немаше кој да стави прст на глава и да се запраша зошто им е толку оружје на албанското малцинстЕО? Да е за јадење некако ќе се оправда, да е за пиење и така и така може да се оправда, де е за некакво производство било какво и тоа можеме да го оправдаме, а\како можеме да оправдаме кога сите знаеме дека тоа служи само за убивање и тоа за убивање на луѓе. Како никој тоа не можеше да го предвиди, кога имаме луѓе кои добро се платени и тоа им е должност.

Господа од ДПМНЕ, не спроведовте правна држава и покрај тоа што најмногу ги критикувавте СДСМ токму затоа, но затоа ни создадовте тоталитарен систем за да можете да правите што сакате.

Господо од ДПМНЕ наместо пазарна економија ни донесовте партизирана економија, каде шоферите станаа дури и акционери на банки.

Господо од ДПМНЕ воопшто не бевте заинтересирани да го спречите криминалот, корупцијата, шверцот со дрога и оружје како и голе-миот број на афери. Додека се расправаше за една афера веднаш следуваше друга, како порачана.

Да ви кажам право за неколку афери се подготвував да дискутирам но на ниедна не дојдов на ред. Се сеќавам за Телеком точно бев на ред исто така ми е во сеќавање кога седницата беше прекратена од господинот министер кога ни соопшти, а ние сеуште расправавме, дека Телеком е продаден. Срамно.

Кога се подготвувавме за прислушкувањето, кога едвај чекав да кажам што имам да кажам и дека не е место да се прислушкуваат чесните граѓани дека има кој да се прислушува, исто така не дојдов на ред да кажам. Добро е што дојдов на ред на оваа седница да кажам она што мислам за доборото и иднината на Македонија.

Господо со прислушкувањето си дозволивте да навлезете во интимноста на најчесните граѓанигво Македонија, а местото за прислушу-вање им го отстапивте на други или воопшто не ги прислушкувавте криминалците и непријателите на државата. Ним им дозволивте или учеству-вавте со нив заеднички во заедничкиот криминал. Вас господо воопшто не ви беше значајно омаловажувањето на науката и стручноста, а ветувавме како партија додека бев тогаш во ВМРО, дека ќе се залагаме за младите стручни кадри, а не дека ќе испраќаме во неповрат секоја година по 20.000 најстручни, најквалитетни стручни кадри, за жал, бегаат најквалитетните кадри ќои навистина не можат ова да го поднесат.

Господа свесно ги разграбивте одбранбените системи каде спо-собните ги заменивте со неспособни и некомпетентни. Исто така вие поста вивте партиски личности кои работеа против државните интереси за што следеа голем број на предавства. Имам сознанија дека некои од вработените соработувале дури со паравоени групи. Но, тоа треба да го докажат луѓето кои за тоа се платени.

Како резултат на ваквите структури беа несватливи дури и за малите деца кои си играат камај некои одлуки што ги презедоа командирите кои војуваа на ова наше боиште за да ја заштитат Македонија односно да ја одбранат Македонија.

Без стручно научно анализа и сознанија многу лесно и безболно беа продадени виталните и најпрофитабилните

компании со што Македонија стана економски зависна, се само заради некои проценти од 10 и повеќе.

Криминализираната влада најчесто оправдување во големиот број на афери и криминални дејствија наоѓаше во зборовите "и вие тека работевте" им возвраќавте на СДСМ, од вас научивме и вие распродадовте и вие примавте провизии и вие прислушувавте.

Господо не заборавајте баш дека тие така работеа си отидоа народот им врати, како што им врати, истото и вас ве очекува.Дека се што кажав до сега е точно, доволно зборуваат аргументите, дека ни една афера со криминално дејствие до сега неге откриена до крај.

Господо од СДСМ и ДПМНЕ се ова што сега се случува во Ма-кедонија е последица на вашето владеење, па затоа не постои никаква "волшебна вода"не постои никакво волшебно средство, не постои ни ветер ни гума која може да ги избрише сите овие недела кои ги направивте. Еден ден грешниците мора да одговараат пред законот на правдата.

Исто така треба да кажам дека и ЦИА ја информираше Агенцијата за разузнаваше пред почетокот на оваа година. Дека паравоени албански структури планираат офанзивна акција врз македонската територија. Поради наведеното прашувам кој ја стопирал информацијата? До сега таков одговор никој не добил. Некој мора да одговара за предавството на Македонија. Лигично е Агенцијата била должна да го информира дирек-но претседателот на државата. Претседателот на државата до сега се оглушува, во ниеден момент немаме добиено таква информација, а тој бил должен да преземе за одбрана на својата територија и интегритетот и суверенитетот на државата, за што се заколнал.

Поради наведеното претседателот на државата барам од оваа говорница да даде одговор дали таква информација имал или немал. Ако добил таква информација зошто ништо не презел на време и благовремено или бил спречен од некого да преземе таква акција. Ако бил спречен исто така треба да каже.

Господо, вашето доаѓање на власт Коалицијата за промени, си го покажа своето право лице со Законот аз аболиција. Таа им даде јасен сиглал на сите криминални структури од организираниот криминал и криминалното подземје, дека можат да прават што сакаат во државата само ако припаѓаат од власта на коалцијата. Пример, мозокот на бомбашкиот напад Фазли Велиу, сега главен организатор на паравоените групи беше ослободен од обвинение со повлекување на потерница запредавање односно екстрадиција на македонскаста власт од министерот за правда Џевдет Насуфи кој вие го именувавте. Џавид Хасани беше разменет за 4 чесни и невини македонски војници. Поголем срам не може да биде. Дека се пукаше во полициските станици и се убиваа полицајци кои свесно си ја вршеја својата работа придонесувајќи да се штити редот и мирот во државата, тоа беше често нагласувано и објавувано во медиуните, премиерот ќе изјави после такви објавувања во печатот дека се пука, па што. Терористички напади има и во Грција, има и во Шпанија, па и во Италија.

Кога А-1 Телевизија беше пресретната од група на вооружени терористи во Танушевци, исто така ми е во сеќавање новинарката Снежана Лупевска кога тоа го обелодени, кога нашата служба за разузнавање нема-ше информации во овој момент сакам да предложам пред ова Собрание во иднина да дадеме еден амандман целата награда што требаше да ја земе Службата за разузнавање или хонорарот да и се даде на Снежана Лупевска, бидејќи таа го откри вооружениот напад, а не нашата Служба за разузнавање. Тоа доволно зборува за каква Служба за разузнавање се работи и кои квалитетни луѓе ги имеме.

По ова откривање на оваа афера премиерот ја оквалификува дека новинарите добиле фатаморгана, а потоа ке изјави дека станува збор за некакви групации кои немаат никаква логика со политиката и работат по некои сопствени цели. Многу кратковиден одговор кога знаеме и пред да пукне сите знаевме која им е целта на овие постојани барања што ги имаат албанците и дека се очекуваше. На власта најтешко и беше кога мораше да признае дека Танушевци е окупирано. Премиерот уште не можеше да свати или не сакаше да свати дека војната е започната,па затоа оцени дека се работи за терористички криминалци или банди. Револтирани од тоа што се оцртала наводно границата помеѓу Косово и Југославија додавајќи.ново дека никој не треба да се сомнева во цврстата решеност да го зачуваме интетритетот на државата. За жал, ништо од овие ветуваша. На ова советниците ќе додадат дека станува збор

само за жестоки пресметки кај Танушевци, а не за некаква си окупација.

Зошто баш овој временски период се дојде до вооружен конфликт договорот е едноставен. Првиот фактор е албанските екстремисти за голе! Албанија проценија дека сега е погоден моментот да ги остварат своите националистички побуди, бидејќи одбранбените системи се максимално разнебитени со лажни реформи и партизација на армијата на РМ и МВР. Или народот како што знае да каже или милува дека"сега му е мајката".

Вториот фактот поради инволвираноста на високи функционери од етничкото албанско малцинство во одбранбените структури на Македонија пример заменик министер за одбрана, заменик министер тогаш за внатрешни работи, дека високи албански функционери работеле против државните интереси а во корист на паравоените групации доволно збо-руваат податоците дека тие на време ги информирале, дека биле успешни сите заседи што ги преземале додека македонската армија и македонските тактики кои беа спроведувани многу на време биле откривани и спречувани. Тоа потврдува дека се работи за издајство од внатре од структурите кои ја знаеле целата тактика како ќе дејствува македонската армија и полиција односно македонските одбранбени сили.

Исто така, голем број на началници и командири кои соработувале со терористите како и голем број на полицајци се одметнаа дури имаме и еден пратеник кои отидоа во ОНА или како ги викаат.

За наведената состојба најголем виновник е ДПМНЕ кој безбедносните системи сериозно ги загрози дури може да се каже дека ги онеспособи, разголи и обезглави со непроверени кадри, а за сето ова доволно зборуваат големиот број на скандали,инциденти и афери. Доволно ќе биде само ако го спомнам во воени услови господинот Паунов-ски ни помалку ни повеќе околу 13-14 милиони ДМ, барем три хеликоптери со тие пари ќе купевме.

Целокупната состојба во голема мера придонесе свесно или несвесно акцијата за уништување и протерување на терористите од Тану-шевци постојано да се одлага. Ако имаше за цел да се уништи, тоа требаше да се изврши веднаш, бидејки имавме поддршка од целокупната меѓународна јавност, само не од врховниот командант кој требаше да преземе се во свои раце.

Ке се потсетиме и ќе ве потсетам постојано имавме можност да прочитаме во дневниот печат и да бидеме информирани ....

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**:(Продолжение)

... преку јавните гласила дека ако проблемот со Танушевци не се реши за неколку дена или максимумнедела до две, дека ќе се прошири. Тоа истото го потврдуваа и македонските експери. За жал, некој тоа како да го посакуваше. Командата не знаеше кој пука на почетокот во одбранбените сили. Комоандата не знаеше која им е целта. Исто така, командата не знаеше колкав е бројот на терористите. Командата немаше стратегија како брзо да се справи со терористите. Па кој тоа требаше да им го каже, ако тие незнаеле?

Со други зборови, командата мораше да слуша наредби од Врховниот командант, ако сака да преживее и да опстане на тоа командно место. За Танушевци бранителите ќе изјават: "Терористите ги имавме постојано на нишан. Ни беше забрането да пукаме. Знаевме во која куќа е сместен командниот штаб, Ги гледавме, ги следевме како се прегрупираат. Секој момент очекувавме наредба да падне и да поминеме во офанзива, за да го ослободиме и исчистиме селото од терористите. Наредбата дојде нема пукање, освен ако бидете нападнати. Се случи предавство, Пред да го нападнеме селото", очевидците уште додаваат, "влезе КФОР, ги пренесе терористите, но каде и ние не знаеме. Кога влеговме во селото, беше празно. Со други зборови игравме криенка меѓу нас и КФОР и нашиот команден штаб".

Дека знаеме добро да војуваме доволно зборуваат нападите кои ги извршивме во Радуша без ниедна жртва, а противникот имаше неколку стотини жртви.

Во Македонија се водеше чудна војна, каде што многу мал број на луѓе знаеја, кој војува, против кого војува, зошто војува. Таквата војна му донесе катастрофални последици на македонскиот народ и македонската држава. Се изгувија над 60 животи на одбрамбените сили. Остана голем број на повредени и инвалидизирани лица . На загинатите лица имаме голем број на фамилии кои останаа без деца, а исто така и децата останаа без родители. Во оваа војна се потрошени барем досега повеќе од 420 милиони германски марки. Извршен е егзодус

во својата држава од паравоени формации, поточно од протекторатот Косово, единствен случај во историјата на човештворо. Голем број на изрушени и запалени куќи, нанесен е голем срам на Македонија и македонскиот народ.

За Арачиново не е потребен коментар. Целата македонска и светска јавност знае што се случи и кој се војуваше на страната на терористите. Тоа е случај само за Хашкиот трибунал, само нема тој да го покрене.

Кога опозицијата укажуваше дека во планините во Западна Македонија, на Шар Планина беа видени паравоени формации во униформи како се обучуваат и движат низ планинските предели, за жал, претходната владеачка коалиција сето тоа го негираше, и покрај тоа што чевидците планинари, граѓани, новинари тоа го велеа. Сите проблеми што ги имаме на меѓуетнички план се резултат на погрешно водената политика. Грешката е направена уште во далечната 1ее0 година, кога се дозволи формирање на политички партии по етничка припадност. Поради таа грешка сега се војува и многу млади луѓе го загубија својот живот. Истовремено се рушат објекти кои се градени со многу пари и голем труд. Овој проблем со етничко малцинство го нема Грција, Романија, Бугарија, Албанија и други европски земји, затоа што недозволуваат формирање на политички партии по етнички основи. Дали бевме ние толку далековидни или бевме слепи кога требаше оваа пресудна улога да ја одиграме.

Па затоа Ве прашувам, господа албанци, дали имате албанци во Грција, дали имате во Швајцарија, дали имате во белгија или во други европски земји. Зошто тау не барате минимум граѓански права и образование на мајчин јазик барем во основното образование или формирање на политички партии. А барате таму каде што имате многу повеќе од европските и светските стандарди.

Дали сте обесправени или не, јас би рекол во својата сопствена држава се обесправени македонците. А знаете зошто се обесправени македонците? Затоа што имавме таква Влада која многу повеќе сакаше да угодува, отколку да води гржа за својот народ. Доволен податок е само уписот во високото образование. Со кое право им се доделува на малцинствата можност со освоени 60 бодови да се запишат каде сакаат, дури и со помалку поени од 60 се запишуваат, а македонците во сопствената држава на својот Универзитет д ане можат да се запишат со е0 и повеќе бодови. Оние кои имаат средства ќе платат, а што со оние кои немаат а сакаат да се школуваат. Тие се принудени да ја напуштат државата или да се декларираат дека се малцинство односно да се однародат од македонштината. До кога ќе ги бркаме македонците и ќе ги присилуваме да се однародуваат? Тоа истото се случи и со возилата, се повеќе гледам таблички низ Скопје со бугарска регистрација отколку со македонска регистрација.

Како можат да кажат албанците дека се обесправени кога имаат толку голем број на министри, кога имаат амбасадори, кога имаат пратеници, кога се директори на јавни претпријатија и огромен број на заменици. Кое малцинство во светот ги ужива овие права? Нека бидат уверени дека не верувам дека постои малцинство во светот кое ги ужива сите овие права.

Господа, ве прашувам, што повеќе од ова да им се даде? Кажете, што повеќе. Тоа е повеќе од очигледно дека на нив не им се потребни ни граѓански права ни пари, туку на нив им е потребна територија. А територија не верувам дека постои земја на светот која може да даде, а тоа право ни со уставот никој го нема, да потпише капитуалција, предавство или отцепување на дел од Македонија.

Ако под притисокот на оружјето еднаш се попушти како држава, тогаш барањата на албанците ќе бидат се поголеми, по изразени и на крајот ќе заврши со граѓанска војна, затоа што целта веќе на сите ни е позната. До сега ја кажуваа во прекриена форма, сега веќе јавно ја кажуваат-затоа што сакаат голема Албанија.

Отстапките .од Уставот дали ќе ги смират албанците односно албанското малцинство. Во еден кус временски период-да, точно е, ќе се смират. Но колкав ќе биде тој временски период никој не може да предвиди, затоа што досега постојано вршевме отстапки. Но после секоја отстапка следеше ново барање, барање за нова отстапка, поголема отстапка.

Само да ве потсетам господо пратеници, додека бев во ВМРО-ДПМНЕ, кога се донесуваше Законот за високо образование, тогаш бев против да им се даде на албанците високо образование не затоа што не сакам да се школуваат.Напротив, сакам да се школуваат. Тогаш поднесов амандман да, приватен универзитет, но приватен универзитет на англиски јазик или некој друг од светските јазици, каде што ќе можеме да се школуваме сите заедно и албанци и македонци. Дури ако треба на тој универзитет нека има привилегии. Тогаш сакав да кажам дека не им е целта високо образование, туку целта им е територија. Ако тогаш немаа високо

образование, не им се дадеше, сега ќе бараа високо образование. Значи постапно ги остваруваат своите цели.

И на крај, по се изгледа дека неизбежна е граѓанска војна. Откако ќе се извршат отстапките, повторно стапуваат на сцена и во истиот стил со нови барања за нови отстапки до остварување како што кажаа на крајната цел. Таа цел и тоа сценарио ги видовме во Косово.Доколку се прифатат уставните промени, ќе се создадат услови за уште поагресивно настапвување. Предизвикувачи на седуммесечната ни војна ни мир се вечните незадоволници на Македонија, а тоа се етничките албанци, единствено малцинство кое е незадоволно со човековите права.

Се извинувам, кажете им малку да престанат.

(му се обраќа на претседавачот, потпретседателот Томислав Стојановски)

Колеги, ќе ве молам ако сакате, слушајте.Очигледно не ве интересира. Ја доведовте државата до овој степен, мора да има ефект. Ние баравме расправа уште пред четири -пет месеци.

Слободно можеме да констатираме дека на нив се им е малку, не затоа што навистина бараат поголеми човечки права, туку затоа што не ја оствариле крајната цел. Крајната цел ја знаеме, повторено е.

Ве прашувам господо пратеници со албанско етничко потекло дали е можно во новиот милениум да има такви луѓе кои сакаат да убиваат други луѓе. Зарем е тоа човечка особина? За цивилизираниот свет во новиот милениум да му се одземе некому животот нема поголемо зло. Дури, во цивилизираниот свет се оди до таму и оние кои се осуденици на смрт, се заменува смртната казна со доживотна робија. Каде е тогаш цивилизацијата, прашувам, на проклетиот Балкан. Зарем целото зло е собрано на Балканот? И по втор пат ве прашувам како може човек да продолжи да живее откако ќе му се одземе животот на друг? Назнам како тоа го чувствуваат убиците.

Исто така, грешка е направена со формирањето на граѓанска држава. овој вид на уредување би бил оправдан сеаде само не на Балканот, каде свеста и културното ниво се на многу ниско скалило. Дека е тоа така , доволно зборува податокот што во Африка учат дека најниска цивилизација има на Балканот. Поради наведеното цивилно општество, морам да напомнам дека тоа е во негативна спрега со етничкото групирање и неминовно води до конфликт. Непродуктивноста е одраз точно на ова цивилно општество. Со најдобар пример можам да на посочам Македонија.

Поради големиот број на направени грешки на штета на разнебитување и распарчување на Македонија, бидејки нив ги имам спомнато, во интерес на времето ќе ги прескокнам, но затоа морам нешто да напомнам дека веќе паднаа маските и од политичките партии и од албанското малцинство. Албанското малцинство води една крајно перфидна и нечесна политика спрема Македонија и македонскиот народ. Крајно време е на ваквата сеалбанска идеологија Македонија да се спротивстави правовремено и со адекватни средства и методи. Тие почнуваат тивко и незабележително да се населуваат , во почетокот делуваат наивно, чесно и покажуваат голема љубов за соживот со македонскиот народ. Подоцна методологијата на нивниот настап постојано ја менуваат , зависно од нивниот број, за да на крај со оружје во рака и присилно го иселуваат македонското население од вековните огништа.

Големоалбанските апетити почнаа јавно да ни кажуваат и да ги бараат. Ако може по мирен пат, а ако не може по мирен пат тогаш и со оружје во рака.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**: (продолжение)

После се ова што ни се случува, веќе прогледаа, барем така сметам сега и најголемите македонски слепци. Сега, никој повеќе од македонците не верува дека се уште албанците се многу чесни луѓе и најчесните луѓе. До скоро верувавме дека албанците се многу чесни. Сега се покажа дека едно зборуваат, а друго работат. А, најмапку да им веруваме на политичарите каде што имавме можност и во Арачиново да слушаме од градоначалникот дека состојбата ја комплицираат новинарите, дека состојбата да не речам идеална, но постои можност за соживот и соживот има. Македонија мора да изгради стратегија господо, ако сака да опстане како држава. Бидејќи, чумата што се зададе од Западна Македонија, мора да се лекува на време да се преземе нешто. Секој Македонец треба да размислува како да си ја спасиме Македонија, а најмногу политичарите. Нас не ни е крива Меѓународната заедница. Меѓународната заедница, господо, води своја политика и свои интереси, вклучувајќи ги тука и САД. Кажете која политика ние ја водиме како држава. И, ние политичарите кој интерес, дали водиме македонски интереси или нечии други интереси, или водиме лични интереси.

Затоа, предлагам во иднина Македонија мора да најде свој сојузник во

кој ќе верува и со кој сојузник ќе бара излез и помош во решавање на проблемите малцински, бидејќи малцинските проблеми се малцински само тогаш ако важат во целиот свет. За жал, во најголемиот број земји во светот тие се почитуваат, само во Македонија не. За тоа сносиме и ние вина, поточно партиите кои се на власт.

Би кажал неколку зборови и за претседателот на државата, г. Трајковски. Штета што не е овде, сакав лично да му се обратам и да го прашам, кој му го дал правото да одлучува за Македонија и да нуди тепаат, молчи, го силуваат, молчи. Прашувам до кога? Но не дај Боже да стане Македонецот. Многу лошо ќе биде. Тоа не е добро за никој. Најдобро е работите кога се решаваат по мирен пат. Мирниот пат секогаш носи прогрес. Војната носи само убиства и страдања.

Би сакал да кажам неколку зборови за вработувањето по клуч. Тие носат и обврзуваат да дојдат на клучни позиции некомпетентни луѓе, неспособни, необразовани, неквалитетни луѓе. Од такви луѓе ли ќе бараме прогрес? Па такви луѓе ни ја водеа државата. Кај нас треба да идат луѓе само квалитетни, да не гледаме по етничка основа, да не гледаме ни партија, туку ни требаат квалитетни луѓе. Само така можеме да влеземе во Европа и во Европска заедница. Во спротивно само ќе им служиме за заморчиња. Зборувам и за албанското малцинство и за македонците. Некој друг ќе си експериментира со нас.

За жал советниците и потписниците на овој предавнички договор сакаат кризата да ја решат со емитација на Устав кој е единствен од ваков вид во светот. Тие треба да знаат дека ова е Балкан каде што живеат нецивилизирани народи што покажуваат веќе и војувањата на овој простор во последните 10 години. А замислете со овој Устав, кој би рекол во ваква држава, а Уставот би го нарекол хибриден Устав кој ќе овозможи само кавги, а не мир.

Имав можност деновиве сосема случајно да прочитам од господинот професор Ѓорѓи Марјановиќ професор за меѓународно право, еден член од законот и сакам да го цитирам за да го слушне јавниот обвинител кои се sнеговите обврски. Според член 305 од Кривичниот закон: кривично дело, велепредавство врши секој кој со уптреба на сила, или сериозна закана ќе се обиде да го измени Уставот, уставниот поредок на Република Македонија. За тоа не се потребни, дури нагласува, никакви посебни докази. Дека ОНА умислено предизвикува смрт на голем број лица и имотна штетачод големи размери, казната од овие дејности е според член 327 став 2 од Кривичниот закон, затвор најмалку 10 години, или доживотен затвор. Завршен цитат за овој член од Законот. Според член 325 став 1 од Кривичниот закон: се казнува, затвор од една до 10 години секој што укажува помош на сторителот на кривично дело. Господо, кај нас казните се шест месеци, три месеци, два месеци. А кој да го казни јавниот обвинител затоа што никој досега не казнил. Само колку да ве потсетам, во САД, кој ги загрозува националните интереси се соочува со ригорозноста на системот, а знаеме која ригорозност ја имаме таму. Може да се потсетиме во Лос Анџелос кога беа немирите. Нешто слично применува Грција, која метлата ја чува зад врата и постојано ја употребуваат ако затреба. Ние како држава покрај тоа што знаеме дека некои работат против државните интереси, дури и од затвор ги ослободуваме. И виновникот е меѓу нас.

И пред да завршам со мојата дискусија, си земам за право од името на народот да им порачам на тројцата грешници дека во македонската политика за нив нема повеќе место, затоа што тие со своите потписи јавно му дадоа порака на македонскиот народ дека немаат ниту малку државничко чувство и без срам и ниту малку совест ја продадоа Македонија кога и е најтешко. Па затоа ги повикувам сите оние интелектуалци кои можат да помогнат во политиката на Македонија да се вклучат, посебно во овој момент се потсетив на едно име кое имав можност да го прочитам во печатот Трифун Костовски да се вклучи и да формира политичка партија независно од овие две партии кои го изненадија и македонскиот народ и интересите на македонската држава.

За крај предлагам, ова добро треба да го запамтите и треба да се прифати, по усвојувањето, или по донесувањето на овој предавнички Рамковен договор во чест на македонските предавници да се изгради споменик пред Собранието, да се напишат имињата нивни и ликовите нивни. Исто така, уште еден споменик, тој нека бидево "Жена парк", на спротивната страна, да се изгради еден споменик,ваква војна уште еднаш да не дојде во Македонија.

И за крај завршувам со цитат: нам на цивилизираните луѓе ни успеало да ги уништиме ѕверовите. Ама за жал луѓето со ѕверски особини не успеавме да ги уништиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја прекинувам седницата. Со работа ќе продолжиме во 18 часот.

Само едно за господин Ванѓел Симев, јавниот обвинител во оваа држава на никој не изрекува казни.

Седницата прекина во 16,40 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,15 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирам дека во салата имаме 67 пратеници и можеме да почнеме со работа. За реплика се јави господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Четири дена расправа во Собранието на Република Македонија. Од една страна имаме пратеници кои се декларираат за политичко решавање на проблемот и кризата воопшто во Република Македонија, а од друга страна цело време се расправа веќе четири дена.Траењето на седницата веќе 4 дена, одредени господа од партијата на ВМРО-ДПМНЕ и мноштво независни политички профитери за остварување на властодржечките цели, со помош на хаосот сакаат да профитираат, во конкретниов случај. Тукашните воени агитатори се свесни или несвесни инструменти во жестоката пресметка и не само за внатрешните фактори туку се и против надворешниот фактор кои се имплементирани да го решаваат проблемот и кризата во Република Македонија. Истовремено вам ви се приклучуваат разно разни левичарски тројанци кои вулгларно го слооупотребуваат патриотизмот и страдањата на сите наши граѓани во Република Македонија. Кажете кому тоа му користи, кога вашиот лидер Љубчо Георгиевски е прв потписник на тој ' Рамковен договор. Зошто сега ја користите приликата да тропате по воени паравани. Јас мислам дека 7 месеци доста беше повик за војна.

(Дофрлување од место, кој ја прави војната).

Сите вие од ВМРО-ДПМНЕ.

Јас мислам дека сега е време за мир. Еве ќе ви го кажам сега - следното:

Сите осум села во кризниот регион на Тетово, од пописот по 1994 година, имате само 66 граѓани Македонци во тој дел:

Книга пет - вкупно население, домаќинства, станови и земјоделски стопанства: Брезно, имате само двајца старци таму, Варвара седум, Јелошник ниту еден нема, Прешовце еден, Слатино триесет и девет, Лешок Зеб, Једуарци 11, Отуње ниту еден, Сетоле 7 и Прсце ниту еден. Прашање е дали овој број од осумте села, 66 жители, дали уште некој е жив, затоа што тие навистина се во голема старост.

Прекинот во Блаце, преминот што е блокиран, па потоа во Табановце и една по друга реториката тука 66 илјади протерани Македонци од своите огништа, јас сум против и едно протерано лице, но зошто таа геометриска прогресија кај вас е множење, а кога во Селце над Тетово нема ниту еден жител од 3000 и кусур жители, а да не зборуваме за Вешала, Вејце, Бозовце, да не зборуваме за Гајре, Лисец и останатите.

Во кризниот кумановски регион, само во с. Матејче имате Македонско население. А другите села што се запалени, 98 кукши се запалени. Откако се протерани граѓаните од своите огништа после им е подметнат пожар.

Еден дискутант вчера рече дека во Битола ниту една куќа ни деловен простор на Албанец и Муслиман не е оставен, а да не изгори. Значи, сите се изгорени. Во Прилеп исто така. 55 џамии се оштетени од кои 47 не се употребливи. Никој на говорница не го дигна гласот да каже дека, да и минирањето на Лешочкиот манастир е големо зло, тоа големо зло следлеше од истите што ги рушеа сите џамии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поминаа петте минути за реплика г. Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине Андов ниту еден досега и кои не дискутираа во врска со точката од дневниот ред не прекина и ми приликуваш како Амди Бајрам, се извинувам ако Амди Бајрам ми се лути. Или биди претседател за сите подеднакво или немој да му се мешаш на човекот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господине Харуни ви помина времето за реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Сакам да ви кажам, 120 илјади протерани Албанци од овие огништа, имаме протерано и таму каде што не е испукан ниту еден куршум, и од Дебар и од Гостивар и од Кичево и од гостиварските села, сите се во Словенија, некои во Босна, некои во Хрватска.

Јас му замерувам, иако имаше одлична дискусија господинот Црвенковски

што рече имаме само 60 загинати, а тој број е, за жал, само на припадници од македонската националност. Жртви во Република Македонија не се само 60. Имаме и деца и семејства убиени и тоа цивили во своите подруми, како што е во Слупчане, Ваксинце, како што е во Пороj и други места.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Харуни ви помина времето одамна, за реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас мислам дека говорницата не смее да се злоупотребува, а сум против секој граѓанин што го напушта својот праг. Но, бидете храбри и отворено овде на говорница вие зборувајте за ваша идентификација. Инаку, ние сме свесни дека вие во тој дел останувате многу. Едно е тоа добро што не треба да не радува, тоа го кажувам под наводници. Македонија ја сакаат сите што ја опкружуваат. И Грција ја сака, и Бугарија ја сака, и Србија ја сака и Албанија ја сака. За жал добар дел од нејзините граѓани не ја сакаат неа. Останавме ние и да го браниме тој дел. Допрва на оваа точка треба да се осврнете бидејќи секогаш и на секоја седница вие барате ваша идентификација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува господинот Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Ние овде или претежно товорници што излегоа од тука на оваа говорница, сите нивни говори личат еден на друг и не потсетуваат односно нека ги потсетуваат старите, тие знаат подобро за ова, на Ресавската школа. Дури понекогаш доаѓаме и до такви дискусии што се шират односно изјавуват гнасни невистини кои ни најмалку се точни или допираат со реалноста на времињата. Дури и некои и намерно ја менуваат историјата, или сакаат да прекројуваат некоја си нова историја, според нивниот терк. Одтука имав прилика да слушнам и тоа дека Албанија се поврзува со некои повампирувања на Балканот, што мислам дека не личат и едни такви изјави внесува уште повеќе раздор помеѓу нас, кај тој сосед кој е . единствениот кој го призна Македонскиот народ и Македонската држава со нејзиниот целовит територијален интегритет. Но за жал ова е направено во времето односно во времињата кога другите не ја признаваат македонската нација, третите не ја признаваат Македонската држава, а четвртите ниту нацијата ниту државата. Затоа јас овие ги споредувам како гнасни невистини и штетни за Република Македонија и за соседите кои отсекогаш и мислеле добро на Македонија.

Беа спомнати и многу други работи поврзани со образованието и критериумот од 10% тука што беше. За мене една временска демагогија поврзана со тој менталитет, менталниот склоп на времето за кое сите веќе мислиме дека е минато.

Јас како помлад пратеник тука, но бидејќи доаѓам од новинарската бранша, се сеќавам во претходниот Парламент ни се случи, пратеник, подстапката на националностите во Република Македонија, под Влав или Ром не се сега сеќавам точно, неговото дете го запишал да студира како студен на Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје.

Но, што ме мачи? Без да се дава одговор на се уште јавно поставеното прашање за целите и мотивите на одредени пратеници, за нивното спротивставување на спомената спогодба, или како што се нарекува Охридски договор, на виделина излегоа транспарентни условувања насочени против мирот. Договорот, се спомнува за жал само во контекст, наводио на политичката одговорност на претседателот на државата и на албанскиот политички фактор, но не и во индивидуалната одговорност на одредени колеги пратеници Македонци. На таквите пратеници многу им е битно паѓањето на претседателот т.е. неговата оставка, мислејќи дека на тој начин ќе се оневозможи ратификацијата на Охридската спогодба. Изгледа на таквите и не им е битно дали ќе се усвои овој договор, туку за нив е побитен фактот за нивните политички поени, заборавајќи притоа дека се задоцнети патриоти на македонската нација. Со оваа игра се сака да се издејствува на два колосека. Во едниот да се создава политичка клима за што поитно рушење на постигнатата меѓуетничка спогодба и нормално, после тоа да се бетонира антиреформскиот менталитет, со што, за жал, би се создавале услови за понатамошно деструктивно дејствување на истите луѓе. Таквите сакаат да се прикажуваат себе си како жртва на, наводно еден лош документ за да можат утре да се гордеат со нивното политичко минато, ако некој успеале некако да ги маскираат темните страни од нивната политичка биографија. Тие упорно инсистираат да се прикажуваат како жртви, но без да даваат одговор на прашањето чии жртви се токму тие. Токму по овој нивни

метод и нивни начин на дејствување, истите ни даваат јасна претстава со која кажуваат и прикажуваат дека се во потрага за изнаоѓање на засолниште за нивното политичко опстојување. Правата на Албанците не се денешно откритие, кога се знае фактот дека такво нешто постоело отсекогаш. Но, морам тоа да го истакнам поради фактот што и многумина колеги пратеници :Македонци ова го кажаа и самите и признаа дека со самата несогласност на Албанците во врска со Уставот од 1991 година, настанаа и тој Устав стана генератор на целата криза во Република Македонија. Дел на вжештените дискусии на одредени пратеници Македонци се само континуитет на една валкана методологија на преземање на монополот во политиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Бајрами времето за реплика ви измина.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Имам уште малку да кажам.

После тоа нема да излегувам. Затоа и се откажав од мојот говор, заради времето и рационалност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Таквиот пристап има една мошне интересна јавна димензија.

Медискиот простор, за жал резервиран за оваа спогодба зборува за нивото на демократијата во земјава. И во овој демократски стеснет простор на една медијална реалност, актуелната спогодба се прикажува прекриено, според мене само за една работа, за да ги исполни желбите на тие што се против мирот. После ова лесно е да заклучиме дека мирот, демократијата и реформите во Македонија се загрозени. Ова по втор пат го кажувам од сопствените маскирани жртви на сопствената мазоистичка политичка методологија и тие жртви никогаш не можат да нудат некое попродуктивно решение од она што тие го измислиле како метод за еднократна употреба.

Морам да се надоврзам и на некои битни факти што за секогаш ќе остават трага на ова наше тло. Овие факти пак се искривуваат, со намера и со една крајна цел, а тоа е јавноста се погрешно и погрешно да се информира. Од моите колеги Албанци беше спомнат и Кумановско-Липковскиот крај од каде што јас потекнувам. Верувајте ми дека според моите информации и сознанија таму веќе нема место за живот. После т.н. летечки тенкови што ни дојдоа од Украина и после рускиот Сухои, таму е пустош, се е опустошено. Но морам да кажам и едно жалосно чувство, а тоа е што ниеден колега пратеник Македонец од било која политичка партија на Македонците застапена во Собранието, освен Лешочкиот манастир, од кој што, како што рекоа и претходните дикутанци Албанци и јас се оградувам, се оградуваше и мојата политичка партија ДПА и сите други релевантни политички партии, па се оградуваше и ОНА.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:** (продолжение)

Но за жал една таква масовна појава, една таква колективи-зација на бината се случи насекаде низ Македонија, па дури к таму каде немаше криза. Дури и таму каде што еден објект бил стратешки со археолошжа вредност, како што е џамијата во Прилеп. Албанците се протераа од Битола но и битолските пратеници и со многу вжештени дискусии не слушанв ама ниту едне збор. Верувајте ми дека јас неможам да го прифатам ©бразложемието кое често имавме прилика да го читаме по весниците и да го слушнеме од електронските медиуми дека таму беше спречено дејствувсњето на маккедонската полиција. Значи, беше спречено да дејствува институцијата. Тоа неможам да го прифатам по никој основ, бидејќи пушките, автоматските пушки беа земени од касарните. И тие што се? Или се параполициски структури , или се паравитални структури или пак се нешто трето.

Некој од пратениците албанци бараше...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се извинувам баравте збор за реплика , времето истече.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Се извинувам претседателе.

... На раселените лица македонцки враќање во нивните домови. Но, и тој самиот и тие, колку биле тука дискутанти во никој случај не спомнаа кој ќе им гарантира враќање и како ќе се враќаат албанците во Битола , во Прилеп.

За жртвите нема да зборувам тие се јасни, но ќе ве пот-сетам на една реченица изговорена од страна на Г. Тачи, кој вели: "не заборавајте на плачот на децата од Склупчани кој ќе не следи како наша опомена". Тоа е повеќе од јасна опомена за сите нас. За жал тука беше спомнат и Г. Џафери во разни конотации. И тука би сакал

преговори. А, не само него, туку ги прашувам и сите потписници кој им го дал тоа право да преговараат во името на Македонија и да нудат решенија кој не ги прифаќа макеоднскиот народ а верувам и пратениците.

Господине Трајковски, вие бевте, штета што не е овде, но нему му се обраќам, многу заинтересиран додека имавме бегалци од Косово. Постојано имавме можност да го следиме на екраните и да читаме во печатот. Колку е загрижен за нивно брзо враќање. За жал, за македонските бегалци до сега, барем јас колку што имам информација, не понудил ниедно решение за излез и за нивно што побрзо враќање и за решавање на нивните опожарени куќи. Човечки е што г. претседател се залагал за да се вратат бегалците во Косово. Но, човечки е исто така да се залага и македонците да се вратат, тоа е единствен егзодус во својата тактовина, поточно да се вратат дома во своите домови. Како што знае Мкедонецот да каже со поговорка, каде и да си - дома е најдобро да си. Знаме кој тортури ги поминува тој Македонски напатен народ во западниот дел на Македонија, каде што е силуван, каде што е тепан и претепуван, каде имаме и убиства, каде е испокраден и под присила бркан, за да на крај да тргне во неповрат и самиот незнае каде веќе тргнал.

Господине Трајковски, кој ви го дал правото да повикате само две македонски политички партии да одлучуваат за судбината на Македонија, кога знаеме дека токму тие две партии СДСМ и ДПМНЕ се најголемите виновници, барем за ова што сега го имаме. Тие дозволија се што вредеше во Македонија да се распродаде и да се испокраде. Покрај наведеното веќе имаме и војна.

Господине Трајковски, си земам за право да ви кажам дека вие сте најнеспособниот врховен командант во историјата на војувањето и како таков ќе бидете забележани ако не во светската, барем во македонската историја. Вие имавте на располагање и хелихоптери и тешко оружје и секакво друго наоружување и по потреба да мобилизирате 200 илјади луѓе. Вие можевте Танушевци во еден блиц да го решите. По се изгледа не сакавте или не знаевте, а тоа исто ви се фаќа. Дека Македонската Армија знае да војува ако нема предавници, тоа го покажаа и во Арачиново и во Радуша.

Господине Трајковски, само колку да ве потсетам. Ни малите деца кои играат камај не ги користат вашите стручни термини, дозирано напаѓани, контролирано напаѓања, селективно напаѓање, а ако бидеме нападнати или ако бидат загрозени нашите позиции, ќе возвратиме. А, г. Трајковски дали помислил, дали ќе имаат можност да возвратат. Затоа што, прашање е дали ќе бидат погодени или не. Значи, ако останат живи дури тогаш можат да бидат во можност да возвратат.

Господине Трајковски, вие дозволивте некој друг да се меша и одлучува за внатрешнита работи на Македонија. А, со тоа јавно признавате дека не ве бидува. Ако не ве бидува чесно е да се повлачете и да си отидете таму од каде што дојдовте.

Господина Трајковски, ако г. Солана имаше толку големи способности и со вошабно стапче ги решаваша проблемите, прво, ќе си го рашеше проблемот во својата држава, Шпанија. Када што терористичката група ЕТА, која бара отцепување од Шпанија, тогаш со неговото волшебно стапче на лист хартија или преку преговори, ќе го рашеше тој проблем. Ако тогаш го решеше, тогаш ќе ве поканевме и ќе ги прифатевме вашите пораки. А, бидејќи не можете проблемот да го решите во вашиот дом, ви благодарима за помошта која ни ја нудите. Ние како пратеници и народот ќе си го кажеме својот збор дали ја прифаќаме вашата помош или не.

Господине Трајковски, виновни ста за загинатите борци на Македонија. Виновни сте за срамот што и го нанесовте на Македонија и одбранбените сили, како и на се она што е на целиот оној имот, кој е изгубен, испокраден или опожарен во Македонија. Треба да најдете решение сето тоа да се надокнади. Ако малку имате човечка совест, уште денес ќе си дадете оставка. Ако не си дадете оставка, тоа ќе значи ја признавате целокупната вина за оваа состојба.

Господине Трајковски, да ве потсетам, вас и целиот македонски народ дека не излажавте. Вие ветивте дека ќе организирате меѓуетнички дијалог, а не дека сакате да договарате и да понудите да потпишеМе предавнички договор за распарчување на Македонија.

Би сакал неколку зборови да кажам за овој Рамковен договор, посебно би се задржал за она што сметам дека е најбитно и најчувствително за оваа Македонска држава. Тоа сакам да го кажам на таков јазик за најдобро да ме сфати македонскиот народ, бидејќи и тој преку референдум треба да се изјасни, затоа што Се работи за неговата односно нашата судбина. Њкој сака преку овој референдум, Се извинувам преку овој страмен и предавнички договор да ни ја обезлични макеоднската нација и Црква, кој беа Негирани и обесправувани под јаремот на туѓите Влади и владеења досега. Треба ли сега во

сопствената држава да го изгубиме она што го добивме пред 10 години и да си потпишеме непостоење. Уставот на Република Макеоднија им ги дава и гарантира сите малцински права и би рекол најголеми Меѓу најголемите права што се запишани на меѓународното право во светот.

Мора да знаеМе Дека Македонија како држава на два народи, она што сакаме Сега да го протниме Сега на мала врата, кои тие другите сега се нарекуваат народ, сега не не признаваат и не сакаат соживот, ќе треба сложно после овој договор да живееме. Дека таквата држава брзо ќе се распадне, зарем ќе треба да потврдувам. Ако треба ќе кажам еден пример. На една столица, господо, има место само за еден,без разлика дали се браќа или поблиски од браќа. А, не спротивставени како што сме ние во овој момент. Договорот не нуди мир, господо. Договорот нуди војна. Зошто? Ова не е договор, туку овој недоговор го посеа семето на омразата. И, доколку се прифати во Македонија, верувајте, повеќе мир нема да има. Рамковниот договор беше добро испланиран и воден во тајност, со многу пазарења и компромиси, дури и незнаења како од советниците, така и од македнските потлисничари. Албанските лидери на кои треба да им се одаде признание имаа познати експерти од меѓународно право и тоа за големи пари. Со други зборови знаеле што сакале и целта ја остварија. Каде беа македонските лидери на двете најголеми политички партии, да обезбедат достојни експерти за меѓународно право, а не да повикуваат советници, проверени губитници. Каде тие советувале до сега, секаде Македонија била поразена. Албанските барања беа крајно екестремни, затоа што беа свесно испланирани. Целта им беше со тактичка игра и надигрување да добијат што пвоеќе. Оти ако се бара многу ќе се добие повеќе. А, бидејќи ние ништо не бараме, а постојано отстапуваме, затоа сме вечни губитници.

Другата страна за вереме на овие преговори која тактика ја спроведуваше, само ќе напомнам. Често седницата беше напуштана, за да ги заплашат македонските претставници. А, македонските претставници дури имаа и советници. Дури беа заплашувани со одење на Хашкиот трибунал. Нашиот си голем претседател се исплаши да не оди да му суди Хашкиот трубунал. Тој треба да биде пресреќен ако му суди Хашкиот трубунал. Најлошо е за него ако му пресуди Македонскиот трубунал. Па, тој е свесен дека ги брани интересите на Македонија. Тој овде дал заклетва пред оваа говорница дека е должен да ги штити интересите на Македонија. Исто така, имаше неколку тактички прекини на преговорите. Тактичко излегување од преговарачката седница и повторно враќање на преговорите. И, една страмна понуда, посрамна и не може да биде. Ќе ви дадеме пари или кредит ако го потпишете договорот. Господа, ги лажеме децата, знаете кои? До три години, ќе ви дадеме лижавче, ако бидете добри. За жал, и без лижавче македонците го потпишаа овој срамен договор.

Од се, најсимптоматично ми е како можеше овој договор, дали случајно или не е случајно да се поклопи дури и со еден најтрагичен настан за Македонија 13.08, кога Макеоднија беше делена на бапканските војни. Дали некој свесно ова го испланирал или толку сме несреќен народ, времето ќе покаже. Во овој предавнички договор не случајно се отфрла поимот народ, и поимот малцинство. Со предлог-договорот со кој се потврдува дека во Македонија не живее македонски народ и мапцинства како што се Турците, Србите, Албанците, Власите, Ромите итн, туку само различни етнички заедници. Ќе нагласам дека живее во оваа држава само различни етнички заедници. Значи, во оваа држава повеќе народ нема. Треба да изгласате дека во оваа држава живеат етнички заедници.

Ги прашувам потписниците, каде отидоа макеоднците. Бидејќи со овој договор на макеоднскиот народ му се одзема правото да се декларира дека има македонска нација. А, ако има македонска нација, тогаш има и македонска држава. Со агендата на г. Трајковски, нацијата и државата Се уништени.

Го прашувам во името на Макеоднскиот народ кој му го дал тоа право. Господо, ако немаме нација, па нема да имаме ни држава, а зошто ни е име тогаш. Грците со право, деновиве имавме можност да прочитаме во нашиот печат и во нивниот, па тие државата ќе ја изгубат, нема потреба да се разговара за името на Макеоднија. Со други зборови според Рамковниот договор прифатен од големиот мудрец, претседателот на државата Трајковски, не е веќе држава на македонскиот народ и на малцинствата кои живеат во Македонија, туку држава на различни етнички заедници, или држава со друг збор без народ.

**ВАНЃЕЛ СИМЕВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Граѓанинот за век и векова ни го погреба националното чувство кое постоело и во византиско и во турско ропство. Повеќе од илјада години бевме под ропство, почнувајќи од Цар Самоил, па и турското петипол

вековно, ние бевме и македонски народ со своја црква, со свој јазик и своја писменост и опстојувавме. Сега кога имаме своја држава на сцена стапија македонските големи предавници да не докрајчат. Јас ги почитувам албанците, знаат што сакаат и патриоти се. Каде е вашето патриотско чувство? Тие знаат што сакаат. И добро е ако тие таа нивна патриотска енергија ја насочат во интересите на Македонија, македонската држава, тогаш ќе направиме навистина добра дожава, а не да ја делиме државата. Веќе созреаа господо условите Македонецот да добие и име. А знаете ли како ќе се вика Македонија? Дали некој знае како ќе се вика Македонија во иднина? Бидејќи не знае, ќе ви кажам и нека слушне и македонскиот народ. Македонија во иднина ќе се вика Кушкундалево. Ќе ви објаснам зошто. Етникумите ќе треба да се договорат за името, бидејќи едните ќе сакаат да стои името Македонија, или додавка да има Македонија, другиот етникум ќе сака да стои Албанија, или Косово. И така ќе почнеме да се расправаме како да се вика Македонија. И бидејќи не ќе можеме да се договориме, ќе долетаат олеснувачите со волшебното стапче и ќе испратиме свои претставници и ние и тие и ќе ни предложат олеснувачите: еве ви, договорете се. Ние пак не ќе можеме да се договориме. Бидејќи не ќе можеме да се договориме, три месеци, или три, или пет години ќе се вика по едниот етникум, другите пет години ќе се вика по другиот етникум. Ние како големи патриоти СДСМ и ДПМНЕ, ако имаат претставници тогаш ќе се договорат. Не може така. Ќе мораме да прифатиме име. Тогаш олеснувачите пак ќе стапат на сцена, друг предлог. Предлозите и решенијата ги вадат од ракав, исто како да имаат волшебно стапче. Па старите рекле: ни сто стапа по туѓ грб не болат. Еден е доволен по нашиот грб. Тогаш олеснувачите ќе го предложат правото име на Македонија Кушкундалево. А сите знаете каде се наоѓа Кушкундалево, тоа сте го учеле во основно образование.

Би кажал нешто за службениот јазик. На територијата на Македонија било кој јазик и неговото писмо што се зборува над 20% е службен јазик. Некој ќе рече, па на мала врата добивте уште еден службен јазик. Не, господо, не е ова мала врата, ова е помала од иглини уши. Не би сакал да ве потсетам од Балзак со иглата и конецот, кога не може да се протне конецот. Овде се протна, низ иглини уши се протна јазикот господо. Што е единствен ваков пример во меѓународното право и практика. А трагедијата да биде уште поголема, тоа да е лојално некое население, малцинство како што се другите лојални, некако и да се прифати. Ние знаеме дека нивната цел не е ниту јазикот, кој им брани да си зборуваат на албански. Никој не им брани. И свој универзитет имаат, никој не им брани, си се школуваат. Туку проблемот е што понатаму? Понатаму ќе дојде ден кога нема да се разбираме. Добро е што цивилизираниот свет веќе има сега и средства, па ќе мораме да користиме и технички средства за да се разбереме. А ние сме многу богата земја, или ќе бараме некој толкувач да ни ги толкува работите, да ни ги преведува. А каде што нема разбирање, нема ни резултати. А ако сакаме да имаме резултати и држава мораме да имаме разбирање. А на овој начин повеќе е од очигледно дека сакаме разбирањето да го нема. И секој што ќе гласа за овој договор значи бара да нема разбирање. А трагедијата да биде уште поголема веќе1/4 од територијата на Македонија е отстапена. Значи ова е потврда дека не се работи сега ни.за јазик, она што пред малку го реков, туку се работи за . територија. Колкава е бројката на ова малцинство. Само колку да ве потсетам 22%. Па што е битно и колку. Нека биде и 30%, и 50%. Дали правата се даваат по бројки. Дали меѓународното право има посебни права за тие што се 5%15%, 20%, 30%, има некоја скала? Меѓународното право важи за сите без е разлика дали се 1%, 2%, 5%. Тогаш господо вие кои го потпишавте овој договор требаше во овој договор да се објаснат и правата, да се протолкуваат и на другите малцинства. Кои права ќе ги имаат другите малцинства кои се во помал број. Дали ќе ги уживаат истите права? Значи малцинствата ако се повеќе, трвба да имаат поголеми права. По кој критериум и кој ви го дал тоа право вакви договори да потпишувате? Ќе дадам еден примвр. Чешка. Во Чешка има моравци вден ипол милион и Нема никаков проблем, ниту образованив, нити јазици, а имаат фантастично разбирање и добро живват. Да не речам Чешка се вброи со стандард меѓу водечките земји во Европа. Балтичките земји бројот на процентот Не е 20, 22 или 30%, туку 40 и 50%. И со право Сега Русија поставува прашање, па кое е тоа Меѓународно право во Маквдонија Некој да бара со 22%, а Балтичките Земји каде што има 50% руси да ги немаат тие права, да Не можат да Се декларираат Дека и таму се народ и да ги немаат оние права кои ние ги даваме.

Рамковниот договор создава идеални услови за федерализација на Македонија, преку кантанизација на Република Македонија, а подоцна знаеме,

отцепување, а отцепувањето носи само војна. Токму тоа ќе се постигне со редефинирање на овој Рамковен договор, односно Уставот.

Преголемите локални овластувања и досега ни носеа само неприлики, а сега ќе ни носат уште поголеми Неприлики. Не е момент Сега да зборувам, тоа сите го знаеме. Сега би кажал неколку зборови за рамноправноста која ја бараат албанците и македонците. Господо, ние треба да бараме рамноправност, а не вие. Доволен е еДеН пример, кога Ќе ги погледнам куќите на албанските Села и кога Ќе ги погледнам куќите во македонските Села, македонските куќи се изградени од плитари, со фасади испопаѓани, долго вфреме небојадисани. Додека албанските Села, не гледм куќи, туку згради на неколку катови. Зарем господо тоа со пари се Печали? Некој ќе рече, да, со пари. Значи добро живеете тогаш ако е со пари. Зошто Велите Дека сте обесправени. Македонецот треба да бара свои права гсвината е во него што не бара права. Го избркаа од работа, го избркаа од фабрики и молчи, го да напоменам нешто. На почетокот ка кризата мкогу добро се сеќавате Г. Џафери повикуваше на демократизација на кризата, додека цело време одредени македонски политичари, советници во разни кабкнети ка државните институции повикуваа на обратното, т.е. се со една цел и намера демократијата да влезе во шемите на кризата. Токму затоа дојдовме до овој момент, до каде стигнавме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ама да не ги изместиме работите.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Беше спомнат Г. Џафери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас тоа го знам, ама пет минути одамна минаа. Реплика е реплика.

Поминаа еве 11 минути.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

И во последно време ...

(Г. Стојан Андов се обидува да го прекине во дискусијата)

Заборавам на едни многу битни факти за Македонија. На тоа на што се базира формирањето на оваа држава, корените на оваа држава. Нема да одам подалеку, можеби тоа е заборавна историја , и поновата не ја знаеме, а што ќе тврдиме понатаму, ова е Крушевската Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе расправаме ние и во фтора фаза, и во трета фаза, не мора се да се каже сега. Баравте реплика, добивте право на реплика, искористивте, ви дадов два пати повеќе, три пати...

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Но, јас тогаш...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ме принудувајте да ви го земам зборот. Тоа не чини да напменам нешто.

На почетокот на кризата многу добро се сеќавате Г-Џафери повикуваше на демократизација на кризата, додека цело време одредени македонски политичари советници во разни кабинети на држав-ните институции повикува на обратното т.е. се со една цел и намера демократијата да влезе во шемите на кризата. и токму затоа дојдовме до овој момент тука , до каде стигнавме. ..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ама да не ги изместиме работите сега.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Ама беше спомнат Г. Џафери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас тоа знам , ама 10 минути одамна минаа, 11 минути минаа.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ.**

Добро, еве крајното е тука .

И во последно време ...

( реакцијата на пратениците од место)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, јас немам намера да ја прекинам седницата...

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

... настанувањеот на целата историја го заборавaат, едни многу битни факти за Македонија. На тоа на што се базира формирањето на оваа држава, корените на оваа држава. Нема да одам подалеку бидејќи тоа е можеби заборавна историја, поновата не ја знаеме, а што ќе трпиме понатаму, ова Крушевската Република...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе расправаме ние и во втора фаза, и во трета фаза, немора се да се каже сега. Баравте реплика, добивте право на реплика и ја искористивтите, ви дадовме два пати повеќе, три пати повеќе...

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Благодарам, тогаш ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ме принудувајте да ви го одземам зборот.

Тоа не чини.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Претседателе, ќе ве молам уште една реченица и одам.

Во овие драматични моменти да ја оставиме настрана воената реторика и да преминеме на нешто што од нас го очекува целата јавност, сите гргагани на Македонија. Тоа е да ја финишираме охридската Спогодба, таква каква што е, бидејќи истата е потпишана на еден легитимен поли-тички пат од најрелевантните афторитети кои не водат.

Ви благодарам и извинете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, да се разбереме. Реплика вие користите бидејќи јас незнам што зборувал претходниот, незнам дали има основа за реплика и затоа ви давам на сите. Ќе ви дозволувам , ама никој да не оди преку своите пет минути.

Има збор Г. Билал Љутвиу.

Ова не е дискусија, само реплика.

Ве молам да се држиме во рамките ка времето.

**БИЛАЛ ЉУТВИУ:**

Г. претседателе, колеги пратеници,

Јас неможам да разберам некои пратеници што отлку имаат храборст и во овие моменти да се занимаваат со политички маркетинг и нешто што звучи на дилентатизам . Но, сакам во вид на одговор, на реплика на претходниот дискутант, кој го поставуваше прашањето како може да се живее понатаму со албанците. Во овие простори живееле, живеат и ќе живеат сигурно албанци и македонци, но има еден логичен одговор га претходниот дискутант. Вакво прашање и слично прашање поставуваат сите тие што се дојдени овде во Македонија, а тој Македонец што бил од памтивека овде такви прашања не поставува.

Што се однесува до прашањето каде ќе се сместуваат рањелените лица од Тетово, бидејќи јас сум пратеник од Тетово најискрено и поштено изјавувам дека е8% од македонското население, селата, посебнс Лешкок, Теарце имаат каде да се сместат во нивните домови.

Потоа, посебно апсолутно не сакам да го корегирам Г.Харуни но подобро ги знаеме овие цифри, 26-те македонски граѓани кои ги имаат според последниот попис од 1ее4 год, од селата Сетоје, Отије, Варвара, Једоарце, Јелошник имаат каде да се сместат. Но, 4 0% до 80% од селото Порој, с. Непроштено, Слатино, Дреновец, Гермо, Селце, Гајрем Бродец Шипковица, Радуша немаат каде да се вратат затоа што нивните домови се разрушени од гранатите, а да не ги споменувам од Липковскиот регион односно Липковскит "Вуковар".

Ако некој сака да каже дека тука имаше ОВК, УЧК логично следи прашањето беше ли со униформа на ОВК, единаесет годишното девојче Јагуна Салиу од с. Порој , која заедно со својата мајка и сестра Агрона Салиу загина од гранатите во својот дом. Беше ли со униформа на ОВК 70 годишната Фатиме Зелиу од с. Порој која беше убиена со граната истиот ден во исто село со другите пет цивили и 52 рушени куќи во ист ден во исто село Порој. Беше ли со униформа 11 годишното дете Аделина Арифи од с. Слатино која беше погодена со граната во својата спална соба.

И на крај со целиот респект кон личностите сите ние веру-ваме во еден бог. Јас верувам, па токму од вас ги осудувам разурнувач-кти акти на верските објекти, но пак , за жал ме изненадува фактот што од одредени колеги пратеници, освен еден разурнат манастир, што добро јас го познавам и знам точно кога е граден, а плус и посматрачите кои се неутрални изјавиле дека уште не се знае точно кој го гранатирал. Не беа споменати, но напротив на некој начин беа маркелизирани 47 џамии. И да завршам, дојде моментот да размислуваме за иднината во која јас длабоко верувам дека тоа постои и една цел која може да се постигне со заеднички сили. Во ова сум уверен, бидејќи тука е Европската заедница, силите на НАТО, САД и верувам дека ќе ни помогнат во унапредувањето на демократскиот процес и сигурно ќе помогнат на сите тие што го имаат во себе така наречениот позитивен национализам, а не деструктивниот што веќе личи не на позитивен национализам, туку на нихинизам.

(Реакција на пратениците од место - многу пратеници од различни партии бараат збор за реполика).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само еден момент.

Ве молам да ви кажам вак: ако почнеме да си кажуваме едни на други ...

(Реакцијата на пратениците продолжува).

Чекај те ве молам, да ги расплетеме работите нема да успееме, да се вратиме на темата, инаку нема излез.

(Пратеникот Вангел Симев без да добие право на збор излегува на говорница).

(Реакција на пратениците).

Чекајте малку, него му е направена репликата, на негово излагање.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Благодарам. Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Претходниот кандидат спомна некоја Ресавска школа кога мораше да си ја прочита реченицата која му ја напишаа, на крај, за да заврши со нејзе, но реченицата не е толку битна, колку е битно она што го кажа некој не е овде роден, не ја чувствува патриотската, нема патриотски чувства кон Македонија и да изиграва голем патриот на Македонија. Точно господине Љутвиу. Јас не сум роден овде, во оваа Македонија, Вардарска, но ја сакам милион пати повеќе од тебе. Ви ја сакате Албанија, не ја сакате Македонија. Татковина вас ви е Македонија, само не знам дали сте родени во Македонија, во Оваа Вардарска Македонија.

Јас сум роден, ако толку Ве интересира во Егејскиот дел на Македонија.

Не знам колку ја знаете историјата ...

(Реакција на некои пратеници од место).

Е, друг пат кога ќе се јавувате на говорница треба да се подготвите и да настапите подготвени. Вака многу неодговорно излегува кога на говорница ќе се јавите неподготвени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика бара уште еден нероден овде, што не е роден во Македонија.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не сум споменат воопшто, но алузијата на Македонците од Беломорскиот дел на Македонија апсолутно ме погоди. Ќе ви кажам зошто сме дојдени овде. Заради истите тие кои денеска продаваат демократија и кои ви даваат апсолутна поддршка во терористичките напади, од денешните бранители на граѓанските права, од господата преку "барата", Аглосаксонците кои 1е48-4е година ги палеа македонските села и вршеа проби со напон со бомбите. Затоа сме и тука дојдени и разнебитени низ цела Европа. Јас случајно сум роден во Будимпешта, мојата сестра е случајно родена во Јесеник, на Германска граница, денеска град во Чешка. Од тие причини сме дојдени овде, а вашиот патриотизам го докажавте изминатите 6 месеци.

Нашата борба за права беше бесмислена затоа што бевме жртви на еден многу поголем заговор отколку што вие ќе бидете. И тие истите Аглосаксонци денеска кои ви даваат поддршка, тајно не јавно во моментот кога ќе почувствуваа дека не им требата ќе ви го свртат грбот и ќе ве снајде полоша судбина отколку мене што ме снашла.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може да престанеме со престрелки да се концентрираме на работа.

Има збор господинот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Мојата реплика е кон г. Сејфедин Харуни затао што он кажа една голема лага, а тоа е дека пратениците и политичарите членови на ВМРО-ДПМНЕ повикувале на војна.

Јас не познавам г. Харуни ниту еден, ниту политичар ниту член на ВМРО-ДПМНЕ некој што повикува на војна. Но, господине Харуни познавам безброј, да неречам ее% од членовите на ВМРО-ДПМНЕ кои што повикуваа на одбрана на својата татковина. Тоа е голема разлика г. Харуни.

Втора работа, вие како голем говорник за мир, тука што излеговте би сакал да ви го поставам прашањето: каде се наоѓаше г. Харуни изминатите месеци вашиот син? Исто, и он се бореше за мир, би сакал ако не ви смета да ми одговорите на моето второ прашање.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Никој не е должен да одговара на прашање на пратеник.

Има збор г. Столе Попов.

Прашањата можат да се упатуваат на претставници на Влада и избрани функционери од Собранието.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Прво, навистина не ми беше јасно како дотичните господа дојдоа до збор, затоа што тоа беше дискусија и не се изјасниja чија реплика беше. Значи, не

беше реполика, туку беше нивна дискусија.

Јас би сакал да упатам една реплика чисто до г. Демуш Бајрами, кој што го цитираше г. Џафери и рече дека г. Џафери повикуваше на демократизација на кризата, а кризата навлезе во демократијата, ако точно се сеќавам да го цитирам. Меѓутоа, би сакал да напоменам дека кризата во демократијата ја внесе, и тоа го тврдам, Владата на големата коалиција за да овозможи нелегитимни преговори во Охрид. Ако не беше така, јас би го прашал г. Бајрами зошто ДПА не ја поддржа ниеднаш, не ги поддржа барањата на малите партии кои што беа вон коалицијата, барањата за работа на Парламентот, за која ние сметаме дека беше суспендирана. Да не беше суспендиран Парламентот во овие 5 месеци, не знам колку се, веројатно ќе отпочнеше една легитимна во Уставот предвидена и зацртана расправа која што неминовно мораше да се расправа во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор г. Јордан Бошков.

(Господинот Сејфедин Харуни бара збор за реплика).

Вие си ги потрошивте сите 10 мин. наеднаш.

Повелете г. Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван г. претседател, дами и господо.

Оваа, сепак жешка тема, јас би сакал од свој аспект малку да ја осветлам.

Тие случувања во Република Македонија, кои земјата ја завија во црно, на многу семејства им донесоа неизмерна болка не не одминаа нас како пратеници и тоа најмалку на емотивен план, а некои од нас беа и вклучени на еден или друг начин во тие случувања. Точно е дека ние сме исклучени од одговорност, односно изземени, барем додека сме со овој мандат тука, но исто така точно е дека совеста наградува или казнува на најмериторен начин. Јас се обидов со различни пристапи нешто да придонесам за разигрување на парламентарната димензија односно да се стави во функција на работење претставничкио дом. Моите напори заедно со неколку други колеги не вродија плод. Имаше и неколку пратенички групи кои не се толку крупни, но поединечно сепак даваа можеби збирно над 30 пратеници, кои исто инсистираа претставничкиот дом да не биде исклучен од случувањата. Немаше готовност, барем не во доволна мерка за избраниците на народот, тие врз кои е пренесен суверенитетот на некаков начин да придонесат ...

**ЈОРДАН БОШКОВ**: (продолжение)

По разгледувањето, евентуалното анализирање и решавањето на оваа криза, извршната власт потфрли јас би кажал на целата линија. Ние имавме само во месецот март една седница на која ги донесовме Заклучоците, заклучоци кои вам можеби ви се повеќе во сеќавање отколку мене, иако јас неколку пати ги читав оттогаш наваму. Но во нив беше содржана би кажал една наредба од овој дом до факторите на теренот, а тоа беше да се локализира и да се отстрани конфликтот. Напротив, ние видовме нешто спротивно. Претставничкиот дом за сиот период, па и на трагични жртви, ете и на бомбардирања, ако сакате и на расселувања на невиден терор не испита она што е негова изворна надлежност, а тоа секако е контрола врз извршната власт.

Мојот заклучок е дека, следејќи совети, ние направивме катастрофални грешки. Воспоставувањето голема коалиција требаше да придонесе за неутрализирање на конфликтот, напротив, откако стапи на функција Владата во сегашниот состав, ние не гледаме функционирање на колективен орган. Министрите поединечно нормално раководат со своите ресори, но секој раководи за себе. Жално е тоа што нема координација. Ние имавме и пред воспоставувањето на оваа коалициона Влада ситуација министерот за одбрана да е слаба точка во нејзиниот организам. И повторно не се занимававме со тоа. Мислам дека и тогашната опозиција комплетно тоа го предвиде, односно сакаше да не го гледа. Сега ќе се бара одговорност. И не само одговорност, туку сега веќе се донесува суд кој е тоа што сака војна, односно кого треба да идентифицираме со онакви типови што умејат и на живи луѓе да врзат динамит и нив да ги разнесат и тоа оттука кои се тие што би биле такви, а и кои се тие кои ете личат на гулаби кои носат маслинови гранчиња. Јас не мислам дека овде во Собранието меѓу вас ценети колешки и колеги има такви, ниту од едните ниту од другите крајности. Но јас сметам дека ние имаме налог оваа држава да ја сочуваме во нејзината изворна форма. Изворната форма се документите од АСНОМ-1е44 година . Не е тоа ни Уставот од 1ее1 година. Колку и да сака некој на тој Устав да му бара недоследности или недостатоци, но ете и

најповиканата куќа за оценка на состојбите во демократијата односно Советот на Европа, оцени дека не е потребен мониторинг за Република Макеоднија. Сепак, овде колективно, да не кажам општествено се ујдисуваме на промени, кои целосно ја рушат архитектурата на Македонската држава.

Јас да ви кажам отворено, кандидирајќи се 1ее8 година немав впечаток дека нешто такво мене било кој од избирачите мене ми дава за право. Исто така, немав впечаток дека и сега во текот на овој период јас добивам толкава комоција. Многу е опасно што кај нас во политиката се промовираше јавното мнение како последен фактор. Знаете, јавноста цени ова мора да биде, според тоа и носителите на мандат или функција ќе се приклонат, тоа нам ни се случи еднаш на пример кога претседателот на Републиката одби да го потипше Указот за прогласување на Законот за пратеници, а со тој закон имаше извесни права, кои можеби не беа во согласност со други делови од законодавството, но пред се имаше солидна доза на одговорност и обврски за пратениците за прв пат во Република Македонија, но тоа целосно се превидуваше. Но упорно јавноста е таа која одлучува. Замислете, тогаш немавте потреба ни од претставнички дом, па зошто тогаш да имате толку скапи установи, ако јавноста според нивното мнение може да влијае врз одлуките. Па каде во политиката им било лесно на тие кои се со мандат, и ако тие се повинуваат според јавноста, тогаш како ќе одат работите.Ние сме должни според својата совест да се однесуваме. Јас немам никакво овластување документите од 1е44 година да ги ревидирам. Ова што се случи со тој дијалог, инаку, во заклучоците на Собранието од март месец стоеше дека ќе се отпочне дијалог, а не преговори кои на крај ќе завршат или кои ќе финишираат со договор. Уште помалку пак Дека тоа ќе ги обврзува сите други.

Сакам да нагласам Дека ние не сме овластени да пристапиме кон такви темелни измени, иако јас лично решенијата во Уставот од 1991 година по многу прашања, посебно од аспект на функционалност, не ги ценам високо. Но во 1991 година тие беа констелациите, тие беа односите на сили. 1991 година Не можеше никако да се ујдисаме дали ќе имаме парламентарна демократија или претседателски систем, па најдовме некое интервално решение кое во практиката гледаме во сите витални сегменти на државата, надворешната и безбедносната политика, до некаде правосудството води до трокирање, а јас би кажал и во монетарнат сфера. Но што можеме? Тоа бва тие односи. Потоа Собранието како такво не е добро дефинирано. Но овие нешта кои се заговараат, за жал, не навлегуваат во ниедна од слабостите, барем јас како што ги гледам во тој Устав. Напротив, тие ја разградуваат архитектурата и можно е утврдат таа држава да не биде ниту витална ниту интересна за никого.

Јас се обидов моите размислувања да ги ставам на хартија и на тој начин да придонесам во дебатата, но како што уточнивме такво нешто не постоело кај нас според Деловникот, така што ќе морам некој нешта сега бегло да ги споменам.

Во суштина кризата бидејќи е толку сеопфатна, сметам дека за нејзино решавање има место да се ангажираат и нашите партнери од странство. Најнапред партнерот пријателот е потребен во нужда, кога има неволја. Несфатливо е на наша територија да се собираат толкави оружја, несфатливо на наша територија ѕверства да се случуваат со органите или со безбедносните структури, а при тоа нашите партенри да немаат еднозначен став. Ставот на нашите главни партнери во надворешната политика беше многу јасен од самиот почеток и јас би кажал се до формирањето на оваа голема коалиција прецизни се погледите и тие совети и ставови што ги слушавме од мариторните држави. Органите на државата се должни да се справат со кризата и за тоа тие ќе ги користат легитимните средства. Кај нас тоа органитз не го сторија. Зошто, тоа ќе мора да се претресе на мериторните места, но повторно ќе мора да се активира собраниската машинерија која ете одвај ни е воспоставена, а камо ли да работи, да брефта. Нема ништо од тоа. Повторно контролниот механизам е запоставен потполно.

Политичките партии гледаме дека нивните лидери барем на овие поважнитге, а поважни се бројат според тоа дали имаат пратеници и колку пратеници имаат во Парламентот, склучуваат нешто што не беше во Собранието на никаков начин поддржано во март, а сега се инсистира тој документ да се депонира во органите на Република Македонија, а автентичната верзија е на англиски јазик. Па како тоа ќе оди во оваа правна држава, нејасно ми е.

Накусо би сакал Собранието себе да се сфати сериозно и според тие овластувања кои ги има. Од моите

контакти со преставници од други земји научив дека нашата функција, нашиот мандат се многу силни, само во пракса ние ништо не сме почнале со тој мандат, освен што бираме извршна власт. Па тоа е во ред, има разлики, едни ќе бидат за, односно мнозинството ќе биде за, а малцинството тука ќе биде против. Тоа не е спорно, но спорно е што понатаму. Спорно е дали не може, зошто нема парламентарна завршница. За оваа наша криза парламенти во Европа дебатираат многу подолго и многу почасто отколку ние., а сите се поистоветуваме. Мене ми е големо задоволство да ви кажам дека заедно со други тројца колеги ја прогласивме Групацијата за заштита на Уставот од 1991 година. Главен мотив барем кај мене, јас не можам да зборувам во име на другите, но кај мене главниот мотив за прогласување на таква групација се состоеше во тоа што извршната власт ја сметав за целосно некадарна. Јас тоа и го кажав на редица претставници од белиот свет. Политичките партии кои се должни да воспостават лидери, да воспостават водства, да исфрлат различни комбинации на кадри, тие кај нас не си ја завршија работата и ние ако сме сериозни, ќе мораме да размислиме што со политичките парти во Република Македонија и со своите. Вака, волкава беда врз народот да падне, а тие структури преку кои се воспоставува избраната власт воопшто да не бидат рассветлени тоа е мислам неодговорно.

Мене ми е исто така многу жал што оваа иницијатива, инаку следена во добра мера и од нашите партнери, беше од самиот старт поставена на неправилни основи и на крај завршува со четворка, односно двајца наспроти двајца, и гледаме какво е финалето. А згора на сето тоа имаме и ситуација каде што не сите информации допирале до јавноста, а исто така ни до пратениците, односно до пратениците допирало тоа што тие евентуално можеле да се досетат. Па тоа ли е доволно? Еве, јас ќе ви кажам отворено, јас не добив никаква доверлива информација, а сум член на Парламент односно во дикцијата на Уставот еден од највисоките функционери тука во Република Македонија. Јас не знам ништо повеќе и ништо подобро за тоа што се случувало овие 7 месеци, а јас треба да бидам виновен или заслужен за мирот, односно за отпочнување на процес за мир, процес на мир пацификација. Дали ќе има мир не е јасно, дали ќе биде ситуацијата како што е во Либан односно тоа што го гледавме во Либан или Израел и тоа не е јасно. Ние одбегнувавме, целиот овој период да се зафатиме со нашите надлежности.

Она што сега ние можеме да направиме е да донесеме заклучок оваа иницијатива да не ја прифатиме. Барем од формален аспект не може да биде депониран документ во државен орган на чување кој, евве, е на англиски јазик. Тоа не оди така. Можеме да размислиме како да изгледа Уставот. можеме да размислиме како да ги поставиме односите во Деловникот. Можеме да размислиме за тоа и Се тоа брзо да оди. Можеме да размислиме да поведеме иницијатива за широки консултации со колеги од странство, барем себе да си се најдеме. Вака едно голо прифаќање на понудата, за едните ќе биде феноменално достигнување а за другите Ќе биде пропаст м тука ние *ќе се* поделиме, нема да има зближување, но, за жал, Нема да ни иднина во Република Македонија.

Јас сметам дека во Меѓународната заедница, ако таква постои односно таква формално и нема, туку тоа се различни збирови од интереси на поединечни држави, ние можеМе да пуштиме јасни сигнали. Мое гледише е дека под итно, за нашите пријатели и нашите партнери ние да ги сметаме како сериозни и нивните совети да ги прифаќаме, ќе биде потребно од нивна страна да има чекори, да има отворање. Најнапред е потребно да се воспостави безбедносен појас северно од македонско-југословенската граница, безбедносен појас според топографијата. Не е допустливо одново да има инфилтрации на вооружени лица и да вршат терористички акции. Тоа е едно.

Другиот аспект е што ние сме должни да го расчистиме прашањето на нашиот идентитет или како е прифатен нашиот идентитет македонски кај нашите партнери затоа што 10-тина години на ред, навистина 10 години полни ние немаме признаено име, а тоа дава повод Некој друг да размисли Нешто, поинакви етноси се појасно да се артикулираат. Албанците меѓу нас тоа го сторија. Но со вакви клаузули како што се заговара тука во овој Рамковен договор, ќе настане едноставно, пропагандно кршење или војна кој колкку души има. Ќе се бројат не само мртвите туку и неродените.

Потребно е исто така, покрај дефинирањето односно прифаќањето на нашиот идентитет од страна на нашите партнери, еднозначно да се направат и други чекори. Тие ќе бидат во правец на доближување. ЕУ стори многу со тоа што на почетокот од кризата се согласи да случи спогодба за асоцијација и

стабилизација со Република Македонија. Имено таа и не сметаше дека оваа криза може толку многу да нарасне. Така важна членка во Меѓународната заедница се согласува на почетокот од кризата и токму во правец да се консолидира т.е. да се локализира конфликтот, се согласувам на склучување на таква спогодба. Ние и од тоа не извадивме капитал.

Ќе биде нужно да се симне визниот режим за македонските граѓани. Ние во текот на 10 години имаме, можеби 70 илјади и повеќе лица кои се иселија. Која е функцијата тогаш на визите. И повторно, тие што се иселија, се иселија не во Азискиот сув континент или во Југоисточна Азија или во Африка, или на Антартик.. Тие си се иселија во тие земји каде што постои обврска за носители на наш пасош, да си извадат прво влезна виза. Функцијата на тие визи е деструктивна. Функцијата на тие визи не ги штити нив од ширење на криминал кој евентуално, дали транзитира или потекнува од тука. Не. Функцијата на тие визи едноставно ја слабее приватната иницијатива на ској наш поединец. Ние имаме млада генерација која воопшто не била во контакт со нашите партнери односно со просторите каде што се нашите партнери. Тука не можеме да попуштиме со тоа барање. Потребни се чекори, еднозначни.

Понатаму, не сакам да зборувам за тоа дека е сосема нормално, до колку некој мисли да направи мир, да можат барем протераните лица да се вратат дома и да не Се чувствуваат загрозени. Но мене ме обеспокојува, кога слушам Вести од Тетовско Дека, еве и војници од НАТО поточно од Британскиот корпус се заканувале на македонските бранители.

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (Продолжение)

Тоа не може да оди на добро, јас сум должен да ви кажам дека во разговори со претставници од запад се спомнува од нивна страна дека непријатно им е да се спротивстават на тие барања од албанците, бидејќи тие биле многу незгодни, па евентуално ќе пукаат по КФОР. Проблемот е во тоа што по КФОР може да пукаат и неалбанци и кој ќе може да ги сопре така што ќе мора да се има баланс, нам ни е познато ете при интервенцијата. зборуваше пред малку сега не е тука колегата Флоровски, при интервенцијата во граѓанската војна, така се нарекува, а дали е така господ може да каже на југ од Република Македонија, при таа интервенција кој по кого пукал? Ако сега во тетовско повторно британски војници се со анимозитет, да кажам, со непријателски однос кон македонците, тогаш може да имаме други последици, многу непријатни. Нужно е да се заштити и од пропаганден карактер. За медиумите не сакам да навлегувам, тие се посебна приказна, за мене се катастрофа во овие седум месеци, за жал, и во десетте години, но добро нека останат тие негибнати, но престојот на НАТО односно на Мисијата за спроведување на "Неопходна жетва" е дискутабилен. Дали е легален или не е од аспект на НАТО тој секако е легален бидејќи доаѓа по официјално барање на македонската државна страна.

Јас сум член на Парламент и сакам да мислам или барем да се обидам нешто да прочитам, Законот за одбрана вели нешто поинаку, надлежностите на Собранието кои се. Ако сакате да ги препрочитаме, ако не, не мора, но во членот 17 став или точка 7 таму е запишано дека е задолжителна ратификација на меѓународен договор за влегување, поминување и престојување на странски, јас би кажал ефективни воени сили.

Овој Парламент такво нешто нема ратификувано, Владата не предложи на овој Парламент, ни на претходниот нешто слично. Во член 19 од истиот закон Владата може, според ставот 5 или точка 5 да даде согласност да дојдат такви сили. Но, дајте појаснување дали ние имаме ратификуван меѓународен договор, тоа е многу битно, битно е за чувството кое го имаат нашите граѓани, битно е за тоа како ние еден на друг ќе си гледаме в лице, а исто така битно е за односите со најкрупната воена алијанса кои ние ги воспоставуваме и ги градиме.

Јас би имал толку, за многу нешта нема овој пат да се осврнувам нема да зборувам едноставно мислам дека дебатата и онака е предолга и жалам ако јас сум придонел за нејзино маратонизирање.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Чифлиганец, не е тука,господинот Амди Бајрам, не е тука, господинот Љубомир Поповски се откажа, за сега, господинот Трповски се откажа минатиот пат, но добро не беше тука па еве сега тој има збор.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, На почетокот во потполност се согласувам со ставот оти точка-та што е на дневен ред има историско значење.

Државата Република Македонија се соочи со сериозна воена криза веќе 6 месеци сме сведоци на воени судири. Војната однесе многу човечки животи, многу разурнати куќи,  оштетени имоти, невидено насилство, киднапирани граѓани, етничко чистење, раселени луѓе, многу човечки трауми. Истовремено државата се соочува со економска криза која може да има катастрофални последици во зависност од траењето на вој-ната и одлучноста за решавање на оваа криза.

Под плаштот на остварување на човекови права дојде до оку-пирање на северозападниот дел на државата. Загрозен е територијалниот интегрирет и суверенитет на државата. Лично сум сведок на сите овие настани и страдања што ги донесе оваа војна. За обичниот човек сето ова е просто несватливо што се и се случува на Република Македонија.

Јас се извинувам, меѓутоа, едно е да се почуствува војната и нејзините страдања а друго е за неа само да се говори.

Доста размислував дали да направам анализа за корените на оваа воена криза како и хронолошки да се навратам на сите воени наста-ни со цел да ги пренесам маките и страдањата на луѓето. Меѓутоа,не потценувајќи ги сите овие настани, а посебно страдањата на луѓето со кои, за жал, сеуште се соочуваат императивно и би рекол како посилно од се само по себе се наметнува прашањето што е решението на оваа воена криза.

Едноставно, прашањето е што да се прави помеѓу војната и мирот. Од друга страна неодминлив е фактот од историјата не учи оти сите воени конфликти и судири завршуваат со договор. Ние можеме бескрајно се се конфронтираме, да се убедуваме кој е во право притоа да се немг рационален пристап во решавање на проблемот. Иако предложениот рамковен договор не е идеален и како и секој договор претставува компромис, сепак дава можност за решавање на војната и воспоставување на мирот во држа-вата. Не треба да заборавиме само еден од фактите оти со договорот посебно се гарантира територијалниот интегритет и суверенитетот на државата. Почитувани колеги пратеници, верувајте оти најповеќе од сите мирот им е потребен на граѓаните зафатени со воените дејствија. И на крајот истовремено апелирам за што побрзо ослободување на кидна-пмраните лица и што побрзо создавање на услови за враќањето на бегал-ците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Во изминатите неколку денови многу е речено, направени се анализи околу планот, околу анексот на уставните промени, ние имаме тема на оваа седница само за уставните промени, меѓутоа, во недоста-ток на седница во изминатите чети пет месеци која неколку парти ја бараа, нивните пратенички групи за да тензиите кои се во Република Македонија се истишат прво тука, со зборови да се разбереме, немавме прилика и со оглед на тоа јас ќе се задржам и на делот на актуелната политичко-безбедносна состојба која која нормално кореспондира и со целиот план таканаречен план на претседателот на државата, меѓутоа во самото начело сакам да дадам некои дефиниции во однос на одредени поими кои ќе ги наречам за да нема недоразбирање и едноставно се произнесам да не бидам погрешно разбран во смисла дека не сакам после рег лики во однос на тие термини што ќе ги употребам погрешно се разберат.

Македонците во Република Македонија, државјани на Република Македонија ќе ги наречам македонските македонци, албанците државјани на Република Македонија ќе ги викам македонските албанци и сите други националности кои се спрема Уставот на Република Македонија.Зошто ова? Затоа што македонци има и во соседните држави, има и преку океанот, Канада, Америка, Австралија, меѓутоа, очигледно дека ние треба да направиме еден друг модел за сите граѓани на Република Македонија кои сметам дека треба да ги викаме македонска нација и сите македон-ски македонци, македонски албанци, турци, срби, роми, власи, бопнваци и сите други етнички групи кои живеат и се граѓани на Република Македонија ја претставуваат таа македонска нација.Зошто ги дефинирам во начело, ова не е поделба, туку едноставно фактички оди со цел да се сплотиме како македонска нација затоа што сакам да направам дистинкција помеѓу оние македонски албанци и другите што се од Косово, од Албанија, затоа што во крајна линија тие се граѓани на оваа наша држава и интересите треба да им се тука.

Кога зборуваме зошто се случи ова, која е целта, каде се корените, јас ќе се обидам да не повторам, бидејќи многу колеги направија добри анализи и јас се согласувам со многу анализи, меѓутоа, има

четири основни услови или претпоставки за ова да ни се случи.

Првата претпоставка е да имаме една националност која има своја држава значи и таа националност треба да биде за да се крене на едно вакво вооружено екстремистичко и терористичко делување да биде задоено од матичната држава значи постои модел на иредентистичка држа-ва и нашата во која таа националност живее која е анти и ред е нтистичка држава.

Понатаму, треба да имаме како што Македонија ги има соседите кои низ историјата а имале свои аспирации, многу е речено, јас нема посебно да се задржувам на тоа.

Како втора претпоставка, меѓутоа таа националност која живее во Република Македонија и има своја матична држава кај нејзините граѓани во РМ треба да се внесе иредентистичкиот дух. Затоа ќе направа дистинкција помеѓу македонските албанци и многу мал дел на албанците кои се во Република Македонија кои се со таков дух, тој дух треба отворено еднаш да расправаме на таа тема, долги низ години е и некогаш се става во обланди со човечки права друг пат со други одреденк права меѓутоа во суштина се работи со една цел една стереотипна историска идеа за големите држави која впрочем 1ее6 година, беше дадена во про-гласот каде фактички дека сите албанци треба да живеат во иста држава која исто толку националистичка идеја како што беше идејата за Голема Србија, под режимот на Милошевиќ и нема никаква разлика помеѓу тие две идеи.

Како трета претпоставка за да успее еден таков модел или концепт на нашиот македонски синдром секако треба да се придобие една голема сила која што, една или две, не е битно, значи дел од таканаре-чена меѓународна заедница која ќе поддржи една таква идеа.

Нормално, четвртата претпоставка тоа е дека државата треба да биде слаба, да нема јаки институции, да нема добра економска, социјална, воена безбедносна ситуација каде може да се одбрани од ваква идеа.

Во изминатите шест месеци нам ни се поклопија сите четири претопоставки и од тие четири претпоставки фактички дојдовме во оваа ситуација. Зошто, јас една по една ќе елаборирам, сакам да бидам раз-бран дека мојата дискусија нема да оди во правец на разнебидување или на сеење на разлики, не зборувам сега во однос македонците или другите националности или македонските албанци, зборувам за македонскатга наци-ја, затоа што единствено како еден карактер на држава што треба да го направиме можеме да опстанеме, тоа низ историјата се покажа, затоа се распаднаа и другите држави и Југославија и тн., ако опстоиме и направиме Република Македонија да има македонска нација која сите кои се граѓани на Република Македонија ја сочинуваат, ќе се борат за интере-сите на таа нација и ќе имаат свои идентични интереси во неа.

Тука секако морам да направам дикстинција за да, пак велам, не бидам погрешно разбран кога ќе кажам албански терористи и екстремисти не правам знак на еднаквост со македонските албанци. Зошто? Па, со било која цифра да се каправи анализа е се види дека тоа максимум може да дојде до 0,4% сите терористи да се соберат во најнеповолната варијанта од популацијата во Република Македонија. Тоа сепак кажува за одредени релации кои не можат да донесат никаков друпзаклучок освен дека екстремистите албанци и терористи, кои што секако и знаеме дека не се сите од албанско етничко потекло, неможеме да ги поостоветиме ни во интересите ниту во целите при ова криза со македонските албанци. Каде се наоѓат сега тука политичките елити. Особено политичките елити на албанските партии. Еден од дипломатите со кој имавме средби во изминатиот период отворено ни кажуваа дури и на тој таканаречен во Нерези каде што се подготвуваше Влада на широка коалиција, се спротивстави дипломатот е со едно 30-годишно искуство да се прави Влада на широка коалција во услови кога за една година неполна се планираат избори.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

(Продолжение)

Зошто? Од едноставна причина, затоа што сите партии кои веќе учествуваат во таа Влада на широка коалиција ќе влечат на апртиските интереси. Тука не зборувам апсолутно во однос на албанските апртии или другите партии кои се од македонскиот дел или граѓанските партии. Ние и тогаш искажавме сомневање Дека еден вакво концепт Нема да донесе стабилзација на политичко безбедносна ситуација, меѓутоа го подржавме тоа , затоа што сметавме дкеа штом сите апртии Се согласија со еден таков концепт, таканаречената меѓународна заедница, значи Европската унија, САД, НАТО, ОБСЕ и т.н., беа на таа страна , без оглед како во текот на тие преговори Се произнесуваа, го искажав

мислењето на тогашниот претставник на ОБСЕ и Се спроведе тоа што се спровеДе, Влада на широка коалиција. Меѓутоа, очигледно, сите актери во таа Влада имаа различни пристапи и методи и едноставно од учебник најосновните методи за справување со криза не се почитувани, зашто се отиде само на едно решение, вонинституционални разговори на една врхушка од четири плус еден, група луѓе која фактички немаше мандат за едни такви промени и едноставно се поништи се она што во Уставот на РМ е предвидено Дека во такви ситуации може да се употреби за да Се надмине една таква криза. Кога велам дистинкција правам и меѓу албанските партии, значи меѓу ПДП, ДПА и т.н., меѓу партиите ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и останатите учеснички во таа широк акоалиција, затоа што тоа ми дава за право да правам таква дистинкција бидејки во целиот овој низ од 5, 6 месеци како постои кризата имавме неединство Меу сите тие актери и настани кои покажуваа дека едни со други не само во политичка смисла туку и во безбедносна не одат во ист правец. Тоа не беа унисони ниту разговори ниту акции и сега со еден пример да кажам сите имаме, се искажаа мои колеги пратеници и пријатели и ода албанците и од другите националности во РМ, имаа притисоци не само од безбедносните сили или од некоја си терористичка си организација, туку имаа притисоци, јавувања по телефони, закани и од другата партија, значи и од припадници од иста етничка припадност, меѓутоа, од другите партии. Што кажува тоа? Тоа кажува дека во многу незгоден период ни се случи сето ова и овие основни претпоставки што ги кажувавме и што ги искажав довбдоа до една многу сложена ситуација, каде што нормално тешко е да се најде едно решение каде што сите ќе се согласат и заедно ќе излеземе од оваа криза. Заборавивме еден основен принцип дека ајлесно може да се поднесе данок во пари, а дека никако не може да се поднесе данок во крв и дозволивме еден долг период од неколку месеци секавично да не изреагираме како држава и во корен да не се потиснат некои појави кои ескалираа и врз база на што сите се губитници, особено оние што се избркани од своите домови неправам никаква разлика, статискитката ќе каже колку се македонци, колку се македонски албанци и другите националности. Меѓутоа, во секој случај целата македонска нација изгуби со сето тоа.

Меѓутоа, каде се корените и каде се залепи политичкиот блок на двете албански партии на целата оваа шема?

Ако тргнеме од почеток во оваа анализа, беше очигледно јасно дека после Танушевци првото коминике на УЧК, односно ОНА беше дека тие се спротивставуваат на тоа што РМ може да преговара со Југославија за границите и дека се територијални претензии. Сега е ирелевантно , но ние како партија се обративме до претседателот и го повикавме да го свика Советот за национална безбедност, меѓутоа, одговорот беше не можам јас за било какви криминалци да си го напуштам патот во Давос. Значи, во почетокот не се процени и оцени сериозноста на ситуацијата од Врховниот командат и од неговите советници, Кабинетот, за да може веднаш да се свика Советот за национална безбедност и на еден нормален начин како во секоја организирана држава да се пристапи на елиминирање на причините на еден таков почеток, кој што нормално ескалираше до ова што го имаме денес.

Меѓутоа, зошто се налепија? Заради тепихот, бидејки целиот политички смет е буткан под тепих. Се дозволи 1991 година да се донесе Устав на РМ, а тогашните парламентарци од македонците албанци да не го изгласаат. Јас ќе поставам едно хипотетичко прашање. Зарем не можеше уште месец два да се почека, да се направаг напори и да се изнајдат решенија кои ќе втемелат крајни решенија за да бидат задоволни сите граѓани на РМ и да немаме постојано генератор на криза, да немаме постојано еден отворен гап врз кој ќе се потпираат разно разни барања во однос на Уставот. Тогаш се немаше волја се немаше тогаш визија дека едно такво нерешавање, бутање под тепих на одредени проблеми, може да доведе после нполни десет години до една огромна криза каква што Македонија ја немала во својата понова историја.

Не сакам да зборувам за знамето и за пописот, меѓутоа, сметам дека е голема одговорност на сите политичари од тоа време. Тогаш јас мислам дека многу граѓани од РМ незнаат, без оглед што не се однесува директно до македонските албанци прашањето за прием во Обединетите нации, дека официјално барање за прием во ОН е доставено на 7 јануари 1993 година. Пак хипотетички: Па сигурен сум дека обратно ќе беше, да се доставеше тоа официјално барање 6 месеци понапред, немаше да отиде преку каналите на ЕУ и тогаш не ќе имавме проблем од Грција и ќе бевме примени во ОН под уставното име Република Макеоднија, во тоа сум сигурен.

Што значи тоа? После тоа заради тоа име , референцата и сите односи, ние имавме блокади од јужниот сосед. Јас реков дека нема да се задржувам на односите со Грција, историски гледано со Бугарија, Југославија и т.н.Меѓутоа, економски се девастираше Македонија во тој период и се овозможи еден огромен криминал, кој што сите го знаат во РМ до последен граѓанин и во руралните средини, и тоа доведе до огромен пад во економијата, кој нормално се реперкуира и на социјално и економско поле и се доведовме до една ситуација која не можеше да се надмине. Во таа смисла, тогаш никој немаше визија. Имаше идеи за историски договор, имаше идеи за надминување на овие разлики што беа меѓу македонските албанци, македонските македонци и другите националности вкупно, меѓутоа, се сметаше дека еве тоа е некој заговор. Визијата беше да се реши и да се стави точка на сите отворени прашања за да може РМ непречено да се развива, да има еден демократски развој и мирно да се развива понатаму. Очигледно јас сакам тука да дефинирам што значи мир. Мир не е непукање, драги мои колеги. Мир претставува благосостојба, мир претставува услови за развој, економски и социјален. Мир претставува можноста за перспектива и за младите да се образуваат, да учат, да се вработат и т.н. Тоа е мир. Тоа е многу покомплексна работа одтколку ние што се занесуваме дека тоа е едноставно само ако не се пука. Едни такви визионерски идеи ние не успеавме, тукукако што имаме код со кој јас не се согласувам дека макеоднски синдром е дека еден со друг ќе се испотепаат затоа што некој оди понапред со својата визија, ние го уништивме и единственото можно решение на тој конфликт кој постоеше и еве го постои и сега, ние можеме да се препознаеме тука.

Меѓутоа, реков дека 1996 година е реафирмиран или иновиран или моделиран тој албански , би рекол сеалбански повик на обидинување и сега навистина доаѓаме до една ситуација, се случи тоа ќто се случи во изминатите 5, 6 месеци, меѓутоа, јас гледам еден голем апсурд. Зошто? Ние како Република Македнија потпишавме први од групата кои сме во односи со ЕУ Договор за ставилизација и асоцијација на 24 ноември минатата година, го потпишавме Договорот кој ни дава по тогашни услови максимум десет години за да бидеме полноправна членка, нормално низ тие десет години да завршиме огромен број реформи, не само ние да донесеме закони, туку тие закони да ги спроведеме во живо, економски, образовни, по сите оние директиви кои ги знаеме, 130 илјади страници кои ни се дадени од ЕУ, каде што ние не се спориме со ЕУ. Едноставно треба да ги имплементираме и да ги прифатиме како наши. Сега, каде е апсурдот. Нормално после десет години ќе немаме визи, сега незнам, може да бидат 15, 20 години, може никогаш после ова . Не сакам да сум песимиста, јас ќе кажам на крајот дека сум оптимиста дека ќе излеземе од оваа криза, меѓутоа, тогана проекција беше за 10 години. Каде се сега корелациите меѓу оваа идеја од 1ее6 година и се ова што се бара со перспективите што ги пружа Договорот за стабилизација и асоцијација и влегувањето како полноправна членка на ЕУ. Значи, паѓа, депласирана е таа идеја. Тоа сакам на нашите колеги тука , пред се на македонските албанци да им кажам дека та идеја е депласирана, сосема се други стандардите и сосема е друг модерен пристап кон глобалните цели, колку да ги прифаќаме или не. Денес се знае како оди светот во однос на глобализацијата. Ние сме мала земја, меѓутоа, решивме да одиме по тој пат и немаме друг пат кој може да не извлече од оваа ситуација. Меѓутоа, низ последователни грешки, тој тепихот за кој зборувам, не доведе до оваа ситуација. На времето се зборуваше дека Македонија треба да биде демилитаризирана зона, дека треба да биде Сингапур на Балканот и ние немавме ни армија , ни оружје , ништо, за да се справме на почетокот со оваа криза. Значи, еден аспект е она што го зборував, моќ за просудување и да се оцени дека треба веднаш да се елиминира во коренот појавата која што се јави во Танушевци, а од друга страна немавме ниту средства ниту некој размислуваше за иднината на РМ. Значи погрешни тези.

За правна држава да не зборуваме, сите знаеме дека од милион закони апсолутно не се почитува поголемиот број. За тоа сум зборувал од оваа говорниц аи многу од Вас колеги сте зборувале за спроведување на законите, а тоа е основниот предуслов ние не да влеземе во ЕУ, прво да се средиме самите себе си. Зошто? Јас се чудам, кога ќе отидеме во било која западноевропска земја на милиметар се паркираат колите, а да не зборувам за некои смешни износи, претседатели на држави кои срушија Берлински ѕидови и т.н. се ставаат на тапет, а кога ќе дојдат претставниците, дипломатите од таканаречените меѓународни организации кај нас се однесуваат, влегуваат во разни дејанија, барем според пишувањето на медиумите, претпоставувам дека некои се и точни, меѓутоа, ги гледаме како се однесуваат бидејки живееме во РМ и тие апсолутно не не почитуваат затоа што ние смаи не се почитуваме, не ги спроведуваме основните

правила кои треба да се почитуваат во нашата држава.

Штодобивме сега како резултат на сите тие планови и анекси што ни се предложени, а ние денес треба да го гледаме анексот на уставните промени. Од една преамбула која ги дава историските факти, ние добивме граѓанска преамбула, од еден граѓански Устав за кој ќе се осврнам дека ние и порано сме се залагале да се промени, ќе објаснам во кои сегменти, ние добивме мултиетнички Устав. Значи се е обратно. Ние фактички ја извртевме целата оваа работа. Зошто?

1ее8 година кога влеговме во коалицијата на власт, синоша и г-динот Клмимовски загатна малку околу стратегијата и во законит еи во промените на Уставот, ние се обидовме да ги продлабочиме граѓанските права. Продлабочувањето ан граѓанските права подразбира , и тоа ни беше во стратегијата, прво тоталноодвојување на трите власти, извршната, законодавната и судската. Особено беше битно да се одвои судската власт. Зошто? Затоа што ние сега имаме ситуација Собраието да ги избира членовите на Републичкиот судски совет, дел од нив, и да ги избира судиите по предлогот на Републичкиот судски совет. Јас ќе ви кажам низа примери, сум разговарал и со мои колеги пратеници, апсолутно немаат поим за кои судии се работи , какви се нивните резултати и едноставно имаме таков волонтаризам во однос на тие гласања, да не зборувам дека и партиски се поделуваат, што ние се доведовме во ситуација со вакви решенија, кои нормално Уставот ги стипулира, тоа е таа рамка што сакавме да ја прошириме во тој однос. Претесен беше, не велиме дека претходниот Устав има големи фалинки, меѓутоа, сакавме тој дел да го измениме, едноставно да го направиме по демократски и не ние од партиите да делуваме за некои судии да се избираат и да правиме притисоци, за да токму во делот на изборот на судиите да се покаже дека тотално тоа е независна власт.

И вториот сегмент нормално беше околу Буџетот едноставно и финансирањето на судиите да биде независно од било која институција, за да не се прават притисоците.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ**: (продолжение)

Меѓутоа, таа промена и низа други, сега да не елаборирам што ги заговаравме во почетокот на 1еее година, е драстично различна од оваа промена што сега се бара од нас. Самиот процес беше тотално изменет. Јас нешто спомнав, меѓутоа, морам да се осврнам и на процесот не само да критикувам, туку и затоа што сметам према она што ќе го предложам на крај дека треба да се извади една поука и врз база на таа поука понатаму да се работи. Ние имавме соработници, божем експерти и кај претседателот на Државата, имаше експерти и партиски итн., меѓутоа, срамота е во една држава која што има свој Универзитет, ниеден професор по Уставно право да не биде во ниеден тим кој што учествуваше во предлагањето или иницијатива за уставните промени, а да не зборувам и за крајни решенија на тие промени.

Јас ќе потсетам дека ние кога зборував за фабричката грешка и буткање под тепиход, а фабричката грешка е односно ја нареков со говорот со еден од потписниците на овој договор Охридски, фабричката грешка која што ја спомнав со неприфаќањето на албанските партии и негласањето на Уставот во 1ее1 година, ние сега правиме можност за нова фабричка грешка. Кога ќе се купи автомобил ако има фабричка грешка, тогаш се менува моторот. Меѓутоа, ние имаме неколку фабрички грешки и ќе треба целиот автомобил да го смениме. Која е таа фабртичка грешка. Повторно се доведвуаме во ситуација ако Универзитетот еве сум копал малку по историјатот во процесот на донесувањето на Уставот, Универзитетот, не само професорите по Уставно право, туку и други професори во 1991 година, направија материјал и има стенограм од 400 страници, кои стојат во архива тука во Собранието, не се чепнати бидејќи тогашните уставоносци рекоа не треба да гледаме, ова е добро, ќе се наруши концептот ако било што од тоа се земе. И сега сме во иста таква ситуација и пак ќе направиме фабричка грешка. Еве хипотетички да го изгласаме и првата и втората фаза, па утре ќе ни се јави за една година или за пет години обратен процес. Ние постојано ќе се расправаме со фабрички грешки или еднаш ќе ставиме точка, меѓутоа, заедно сите од македонската нација, што ја нареков на почетокот. Да не зборувам чиј е планот. Тука беше многу речено не сакам да се повторува, но сепак, морам да кажам една моја лична опсервација, а тоа е кога не знаеме одредена работа да сработиме, треба да ги најдеме луѓето кои што ја знаат. Тоа значи пристап кој што знаат, каков е моделот и кој што знаат тактика на преговарање. Дали се работи преговарање со другите од Меѓународната заедница олеснувачи и медијатори или со другиот блок, без оглед што се беше изместено од нормалниот тек, затоа што имавме преговори помеѓу македонски и албански партии. За тоа кажуваа мои колеги и не сакам да се повторува. И, од четирите претпоставки кои се потребни за една ваква криза, јас ќе се задржам само на една. Сакам да направам апсолутно една исправка и би ги

замолил сите мои колеги пратеници да не го плукаат НАТО, да не ги напаѓаат соседните држави, да не го напаѓаат никого, бидејќи суштината е кај нас. Затоа што, нужен услов за се ова што ни се случи се четирите претпоставки. Меѓутоа, четвртата, а тоа е слаба држава, слаби институции, демаскирани сите полиња од економијата, Армијата, безбедносните сили, функционирањето итњ, е единствен услов кој што можеше да не одбрани и да имаме гард да се одбраниме и пред Меѓународната заедница и пред било кој други сили, за кои што слушаме дека се вакви или такви. Јасно е,. прочитани се сите книги и на сите ни е јасно, се гледа од сите дискусии. И, Медиумите тоа обично го знаат. Ние, прво, треба да си погледнеме кај нас. Која е таа слабост на државата што ни се случи. Јас некои историски ги спомнав околу фабричките грешки, околу тепихот, меѓутоа, едноставно ние немавме дипломатија спремна тоа да го направи. Затоа што, кога спомнав учебници по менауменотот за кризи се знае дека има 7-8 области кои паралелно и фронтално треба да се удрат, но конзистентно од претседателот на државата, од Владата и сите чинители во таа Влада. Впрочем ја изгласавме таа Влада на широка коалиција, за да се договорат сите партиципиенти во неа, за да се дојде до еден таков резултат. Не се имаше конфликт менаџмент, не се направија воени мерки и тогаш се расправавме со 11 или 13 милиони марки на претходниот министер, не се направија економски и социјални мерки за кризата, за да може веднаш да се ублажат, ако не да се решат одредени проблеми со избрканите и расселени лица, заради воени дејствија, без оглед од која страна се. Не се направи план за политички понатамошен развој и владините Мерки кои што ќе бидат конзистентни, легалните и судски мерки кој што требаше да следат и се да се стави на страна да бидат судовите и сите институции од правосудството во функција на справување со кризата, а да не зборувам за комуникациски, образовни и се она што понатаму треба да следи, мерки за доверба што паралелно требаше да се направат. Тоа требаше да биде планот на претседателот а не само политички мерки без воени и овие другиве што ги спомнав. Зошто се доведовме во оваа ситуација, реков на почетокот, голема одговорност има претседателот на Собранието кој кога дојде рече дека ќе го дигне дигнитетот на Собранието, меѓутоа, не успеа да се извлече од притисок дали на претседателот, дали на Владата, јас не знам, тоа може тој да го каже, но да не работи Собранието, многу убаво пред извесно време кажа мојот колега Анушев, сите Парламенти во Европа не да расправаат, ние бевме една делегација од неколку партии, седум партии во Бундестагот за да им објасниме на сите фракции во Бундестагот што се случува во Макеоднија, а ние не расправаме во сопствената држава. Тоа е огромна историска одговорност. Огромна историска одговорност да не се расправа во сопствениот Парламент за една криза, каде што ни е доведена државата во прашање.

Преговарачите за некомпетентноста на истите, за оние експертите итн., не сакам да зборувам. Колку погрешно пристапија, многу колумни се напишани, многу написи од новинарите, но на едни максималистички барања од една страна од македонските албанци, ние имавме почетници како мали деца ги пренесоа, ниту имаа искуство, ниту техника и јас би рекол немаме креатори во тоа поле, а имаме само половери кои што ја следеа ситуацијата, бидејќи ние како држава, како Блада, не зборувам како македонска, апсолутно да не ме разберете погрешно, македонски блок немавме план. Тој план на фровик што го употреби претседателот е друга ситуација. Немавме платформа, ако веќе треба да расправаме за политичкиот дел. Тоа е само еден дел со албанците. Јас сум зборувал од оваа говорница и за време на локалните избори и го спомнав шумарот дека се караме едни со други, СДСМ со ВМРО-ДПМНЕ и тогаш реков дека ќе дојде шумарот, Не знаев тогаш дека шумарот дојде од надвор. Денеска немаме само биполарноста во македонскиот блок. Имаме неколку слоеви на спротивставеност. Имаме тотална разнебителност на македонската нација, како што е дефинирано во началото на моето говорење тука. Рамковниот договор и Анекс.

Првиот и основен принцип кој што го спомнувавме, планот е апсолутно спротивен еден дел со друг. Првиот принцип во планот вели под присила, под притисок не треба да се прават никакви политички отстапки. Тој е доволен, не само нужен, туку и доволна причина воопшто да не се пристапи за гласање на иницијативата. Да не зборуваме дека она што стои во другите основни принципи, ги има пет, но првите четири, дека се обезбедува територијален интегритет, дека улитарна држава, апсолутно блага врска нема со она што е во текстот. Не треба човек да биде професор по Уставно право па да ги прочита како што е напишано. Тие експертите што ги објаснуваат по разни дебатни емисии не можат да не убедат во нешто што го читаме во текстот.

Точно е дека македонскиот народ го губи својот идентитет. Точно е дека не постои унитарен карактер. Имаме јасни облици на бинационална држава. Процедурата во

Собранието тоа е консензуална демократија, дури еве слушнавме синоќа и како на некој начин квази дводомен Парламент ќе имаме и сето тоа е апсолутно спротивно на граѓанскиот концепт и на она што на почетокот реков дека се залагам, а тоа е македонската нација постои и еден граѓански концепт каде што сите ќе бидеме исти. И она кога зборувавме за правна држава, за спроведување на правото, да бидеме исти пред тоа право.

За полиција решението е апсолутно прифатливо. Па, добро, мислам дали на нас ни е јасно на сите тука дека ние сакаме интеграција, а не гетоизација. Мислам дека обидите што се направени во 1ее8 година покажуваат најдобра намера во државата да се пристапи кон една интеграција и апсолутно да на се делиме по етнички припасности. Меѓутоа очигледно дека уште далеку сме и дека многу години треба да поминат да влезе свеста до оној последен граѓанин, па и до овие мои колеги во Парламентот, до вас, дека иднината единствено е можна во една граѓанска држава. Ние не смееме да заборавима позитивните историски и блискоисториски, па и секојдневни релации на линија. Македонци, македонски албанци и други националности. Тоа никако не смееме да го заборавиме. Тука е суштината. Ако тоа го заборавиме, ние апсолутно сме ја промашиле целта и не смееме да седиме во оваа сала. Сите се заколнавме на....

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ванчо Чифлиганец има збор.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри во Владата на Република Македонија и почитувани пратеници,

Иако морам да кажам дека бев се откажал во интерес на времето и во интерес не дуплирање и тридуплирање и педесетто дуплирање на дискусиите од страна на сите нас пратениците, да, материјата е комплексна сложена, многу можности и многу простори има да се дискутира, но да дискутираат 50 или 60 пратеници за една таква материја можеби е доволно но премногу и сигурно некаде ќе се повторуваме.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Бидејќи и претседателот беше најверојатно, во техниката има грешка, не ме повлекле, а да не излезе дека сега ме прозива, па не се јавувам. Јас би рекол со две реченици, единствената причина што дојде до оваа крвава војна, терминологијата, многу такви експерти и од оваа говорница и во медиумите ја користи, пред се се должи на многу конфликти, на многу недоразбирања. Но, јас би рекол, можеби тоа ќе биде една излитена фраза, но ќе го поткрепам со аргументи, тоа е 100 годишното неединство кај македонскиот народ. Кој што сака нека зборува, посебно во последните 10 години и посебно во последните три години, ние ако сме биле многу поединствени Република Македонија ќе била држава уште многу порано, ако сме биле единствени во овој Парламент и меѓу народот сигурно ако 57 години немало војна, ни приближно таков карактер, а одеднаш се создаде војна, причините треба да си ги кажеме овде, затоа што гледаме како сопствениот народ, сопствената популација, сопствената заедница како се штити. Јас ќе се обратам до колегите пратеници, колегите македонски албанци, со целосен респект, никогаш немам резерва кон нив како македонски граѓани без разлика на нивната национална и верска припадност. Но, беа многу спротивставени, зборувам за последните 10 години, во последните три години, но кога дојдоа пошироките интереси на нивната заедница имаат само една цел. Зарем тоа не ни беше доволно уште еден патоказ, еден мотив не на штета на нивната заедница, во корист на другата заедница која со децении, векови е обесправена. Неправдата спрема Македонија не ја прават само сега западните сили, туку е направена уште многу многу одамна, уште пред 90 години кога се делеше Македонија, кога се задушуваше Илинденското Востание и тн. Јас се прашувам, кој може во овој момент, бидејќи немаме друга алтернатива ние македонската популација, македонската националност, македонските граѓани. Ние немаме друго парче на земјината топка, да не зборувам за соседите и тн. И се прашувам кој може да го затити Македонецот? Седам во клупите и си размислувам, на еден мој колега политички конкурент вчера му се обраќам и му велам: колега, што е тој гнев спрема Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и во тоа го вклопуваш твојот сограѓанин Ванчо Чифлиганец? Одговорот беше, се згрозив, ние сме четири браќа, не има за се. Замислете, што и сега ќе зборуваме за единство и поволни услови за единство. И велам, господине, зарем тоа можеш од сопствениот сограѓанин под исто поднебје родени, ист животен пат, од ист социјален слој потекнуваме и тн., тоа да го очекуваш? За жал онаков каков сум скроен, доволно храбар, во мојата фамилија нема ловџии и никогаш немало пушка. Се гордеам со еден прадедо Јошев Чифлиганец кој го пишува во литературата кој македонскиот народ уште тогаш во 1822 година го бранел македонскиот имот, честа и верата и никогаш македонските граѓани, дали се македонци, албанци, турци, срби, или било која партиска

вера, не сум ги делел. Ниту пак луѓето кога сум бил во позиција да ги делам на такви, онакви, или овакви. Затоа сакам од ова место да кажам, нема место кога се интересите на македонската нација, државните интереси. Тоа го велам за македонците, албанците, турците, србите, ромите и власите. И затоа треба некој повеќе, некој помалку, на некој му овозможува сопствениот капацитет и на колективитетот каде што припаѓа партиски, национално, или верски да ја подаде раката за едно поголемо единство меѓу граѓаните на Република Македонија, а посебно кај македонската популација, заедница и националност. Јас од ова место сакам да кажам дека најголема неправда спрема Македонија за последните 10 години сакале, или не, покрај тоа што успеавме да се избориме за сопствена, самостојна суверена држава што сигурно умешноста на македонските граѓани кои со референдум се изјаснија за самостојна држава, туку во тој момент мораме да кажеме и меѓународниот фактор одигра улога да бидеме самостојна држава на еден мирен начин да се отцепиме од претходната федерација Југославија. Тоа е голема придобивка за сите граѓани на Република Македонија и морам да кажам во последните 10 години можеби тоа е најголемиот патриотски чин на нацијата Македонија. Јас сакам да го кажам мојот личен став, неправдата која се прави спрема Македонија. Зарем не ни е доволно дека 10 години со името Република Македонија се шпекулира, дали намерно, ненамерно, но на штета на македонската држава. Ако ние бевме благовремено, а тоа го заслужуваме, а секој од нас во овие клупи и надвор од овие клупи го посакува, да го имавме името Република Македонија можеби ќе смогневме снаги и сили да се справиме и со овие непријатности во кои што Македонија се наоѓа. Немаше да губиме време во амбасадите, во извршната власт и законодавната власт и било која власт за ова прашање. Зарем не е доволно 350 илјади бегалци. Кажете каде во светот како простор по жител прими било која држава во светот, а тоа Македонија го направи и македонските граѓани. Бевме од сите пофалувани и како држава, како граѓани и како партии на власт. Зарем не е доволно во овие клупи се спротивставувавме дали е НАТО интервенција, или НАТО агресија 100, или 80 дена се бомбардираше една наша соседна земја, ние на тоа молчевме и не велевме дека е агресија, интервенција само за доброто на Македонија дека утре ќе бидеме заштитени. Зарем не е доволно толку оружје помина со благослов на македонската држава, не зборувам само за извршната власт, за НАТО, за Запад, за Европа. А денес Западот, јас морам да си го кажам моето мислење, ни возвраќаат со војна. Ни возвраќаат во преамбулата да се брише македонскиот народ. Зарем има граѓанин без разлика дали се во овие, или во овие клупи што може со тоа да се сложи. Мислам дека меѓународниот фактор НАТО, јас и во овој момент би рекол и САД мора да се запрашаат македонските граѓани, македонската држава тоа не го заслужува, затоа што сме се покажале на било кој план како хумани, како кооперативни за соработка и со големите и со малите сили само со една единствена цел за мир и да се зачува државата. Зарем не ни зборува доволно, тоа е мое лично индивидуално гледање да ние сега даваме предлози како да се едуцираат нашите безбедносни сили, дека сме изненадени од војната, од вооружените банди, терористи и тн., веќе незнам која терминологија, но тие ќе бидат за кратко време легални официјални претставници во Република Македонија. Дали јас сакам, дали некој овде сака, или не сака, тоа е објективно да не едуцираат. Вие дали знаете, а знаете добро дека година дена американската амбасада се забарикадираше, не со фи-6 железо, не со фи-10, со фи-100. Зарем тоа не ни зборуваше доволно дека во Македонија ќе се случуваат непријатни сцени, ќе се користи оружјето. Нашите безбедносни сили, колеги пратеници, господо од Запад, од 10 километри можат да се забележат вреќите со кои се заштитуваат. Може да се види и гранулатот на песокот кој е во вреќите, исклучиво бела боја. А видете како нашите западни амбасади се заштитени. Јас ќе кажам за една западна амбасада која секој ден ја гледам, со вреќи со сиво зеленкаста маслинаста боја, не можеме да ги забележиме од 10 метри. И сега зборуваме за помош. И затоа нашите војници, тоа е само еден така класичен, школски пример дека треба единство во овој Парламент помеѓу македонските граѓани. А сите наши војници, дали се од полицијата, армијата на Република Македонија секој ден се изложени да им се случи она што никој не го сака, во неповрат да ги изгубат животите и да останат завиени во црнило нивните фамилии, нивните семејства, нивните куќи, села, градови. Мислам дека кога се во прашање државните интереси, дострелите на македонската држава, тука не би требало да се разликуваме, напротив треба да имаме едно преголемо единство. Затоа што, јас ќа кажам било која коалиција, ако не ги има во прадвид државните интереси, ако со трите, четири основни постулати да се задржи државата.немаат консензус, немаат договор, тоа не е принципиелна коалиција, не е тоа коалиција за државата. Јас еве ги

повикувам моите колеги сопартијци овде кои учествуваат од македонските албанци во власта, зарем требаше до ова да дојде, а да нема една жешка седница на Собранието, жестоко да не се наметнат овие прашања. Зарем требаше со оружјето некој од надвор да ни каже, господо, вие морате тоа да го прифатите. Тоа е

понижување и за сопствената популација, за сопствената заедница, не само за македонската заедница. Мисалам дека тоа е најлошиот пример во светот како треба надвор од институциите на државата не само во Македонија да се негува. Таков пример нема. Дали тоа утре во друг облик, во друга форма, друга група на луѓе нема тоа да го направат? Дали нема да ни се случи во друг дел на Македонија, не сакам да бидам баба Ванѓа, затоа што доволно сум визионер, некогаш ги погодувам работите. Таква група уште понаоружана, уште поприфатена од друга македонска популација да го прифатат. Мислам дека Западот тоа мора да го има во предвид. Овој превид.што е направен во Македонија повторно да не се повтори. Нели е жално, на Западот се молиме и ги афирмираме за милион, два, три милиони марки да ни дадат помош, или пред медиумите, а ние потрошивме нешто повеќе, или околу 500 милиони марки за оваа војна. Да го исклучиме "ТЕЛЕКОМ", тоа се повеќе средства одколку што ги приватизиравме, не зборувам дали се многу пари, или малку, туку фирмите кои беа градени 500 години. Која економија може тоа да го направи, која власт, кои граѓани. Јас се извинувам, можеби не се вклопувам во мислите, но сакам мојот став по ова исклучително прашање да си го кажам како пратеник во овој Парламент, мојот личен став и ќе си го кажам ставот на партијата на која припаѓам. Затоа Западот до колку е толку загрижен за парчето Македонија, мора да ја има во предвид економијата, ветената историска донација, донаторска конференција да биде побрзо затоа што конфликтите нема да се смират со Рамковниот договор и со промените во Уставот. Основното што се провејува, ние мораме да бидеме овде јасни и децидни, економијата ќе наметне уште поголеми конфликти. Затоа што сите граѓани на Република Македонија сакаат да влезат во полугите, во институциите на власта да дојдат до некој принципиелен, или непринципиелен благодет. И баш оние што го земале оружјето, основниот мотив е економската страна, да бидат повластени, да бидат заштитени утре од полицијата, од институциите на власта, затоа што тие луѓе никогаш не биле во работен однос како што многу македонски граѓани од македонската заедница и популација. Ние утре ќе имаме можеби не таков облик, форма, ќе имаме граѓански конфликт, затоа што сме крајно исцрпени, сиромашни, каде што имаме 400 илјади невработени. Затоа господо пратеници и јас овде се вклопувам, мораме амбиентот политички, граѓански да го менуваме. Партизацијата која од ден на ден се повеќе е застапена, треба од ден на ден да биде што помалку присутна, затоа што.обичниот граѓанин каде што не е определен, граѓанинот каде што членува во мала партија, каде е неговиот интерес како личност, како граѓанин на Република Македонија да го најде овде. Тоа повторувам, не смееме да го дозволиме во Република Македонија без разлика дали се на власт на оние кои припаѓаме каде ни е местото идејно политички и каде ние припаѓаме. Тоа е конфликт, јас би рекол за благослов непринципиелен, без работа, без знаење, без умешност да живееш на балканските простори како личност од најразвиените земји Германија, Швајцарија, Америка и тн. Тоа треба да ни биде јасно. Командантите на оваа војна се најголемите шверцери на цигари, оружје, јас тоа не го измислувм, тоа го кажуваат институциите на власта. Затоа барам од Меѓународната заедница донаторската конференција за економска помош не само да ни ги залаже очите, туку да тргне бизнисот, економијата и животниот стандард на сите граѓани што живеат во Република Македонија да го почувствуваат и да ги заборават сите оние методи како може да се менува Устав, како може да се дојде до благодет. Затоа што жртвите не се тоа 60, туку се многу повеќе, затоа што нивните семејства се завиени во црно, нивните фамилии никогаш нема да имаат радост. Секоја година ќе се потсетуваме на датумите на жртвите, медиумите тоа ќе го споменуваат. И затоа преку економската помош од Меѓународната заедниа тоа ќе биде основната мерка за враќање на довербата, да изградиме фабрики за вработување, да извезуваме и во западна, и во северна и во источна, југоисточна Македонија и во централна Македонија. На Македонија не и треба многу. Мала инекција мислам дека тоа ќе го направи. Затоа господа пратеници јас морам да го кажам мојот став. Рамковниот договор има доста дефекти. Дали треба, или не треба референдум. Најдобро е дека треба референдум. Дали требаше малите партии да учествуваат? Требаше да учествуваат. но, ако е во интерес на државните интереси, што побрзо да дојдеме до мир, нека биде оваа варијанта, но да се спроведе. Јас ќе се вклопам во ставот на мојата партија СДСМ по Рамковниот договор, бидејќи сум убеден оваа партија кога имаше најмалку политичко

искуство кога беше за отцепувањето рамноправно со другите партии го избра правиот пат за осамостојување. За референдумот, за пописот и мислам дека историски гледано station наназад, кратката историја за 10 години во многу работи на партијата на која припаѓам ја погодиле целта. Во спротивно можеби ќе се направело грешка и верувам дека ова повеќе ќе вроди плод. Јас верувам дека ако не го дадеме гласот со сите промени, забелешки по амандманската расправа кога би јас знаел дека зад Македонија стои некоја средна, или голема сила која ќе ни помага материјално, би се борел за најкрвавата опција. Но, ние во овој момент како македонци, албанци, срби и турци, оваа можност со градење на граѓанска држава да дојде до израз квалитетот може да се најде секоја заедница да дојде до израз. И затоа мислам дека како пратеници ова е една голема одлука и не треба да бегаме од одговорноста. Мислам дека работите можат подобро да одат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако вака долго излагаме и сите излагаме, ќе бидеме многу далеку од одлука, без оглед како ја гледаме добро одлуката. 54-ти беше господинот Чифлиганец. Овде имаме уште 10 пријавени дискутанти, можеби уште ќе се јават. Бидејќи сите знаеме дека се е кажано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, предлагам бидејќи имаме тука доста дискутанти, прво да се повлечат од дискусија дискутандите од овие партии од кои зборуваа повеќе пратеници. Еве овде на листингот ги има пријавено Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Абдула Алиу, Фатмир Етеми, Накоректно го кажувам тоа да не се свати како притисок, Значи да се повлечат од дискусија овие дискутанти и тогаш за дискусија ќе ни останат само Љупчо Анушев, Саво Климовски, Стојан Поповски и Мирчевски Звонко и со тоа ќе завршиме.

Јас предлагам така да работиме.

Овие четворица дискутанти што остануваат за дискусија не припаѓаат на партиите потписници на Рамковниот договор, така да треба да им се даде можност да се искажат.

Значи се договоривме.

Има збор пратеникот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, господине потпретседателе на Влада, колеги пратеници,

Пред да почнам со моето излагање, замолен сум од гласачите на мојата изборна единица, со оглед на тоа што синојка имав собир во изборната единица 67, да пренесам дека, без оглед на партиската определба да не гласам за иницијативата, имам налог и од својата изборна единица. Ме замолија ова да ви го кажам.

Отприлика пред година дена, во времето кога г. Никола Поповски многу паметно се залагаше за зближување на односите со ВМРО-ДПМНЕ, во прилог на тоа имав една констатација. Имено, кои се јаки земји во светот? Оние каде лидерите се единствени за стратешките определби на земјата, а народот, нормално ги следи. За гласачите меѓу себе се натпреваруваат со поголем процент на вработеност, со подобри " фирми и со подобри услови тие фирми да работат. Што се случуваше кај нас во изминатиот период?

Албанските партии си имаа долгорочна стратегија и тие упорно и стрпливо таа стратегија си ја остваруваа и за тоа нема што да се лутиме. Биле паметни и треба да им се честита. Јакиот противник треба да се почитува.

Што се случува во македонскиот блок партии во изминатиов период: борба за власт и се што таа носи.

Деновиве претседателот на Република Македонија во една своја изјава рече дека сега е време за визионери. Па да ги видиме македонските клучни визионери и нивните советници:

Први избори со сомнеж, заради поделени државјанства, пасоши итн. беа претседателските избори 1994 година. После тоа со разни интриги, лаги и молења господинот Глогоров убеди некои челници на ВМРО-ДПМНЕ да направат онаква влада каква што ја направија со господинот Кљусев, а после тоа со помош на академикот Ристевски, се реши и од услугите на Кљусев. Уште тогаш почна процесот на т.н. негативна селекција преку која тогашниот претседател се откажуваше од способните и стручните во политиката, дипломатијата и економијата, а се заокружи со неспособни синови на негови пријатели. Со еден збор стратегијата беше Македонија почнува од мене, се заборани на историјата и на континуитетот на македонската држава. Стратегијата беше да се освети на сите кои го познавале Колишевски, а Колишевски каков таков ги донесе моштите на Гоце Делчев од Софија и ги донесе сите раселени Македонци од Северна Грција во оваа Македонија. Помислете колку македонци ќе бевме сега

ако тоа го немаше направено. Ние за возрат на тоа не и дадовме државјанство во Република Македонија, мислам таа владеачка структура што беше во тоа време.

Посетата на Кина со стопанска делегација, со директори кои можеа да си го платат патувањето во Кина, заврши со една наместена лицитација на Козјак со стара технологија и 150 тони кикирики. Се занимаваше со проблемите на сите комшии, освен со наил/гге, закасни со барањето за меѓународно признавање на новата самостојна држава Македонија, а со политиката на еквидистанца не скара со сите комшии, така да останавме и без пријатели и без браќа. Не дај боже во тоа време некој да спомнеше за Србија, за Бугарија, за Грција итн., а овде нашите колеги си зборуваа и за Албанија и за Косово. Тука ни доаѓаа и Албанците од Косово па ни викаа тука имаме браќа, мораме да се грижиме за нив.

Го убеди Македонскиот народ и другите помлади политичари во Македонија дека и покрај промената на знамето, промената на името, имаме стабилна држава поддржана од цел свет. Затоа сега Македонскиот народ одеднаш не може да го сфати и прими новото уредување на државата, ако се усвои овој Рамковен договор.

Во период кога Грците ни кажуваа дека имаме фабрики за дрога и дека од тоа се финансираат криминалистички банди, тој ни велеше дека Грците не мразат, а времето покажа дека Грците не не мразеле и дека биле во право.

За војската и грижата околу неа слушнавме разни мислења во овој период, од моите колеги. Но, факт е дека во времето на г. Фрчќовски како министер за внатрешни работи и г. Владо Поповски како министер за одбрана, Армијата го доживеа најголемото понижување. Припадниците на АРМ не само што немаа услови за одбрана на државата, туку некои од нив беа бркани од своите станови, ако се сеќавате. Овие последниве господа се главните перјаници на г. Глигоров, двајцата интелектуалци кои својот интелект го ставаат на свои лични цели, помагајќи им секогаш на појаките или на тие што имаат повеќе пари.

Најголемата трагедија е што на новиот претседател на Република Македонија, г. Борис Трајковски, најголеми советници се токму истите господа, Фрчковски и Поповски, и двајцата во времето на Глигоров експерти за Уставот, територијалната поделба, експерти за рекет во Арачиново, за дрога, за роденденски забави во Мала Речица, за кражби преку печатење на пасоши, за работа на Агенцијата за разузнавање која требаше да ни дава информации за земјата и за блиската околина. Господата за својата работа беа третирани и во Анкетната комисија на ова Собрание, за која тука имавме донесено неколку заклучоци. Меѓутоа, тоа не му сметаше на сегашниот претседател.

Како резултат на таа добра работа и кооперативност поранешниот претседател му ги препорача на сегашниот претседател и парите од Европската унија тие сега ни ги пишуваат новите закони и не убедуваат сега ако ова го прифатиме Европа ќе учи од нас демократија. Како изгледаа советите пласирани преку претседателот, видовме. Во ек се нивните обиди во наредниот период да се скријат зад парите на господинот Трифун Костовски. Тоа е очигледно. Тоа се нашите визионери без стратегија за држава.

Ги обвинувавме Албанците за шверц и дрога и дека поединци се богатат со тие дејанија. Но сега гледаме дека тие пари се слеваат во заеднички фонд за помош на Албанската стратегија.

Нека ми каже некој дали денар од милијардите што влегоа во Република Македонија со блокадата на СРЈ се употребија за лобирање кај надворешниот фактор, или во долгорочна економска стратегија на државата. Сите пари отидоа во приватни џебови. Така, додека Албанците си имаа стратегија, ние се каравме меѓу себе за власт и нејзините благодети.

По констатацијата на г. Тупурковски за неопходност на историскиот договор помеѓу Македонците и Албанците, септември месец 1995 година, целото ова друштво на врвни политичари го распнаа на крст. Сега повторно се спомнува таа констатација во негативна конотација. Која е разликата:

Тогаш договорот ќе беше под многу други услови без притисок од војна, без жртви и раселени лица во етнички чисти територии, а со тоа договорот ќе беше и многу пореален. И што е најважно пред меѓународната јавност ќе се покажевме како зрели луѓе и зрела држава на која не и треба помош од надвор. Меѓутоа, визионерството е голема работа, кој го има. Кина - Тајван, стратешки партнер кој и беше потребен на Република Македонија за да ја обнови старата технологија, стопанството да навлезе во кооперативни односи со светски познати фирми, за чии производи беше обезбеден пазар. Тоа не било добро. Тоа било долар дипломатија, а овој ваков

договор да го потпишеш и да чекаш донација од 10 милиони долари, не е долар дипломатија. Од Тајван дојдоа цирка 200 милиони долари, значи 500 милијарди марки. А по пат на други инвестиции и донации во времето на нашето учество во власта плус цирка 150 милиони долари.

Ве прашувам, што ќе беше ако сите лидери на партии обезбедеа приближно толку пари, што ќе беше со Република Македонија. Моја процена е некаде околу три милијарди. Колку, во овој период кога сме под финансиска блокада од страна на меѓународната заедница ќе ни беше од корист помошта од Тајван, мислам дека не треба да се зборува.

Со оглед на тоа што, се сеќавате ние овде во Парламентот имавме верификувано договори за најповолните кредити, по кажувањето на сегашниот министер за финансии. Ние ги верификувавме[1] и ги . очекувавме. Мислам дека беа некаде околу 60 милиони долари.

Покрај економската соработка со Република Кина - Тајван, ниеден лидер на политичка партија, ниту претседателот на Република Македонија немаше визионерство да предвиди дека во ваква политичко безбедносна ситуација односите со Тајван ќе ни обезбедеа финансиски јак . пријател кој може и те како силно да лобира во светски размери за интересите на Република Македонија. Најдобар пријател е оној со - финансиска моќ. Ако го додадеме и потпишаниот договор за воена соработка помеѓу Република Македонија и Република Тајван, кој по кажувањето на министерот вредеше околу 190 милиони долари, а поготово блиските односи на САД со Тајван, врз основа на економско-финансиска соработка, тогаш да размислите добро што сме изгубиле, а што сме можеле да добиеме и зошто Тајван го нема на политичката сцена на Република Македонија.

Кина заради Тајван дала вето за УНПРЕДЕП. Всушност вистината е дека Кина даде вето за да му овозможи на нејзиниот пријател Милошевиќ да го направи тоа што го направи на Косово. Тоас многу добро го знаат сите политичари само не им одговара така да го кажат. Ние не видовме во овој период кога Кина беше претседател на Советот за безбедност некоја активност околу заштита на интересите на Македонија, поготово што воените дејствија ни доаѓаа од протекторат на ОН, Косово.

Само политички наивен човек може во овие сегашни констелации на светски сили да верува дека ОН се во појака положба од НАТО и Европската унија, односно 1000 набљудувачи *саио* со двогледи би можеле да го направат тоа што не можат да го направат 50 илјади нато војници со сета суфицитарна опрема. И сегашниот повик за посматрачи од ОН на сегашниот претседател, оди во спротивност со неговото барање за помош до НАТО и Европската унија.

Кога сме кај НАТО да не бидеме наивни. Тие на овие простори ќе си останат, дали под ова или под друго име, додека не се реши кризата на Балканот. Нив им беше важно да се потпише договорот и да дојдат, а понатаму ќе видиме, затоа што свесни сме сите дека бројот на оружје што тие го проценија, да дојде прво 1/3 па после 2/3 па 3/3, е намерно мал за да можеме се ова паралелно да го работиме.

Сега би кажал нешто околу иницијативата и Рамковниот договор.

Прво, за иницијативата мислам дека е катастрофално, срамота и мене навистина ми е незгодно што сум во ваков Парламент, некој да ни даде иницијатива за промена на Устав со однапред определени точки и закони кои треба да ги менуваме. Значи тоа не е иницијатива, туку тоа е диктат, директива. Ако сме баш прави треба да го напуштиме Парламентот и да се организираат и парламентарни и претседателски избори оддеднаш и тие да го решат ова прашање.

Сега малку околу Рамковниот договор.

Сметам дека прифатените решенија во Рамковниот договор и во соодветните анекси претставуваат негативен компромис и прифаќање на облици на двонационална држава. Таквиот пристап не одговара на повеќе националната структура на македонското општество, ниту пак на европските тенденции за развој на граѓанското општество, бидејќи со овие решенија Македонија се обидува да се уреди на ниво на етнички заедници. Оттука двонационалната концепција во уставните промени кои се нудат нема да бидат генератор на демократскиот равој на Република Македонија, туку во суштина ќе стимулира национална исклучивост, затворање и своевидна изолација во национални колбктивитети и нови меѓуетнички конфликти. Заедничкиот живот во нашата земја кој несомнено претставува највисока вредност и неотуѓиво право на сите граѓани на Република Македонија, со понудените решенија ќе биде деградиран и загрозен. Наместо сложеност на националната структура на земјата да претставува предност, инаку

нејзин најсилен и најефективен одбранбен механизам, таа со прифатените решенија објективно се претвара во сериозен хендикепт на сите граѓани на земјата, а со тоа и на судбината и иднината на Република Македонија. Резултатот од тоа е видлив. Република Македонија и македонскио народ го изгубија својот идентитет. Искуството на Косово тоа го потврдува и стратегијата на Албанците која си тече со генерации, стрпливо но сигурно.

Сега да не ме обвините дека не давам никаков предлог туку само критикувам, ќе го завршам овој мој говор со еден предлог:

Само Албанците можат да го решат овој проблем, сега и . никогаш. Нека излезат и нека кажат дека ова е последно барање и дека во целост се откажуваат од заклучоците на Призренската лига, во пакет нека влезат сите закони во Република Македонија, заедно со Законот за локална самоуправа и ќе го променат веднаш расположението и меѓу народот и меѓу пратениците околу усвојување на Рамковниот договор.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г. претседатле, почитувани дами и г-да пратеници,

Со внимание веќе четврти ден седам и слушам што се случува овде по ова прашање и бидејќи сметам дека нешто малку повеќе од вас занм од Уставот и од уставното право просто сум шокиран од сознанието колку пати овде се употреби во воведното излагање на предлагачот и на другите потписници на Договорот, на Г. Георгиевски и Г. Црвенковски терминот Устав. Колку пати, и за колку членови се говори што треба да се променат во Уставот. Дали некој овде говореше на уставни промени и кој ни ја посеа политичката магла за да се расправаме четири дена залудно , залудно. Тука гледам двајца виновници од формален аспект. Најнапред можам да ве уверам сосема одговорно и стручно дека ние пред нас имавме една папазијана од документ, т.н. рамковен документ кој што во себе содржи четири елементи.

Првиот се политички принципи за кои што можеме да донесеме политички декларации и немора да донесеме.

Вториот е анексот А, тие уставни промени за кои што требаше да расправаме а најмалку расправавме.

Третиот е невиден скандал. Се утврдува матеирја која што е исклучива надлежност на Собранието, а ние мораме да ја проголтаме. Надлежност на Собранието е да ги донесен тие, и тие закони. Па, ние имаме програма, ние сме самостојна институција, и

Четвртиот документ, една општа декларација за градеше на доверба. Па , толку објекти, па толку треба да се вратат и тн. и тн. тој документ ни се нуди во период кога во Македонија имаме сеуште ра-селени луѓе имаме и окупирања, и убиства и нерешени состојби и на една и на друга страна, Да се разбереме. Не само на македонската, денеска слушнавме податоци, за кои немам причина да не им верувам од страна на албанските пратеници дека и таму се огромни штети направени. Значи, во една звориена политичка клима каде што јас вчера споманав и го цитирав член 123 од Уставот во кој што се вели дека никој нема право да потпише капитулација на територијата на РМ, или за некој нејзин дел, а денеска, сакам само да додадам, затоа тоа го кажувам, нашиот јавен обвинтел беше вратен пред камерите од станицата пред Тетово. Зарем не беше тоа доволен факт дека не се протера суверенитетот на РМ и надвор од таа станица за да однесе кривична пријава , макар и према непознат сторител, кој што тоа го овозможи, за да неможе да си ја врши својата функција. Според тоа , овде се работи за класич-на капитулација. И тоа треба да се каже, бидејки тие територии не се ослободени. Добро беше претседателот како предлагач тоа да ни го спомне, а не да ни кажува овде во Документот, замислете, тоа беше и најголем степен на искреност од негова страна, сакам, вели:"многу искрено да кажам дека во изминатите неколку месеци во многу пресудни моменти Македонскиот политички блок не покажа доволно ниво на политичка зрелост и единство." Аферим. Навистина многу добра констатација, која што говори за тоа што се случува во македонскиот политички блок. Значи, првата посеана магла околу која што ние губиме толку драгоцено време и која што во изминатите неколку дена, која што впрочем многу пати беше досега правено , присуствувавме на една во голем дел реторичка претстава со толку излитени и толку скудни содржини што ќе наликуваше на досадна , маллограѓанска расправија на две скарани соседки. Ако не стануваше збор за толку значајно прашање како што е судбината и разнебитувањето на нешто што е најскапоцено во животот и свеста на секој

човек - неговата татковина и нејзината државност.

Наместо сега да ги побараме тие причини, да побараме од нашиот ценет претседател да ни даде документ кој што наликува на иницијатива за покренување на постапката за менување на Уставот, со причини, со последици, со образложение, ние сослушавме овде едно како на една црковна миса жажување со општи принципи на предлагачот, односно претседателот на државата и потоа започнавме кој каде и како знае со стариот арсенал да се расправаме.. Тоа е првата работа која што мислам дека ниту деловнички , ниту уставно не е направена за да ние пристапиме кон вистинска расправа за промена на Уставот и почнавме да се занимаваме со се она друго што е околу нас.

Второ, што сакам да кажам, кој ни ги предлага уставните промени. Предлагач е претседателот на Републиката.

Почитувани колеги пратеници,

Верувајте ми, бидејќи можам да ве уверам со факти во исклучителни случаи претседателот на државата се јавува како предлагач нас уставни промени. Што тоа говори? Во исклучителни случаи, формално да, но во исклучителни случаи се јавува. Не сакам да ви кажувам кои се тие случаи , бидејќи многу грдо ќе изгледа, во исклучитлни случаи тоа се предлага.А, при тоа, Владата да не заседава и да нема став по ова прашање..., па ние бараме од Владата за шумите, за некои си лилјаци таму став и мислење , а не бараме став и мислење од Владата за уставните промени. Па, тоа е скандал бре луѓе. Тоа веке говори дека имаме крајно неодговорна Влада. Тоа веќе говори дека нееединс-товот е произлезено од таа Влада. Г-динот Георгиевски овде говореше за колатерална штета. Колатералната штета не треба да ја бараме во Косово и НАТО, наваму. Колатералната штета ни е тука, токму во таа Влада. Таа Влада не е единствена. Претседателот го констатира тоа нееединство и го наместија претседателот да ги предлага уставните промени. Чудо невидено. Невиден преседан. Значи, секој бега од одговорноста , никој ова не го поддржува интимно а ваму го прифаќаат и ни го нудат, а ние треба да ги покриеме. Нешто толку чудни рагори, тоа е невидено .

Второ, тајноста на договарањето, нетранспарентноста , бегањето од средствата за јавно информирање, затворањето на Парламентот и пуштање на годишен одмор пет месеци. Што е тоа говор? А при тоа се води војна , се пука се прават разно разни зулуми по државава ... извинете ама по излагањето на г-динот Бранко Црвенковски се стекна впечаток бидејќи тоа ми личеше на една домашна задача на петто оделенец, стекнав впечаток дека во нашава држава. летаат ангелчиња на мирот , дека се е убаво, дека ова мора да се прифати, бидејќи ако не се прифѕти и понатаму зољите кои што навистина летаат , мините кои што летаат , хелихоптерите летаат и тн. ќе продолжат со летањето. Замислете каква аргументација. Наместо да ни каже овде што е вистината, зошто морале тоа да го направат, колку им олесниле олеснувачите да го "проголтаат" сето ова, тие нам ни даваат и читаат овде прекрасни домажни задачи"колку ја сакаме татковината и колку го браниме ми-рот во татковината". Навистина несериозно. Несериозно. Замислете сега, па Г. Георгиевски покрај колатералната штета овде ни говори, неверојатен мајстор за драматуршки заплет - ќе ви стави една теза, значи ги повикува пратениците на ВМРО-ДПМНЕ гласајте, арно ама седум други тези, кои што наместо да ја поддржат главната теза се против тоа. Можам да му честитам на тој човек бидејќи се krши во себе и дека нешто од татковинството останало во него. Од патриотизмот останало во него, така барем го читам и дека тоа сепак неможе толку да го проголта, иако е принуден тоа да го направи. Зошто и како не навлегувам во тие причини, но во секој случај поголем мајстор испадна и во драматуршкиот расплет и во сигналот што го даде.Тоа мора да му честитаме.

Значи, добивме три излагања. Ниедно не говореше за уставните промени. Сите имаа политичка основа и ние се залетавме како зајци по тоа и почнавме околу тоа да расправаме, а во суштина станувaa многу тешки ситуации. Кога говорев за нетранспарентноста, замислете сега кој ни ги објаснуваше преку средствата за јавно информирање уставните промени, велат предлагач односно претседател на државата. Пред малку двајца мои колеги рекоа дека како платени советници, платеници претседателот зел луѓе кои што го подготвувале уставот 1991 год, луѓе на Г. Киро Глигоров, кои што ја замешаа работата, кои што извршија толку убиства на албанци овде кај нас, кои што ние утврдивме и осом-ничивме за криминал направен преку Анкетната комисија, за кои што јавниот обвинител поднесе три четири кривични пријави, но во еден момент се изгубија и веднаш отидоа да му бидат советници на претседателот на Републиката.

Па, кој може да им верува на тие луѓе. Ќе ве молам во каква чесност може да се верува на тие советници и што говори тоа. Јас не велам дека претседателот треба се да знае, но успешен претседател е оној кој што знае кој знае, а не оној кој што еднаш ќе ги забрља работите, кој што ќе биде осомничен, каде што ќе има уште кривични пријави, тие не се уште расчистени и тн. и истов-ремено си ги зема за советници. Тие сега излегуваат без срам да ни објаснат нас дека она до вчера што го објаснвуаат како вечно и непро-менливо денеска може да се промени. Луѓе или сме ние малоумни, или пак тие не сметаат за малоуми. Јас неможам тоа да го сватам, како што неможам да ја сватам и господава од левата страна, последната официјална изјава на министерката за надворешни работи пред дипломатскиот Кор , пред одредени дипломати, на 26 мај, и таа гласаше дека нашиот Устав е најдемократски Устав и тој не треба да се менува.

Е- еej! Кога го променија тој став сега да ни кажуваат дека ова треба да го проголтаме? Навистина. Пак , чекајте бре луѓе, па има нешто чесност, има нешто коегзистентно, има нешто што оваа земја се чита и се гледа...

(аплауз од пратениците)

...Навистина тоа неможам да го сфатам. Според тоа неможам да верувам на ниеден од потписниците, освен на двајцата потписници од албанска народндст. Зошто? Немојте да мислите дека ги фалам, меѓутоа кај Г. ЈБафери и Г. Имери целокупната теза стоеше врз една многу за Запад прифатлива идеја. А, таа идеја господа ние ја знаевме, немојте да мислите дека не ја знаевме, сите вие и другите, ама се однесувавме несериозно према неа. Таа идеја е дека со дисолуцијата на поранешна Југославија не е решено албанското прашање. И околу таа идеја тие добија поддршка и сега ние се чудиме НАТО бил вака, овие биле онака, ЕУ не сакала да не разбере и тн. Ние, македонскиот блок констатира и претседателот е несериозен и неединствен во градењето на став спрема таа идеја. Но, не е проблемот само на овој блок. Ова е политика 10 години наназад и затоа од петтемина јавачи на македонската апокалипса, јас ги одредив само овие тројца и мислам дека вината лежи кај тие тројца, најмногу кај овој што ни го наместија за предлагачат на овие уставни промени. Тој е најодговорниот. А, можам да ви кажам дека и знам зошто е тоа така и зошто морало морало тоа да биде така, барем беше мој наследник таму, барем имав информации што се случуваше пред Танушевци Г. Петковски година дена.

Она што во една ситуација Г. Китановски го покрена беше точно. Според тоа, подготовките беа правени година дена пред тоа. Ништо не се презеде. Размислувајте зошто дојде до такво нешто и зошто сега мора некој да ги голта овие работи? Тоа е вистината што на македонскиот граѓанин мора да му се каже и што треба да ја знае, затоа што ништо не дошло случајно и не почнало ништо од Танушевци , да се разбереме. Танушевци беше само еден инцидент кој што ги донесе настаните вака како што треба да бидат. Според тоа проблемите мораме да си ги побараме кај нас. Мораме да си ги побараме во македонскиот блок и мораме да ги побараме во една крајна незрелост и некомпетентност како несреќа за РМ на ова раководство кое што го имаме. Навистина, започнато е една денеција уназад, сега е финализирано. Тоа мислам дека треба да ни претсатува поука за тоа што треба во најмала рака ако имаат чест, ако имаат поштеност, ако во нив проработува нешто поради кое што неможе да одат понатаму треба да му се извинат на овој народ , да излезат, да имаат доблест и да му кажат толку можевме, толку знаевме, такви грешки направивме, опростете ни на грешките, но еве го отстапуваме местото на други. Тоа е најчесно.

А, и ние г-да пратниеци , затоа што можеме да ги смениме. Ние дозволивме да се формира тој хибрит од неприродна голема коалиција и го уништивме парламентаризмот и повеќепартизмот во Македонија. И ние сме виновни за тоа. Барем нас ни е најлесно. Можеме да си напишеме три збора, 60 души овде - нови избори, да го вратиме мандатот на тие кои што можат да одлучуваат. Ќе ве молам, имаме ли ние мандат, политички мандат да одлучуваме за овие 15 амандмани. Јас би рекол дека имаме ако излезе претседателот на државата овде, а, г-дине претседателе барам преку вас барем еднаш да го видиме овде и да не не омаловажува бидејќи тој е предлагачот и тој треба да слушне се што се случува, а не само да го слушне премиерот и г-динот Црвенковски, за кое што пет месеци се слушаа и договараа, сега да го слуша повторно и да си замине. Треба нас да не слушне. Ние сме претставници на народот. Ние сме избрани од граганите на РМ и нашите предлози треба да ги смират и завршен збор да каже стои ли уште зад тоа, а јас ќе прашам за што? Или пак место , и од таму јас ќе треба да донесам одлука дали

ќе гласам или нема да гласам за оваа иницијатива.

Најнапред сакав да го прашам предлагачот, односно претседателот на државата каде се спомнува во нашиот Устав македонскиот народ? Го има ли македонскиот народ? Зошто го избриша македонскиот народ? Зошто? Мисли ли дека со тоа станал поголем граѓанин на Европа, или го инсталира граѓанството во нашиот Устав? Не е точно г-да. Граѓанството е уште поосиромашено со овие уставни промени од колку што беше претходно, затоа што се инсталира нешто сосема друго. Го молам да ми одговори што значи тоа : "заедница на национални ентитети односно заедници". Тоа ли е РМ?

Па, каде името ни го сменија и се бориме да си го вратиме, сега веќе и народот го изгубивме и незнам што ќе станеме овде. Мнозински народ сме ние, треба да се афати. Секаде во светот и сите овие олеснувачи, отежнувачи, бадинтери, лево десно што доаѓаат кога им го поставуваме прашањето: чекајте, јас сум професор по уставно право, кажете ми како е во вашиот Устав?

**САВО КЛИМОВСКИ**: (продолжение)

Или не дека нација, но француска, германска каква таква нација постои име, овде ние сме недефинирана заедница на национални ентитети. Нека ми каже претседателот дека постои некаде македонски народ и македонска држава, тогаш веднаш прв ќе го повлечам предлогот ќе се откажам од партискиот став и ќе гласам за пристапување кон промена на Уставот. го има ли тоа некаде?

Понатаму, рековме граѓанскиот концепт дека ќе го градиме и дека ќе одиме кон Европа, па уште не лажат кога доаѓаат овде и ни кажуваат дека навистина ова не е во спротивност сб Европските конвенции за слободите и правата, јас би сакал тоа да си го градат кај нив, во нивните устави, па да видат дали не е во спротивност. Имено, се инста-ира во нашиот Устав, ќе ве молам, принципиелно говорам, се инсталираат инструменти на федерализација и на дводомност. Сакале тоа да го признаеме или не тоа постои. Ќе ве молам, би сакал, доколку сепак ова го изгласате мнозинство сте и помине, би сакал да ме демантдрате, да ме демантира праксата, ќе бидам најсреќниот човек. Нема тоа да се случи, затоа што ова што е тука инсталирано тоа води, нужно води кон продла-бочување на јазот. тоа не е концепт, нека дојде претседателот и нека ни каже тоа е концептот, па да з наеме и ако му дадеме подршка кој ќе од говара утре и кој не убедил во вакво решение, а не само да ни чита реферати, како да сме на миса во црква, дека ќе бидеме вакви, такви, добри граѓани, чесни, храбри итн. Што е ова? Ние говориме за Уставот, ние говориме за уставните промени.

Според тоа, мислам дека и ова е консензуална демократија од која се плашевме многу. Овде не се зборува за консензуална демократија, погледнете ги нормите, па ќе видите што значи. Најригидна форма на консензуална демократија која ни е инсталирана во институциите на системот не за одредени прашања, нас не напаѓаат дека сме говореле нешто за консензуална демократија, ние зборувавме за две-три прашаша, културата, образованието, заштита на човековите слободи и права, 3-4 прашања овде институциите ни се избираат по пат на консензуална демократија, Републички судски совет, Народниот правобранител, Уставниот суд, итн., значи во самиот систем амко не ја биде нема да се изберат. Значи, блокада.

Според тоа, нека ми каже дека тоа исправната форма, па во тој случај јас ќе го дадам гласот за овие промени.

Според тоа, тоа се 4 круцијални прашања околу кои јас сакам да дојде овде предлагачот да ми каже, да ме убеди со аргументи дека тоа е вистинското решение, а што се однесува почитувани дами и господа до Уставот, јас уште еднаш сакам да кажам нашиот Устав има недоследности, има внатрешни противречности, има простор за зајакнување на слободите и правата на човекот и граѓанинот, за гаранции за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, има простор за зајакнувањето и осамостојувањето (во 21,20 часот продолжи да раководи потпретседателот Звонко Мирчески) и осамостојувањето на судската власт има простор за разграничувањето на извршната власт, има простор и за дефинирањето на функциите на Собранието и понатаму има простор и тоа треба да се види што од тоа времето го преминало или имаме нови сознанија.

Значи, не сметам дека Уставот е нешто непроменливо и дека не треба да "рчкаме во Уставот. Но, не мислам да се оди и во една ваква крајност за која ниту некој ме овалстил, ниту ми кажал дека треба, а овде не се работи дали прифаќаме одговорност или не, туку одговорноста сакаме да ги убедиме граѓаните нивен е тој Устав не е наш Устав, тие треба да го прифатат овој Устав инаку сме соучесници

во она што ни го понуди предлагачот и овие што ни се овде потписници.

Во тој дух имам еден конкретен предлог. Значи, ако дојде претседателот и ни објасни дека овие елементи кои ги кажувам постојат некаде или во фазата на подготовката на Нацртот на амандманите, вто-рата фаза Нацртот на актот за промена на Уставот тоа се амандманите во тој случај каде што ќе ги внесе овие наши забелешки, во тој случај јас мислам дека во Уставниот закон за спроведување на Уставот треба да се остави еден период јас велам една година, не две, предлагам една година за да се реализира четвртиот дел од мерките на доверба. Што значи тоа? Тоа значи дека во таа година албанците заедно со нас треба да овозможат да го чуваме заеднички суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија, да ги изградиме и нивните и нашите куќи, да ги вратиме луѓето од Косово или каде овде во Македонија се раселени и нивните и нашите, да видат дека ова била една лудост, една грешка која еве заеднички сакаме да ја исправиме. Тогаш за една година уставните промени автоматски ќе стапат во сила. Значи мора да постојат мерки на доверба.

Од друга страна не ме з агрижува, ќе ве молам, што имаме присутни сили на НАТО овде. Тие се добредојдени, јас ги подзравувам, јас им честитам на храброста што дојдоа во оваа балканска лудница за да не смират како племиња, за да соберат некое оружје какво такво, но има симболика тука, не е во прашање оружјето, тука има симболика и ние мораме со должно внимание и благодарност да се однесуваме спрема нив. КМОга не сме способни самите да си ги решиме работите, дојдоа луѓето, се разбира си ги запазија сите норми не од парламентот, туку од Владата си добија согласност, може би така треба, тоа треба да се види, но во секој случај ние треба овде од оваа говорница да не го шириме анимозитетот спрема силите на НАТО и на Европските сили воопшто. До оној момент додека не се изградат мерките на доверба јас сум и да останат овде да помогнат да се надминат сите оние болни рани што се отворија затоа што и едните и другите сметаме дека ова ни е единствената држава ако ни е единствената држава што ѓавол ни влезе да мораме ова да го правиме. Не е доцна господа пратеници да се влијае таму и наше поактивно учество за да се применат тие мерки на доверба, а во тој временски период јас барам како парламент Европа да покаже и друга мудрост, јас тоа им го кажав на сите дипломати, сега сакам да ви го кажам и вам.

Прво, Европа мора да подготви еден мал минимаршалов план за развој на стопанството во Македонија. Ние сме мала држава нивните фирми што се поефтино е да ги ослободи од даночните обврски таму во своите земји за штетата што ќе ја имаат да речеме за што ќе отворат фирми кај нас. Но, тоа ќе значи многу за нашето стопанство и ќе значи дека ни покажуваат еден позитивен однос спрема Република Македонија. Поефтино им е тоа отколку да испраќаат, дали гледате колку канцеларот Шредер дал пари за да присуствува војската. Поефтино е за нивните даночни обврзници секој ден ви чини милиони марки овде, колку тоа би било убаво да се влеее во производствени капацитети. Тоа е едно.

Второ, би требало веднаш Европската Унија да покаже добра волфја, нешто Холандија прави, но тоа не е Европската Унија, да покаже добра волја нека даде сега 100 милиони евра г-дине потпретседателе на Владата вие полесно ќе дишете, а другите 100 милиони евра кога ќе ги изгласаме амандманите, (Потпретседателот на Владата е Илија Филиповски па макар и со одложено дејство, ако така одлучиме. Тоа е втората мерка.

Третата мерка која има повеќе симболика, но е многу битна, а ја видовме како се случува во Бугарија што ја чини Европа да ги укине шенген визите спрема Македонија? Ке покаже еден гест неверојатен дека навистина сака да не интегрира. Заради прелетите при бомбардирањето на НАТО силите на Југославија им дозволи да се укинат шенген визите во во Бугарија. Зошто тоа не би го направиле спрема Република Македонија затоа што ако недај боже дојде овде до воен егзодус, тогаш два милиони луѓе ќе им одиме таму, па незнам што ќе им биде поефтино. Луѓето ќе бегаат, знаете од војна бегаат. Секаде, бегаат таму каде има подобар живс и таму ќе одат. Било преку Грција, било преку другите држави, тогаш ќе мора да ги примат. И тоа ќе биде многу поефтино отколку да ги презем во пакет сите овие мерки заедно со силите или редуцираните сили на НАТО може да се изнајде некое решение. Тогаш ќе видиме дека не се дојдени овде да не окупираат, дека не се недобродојдеки, напротив, дека мислат подолгорочно да не интегрираат, да ни овозможат'во раз војот на демократските процеси во Република Македонија. Тоа ние го бараме, но мора прво ние да си ги средиме состојбите во нашата држава.

Според тоа да заклучам, не би сакал повеќе, бидејќи ако многу оддолжам ќе биде досадно, да заклучам.

За да падне одлуката или да ја понесеме одговорноста, јас го молам предлагачот претседателот на Републиката да дојде и да ни одговори на овие неколку круцијални прашања, битни прашања, не само нам, туку да ни ја олесни работата пред нашите избирачи, пред граѓаните на Република Македонија тоа да го објасниме дека тоа што овде пишува не значи ова што ние мислиме, дека е тоа нешто друго и дека тоа што го потпишале е бeневолентно, со добра намера и дека треба барем во оваа фаза да го прифатиме, со сите негови размислувања, претпоставувам дека не следат, негови луѓе не следаст, со сите негови размислувања и предлози што беа дадени овде, многу предлози беа дадени, да земат да ги сумио раат и тие предлози да излезе, а дури потоа, г-дине потпретседателе да излеземе и да гласаме, со чиста мирна совест, па нека се одложи уште ден два, тоа не е битно, битен е овој прв чекор што треба да го направиме за што тој во себе има и политичка тежина, после другото ќе го мериме ако се расправаме за уставните амандмани итн., тогаш ќе имаме расправија, но, сега е многу битно тоа да го слушнеме за да видиме што навистина договарано, каде биле разликите, што морало да се проголта и што тоа ќе з начи во понатамошното менување дали ќе промени нешто или нема да промени во Нацртот на амандманите итн., тогаш мислам дека во многу ќе ни ја олесни работата инаку, делбите ќе останат пак и понатаму ќе се делиме на помали и поголеми македонци, на оние што ја сакаме или сме предавници итн., тоа е погубно, се покажало во историјата ќе се покаже и понатаму, но во овој случај не ќе имаме веќе поправен испит.

Ви благодарам.

(Дискусијата беше пропратена со аплауз)

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Благодариме г-дине Климовски.

За збор се јави г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги Прво би сакал на самиот почеток да кажам дека навистина сум пријатно изненаден и се чувствувам, може би е ова една од ретките прилики дека сум горд што сум македонски граѓанин, затоа што мислам дека овие денови слушнавме навистина вдахновени говори, вдахновени размисли, анализи, а тоа е очигледно последица дека македонскиот граѓанин кога го боли многу, кога го боли длабоко, кога е погоден во срцето кога носи болка на душата, знае навистина тоа и да го изрази. Тоа е една од првите примери откако сум присутен во македонскиот парламент

Многу е неблагодарно да се зборува после волку излагачи, дискутанти, меѓутоа ќе се обидам колку што можам (со седницата продолжи претседателот Стојан Андов во 21,30 часот) да направам краток сублимат и да пријдам кон самиот проблем од еден друг аспект кој може би не беше докрај допрен или дофатен.

Прво, н а самиот почеток сакам уште еднаш да го изразам, бидејќи еве дојде г-динот претседател на Собранието, својот револт и горчина затоа што навистина господинот претседател на Собранието го сметам за синоним и за персонификација на срамст на македонската демо-кратија навистина не можев да замислам дека може да се случи во маке-донскиот парламент шест месеци апсолутна криза каде што беше доведена во прашање македонската држава, македонската нација да не стави на дневен ред да се расправа за сите тие круцијални проблеми во македонскиот парламент. Имавме расправи скоро во сите парламенти на Европа и во светот се расправаше, единствено изостана расправа во македонскиот парламент. Мислам дека со такво суспендирање на демократијата во Македонија практично се даде директна основа за еден нелегитимен вон институционален процес како што беше срамниот договор раммковен кој е денеска предмет на расправа во македонскиот парламент.

Понатаму би сакал уште еднаш да се потсетам на мислите на, штета што не се живи Роберспиер, Сенжист, каде што мислам дека ќе најдеа директна поткрепа во своите разнмислувања и тези дека навистина секое општествено зло практично произлегува од власта, никој пат не произлегува од народот и навистина голема вистина е дека практично Владата секогаш е единствениот виновник или власта како да ја наречеме, единствениот виновник за народот и за граѓаните за она што и се случува

Затоа би сакал, бидејќи многу работи се речени и апсолутно стојам зад официјалните ставови што ги соопштивме како партија и во парламентот и во медиумите онолку колку што имавме прилика и затоа не би сакал да ги преповторувам може би накратко во текмот на дискусијата би излекол еден краток

сублимат, меѓутоа, би се осврнал на еден приод кој практично би значел анализа на психолошка вивисекција на условно речено двата политички блока на македонската политичка сцена. Значи македонскиот и албанскиот.

За албанскиот политички блок немам многу што да кажам затоа што премногу ми се јасни работите затоа што во зборувањето на албанските политички партии лесно можевме да препознаеме една апсолутно издржана конзистентна политика, намера, програма, кауза.

Спротивно на тоа македонскиот блок се карактеризира со потполна конзистентност, неизграденост на политичка мисла, една политичка незрелост која може да се припише на политичарите, на политичките партии, на оние кои оваа држава ја водеа во изминатите десет години.

За албанскиот блок и за албанските политички партии еднаш веќе дискутирав и реков дека апсолутно им верувам во сето она што го зборуваат, во смисла дека сите нивни намери ги кажаа јавно, отворено и останаа доследни и потполно сум уверен дека не постои албански политичар без оглед од кои простори доаѓа дали од македонскиот, косовскио албанскиот кој јавно ја промовираше, ја декларираше и се бореше за идејата на голема Албанија. тоа го зборував ми се чини и немам причина да не им верувам. Повремените мимикрии кои успеваа да ги пласираат па времено даваат и контра тези и ставови се само провидна маска. Конзистентноста останува и кај секој политичар ако се изанализира, ако сметаме дека политичарот мора да биде конзистентен во своите идеи ќе ја пронајдеме идејата на големодржавната претензија за создавање на голема Албанија.

**СТОЈАН ПОПОВ**: (Продолжение)

Кога зборувавме, колку што можам да се сетам околу ратификација на пактот за стабилност, тогаш во мојата дискусија скренав точно од овој аспект дека единствено затоа што треба да им веруваме на албанските политичари дека Македонија во тој момент мораше и требаше да побара зголемен степен на гаранција, кој ќе влезе во Пактот за стабилност дека ОВК или УЧК нема да ја продолжи својата идеја кауза и борба во Македонија. Не се имаше слух. За жал, тоа се случи и денес сме сведоци на агреција на македонската територија каде директно е загрозен интегритетот и суверенитетот на земјата. По ова се појави и таканаречениот меѓународен фактор.Не би сакал да збо-рувам ниту пак да анализирам никакви хипотетички сценарија, затоа што во случајот на македонската држава секое хипотетичко сценарио може да изгледа издржано, реално и логично, скоро секое и не е проблемот во тоа. Секој пат големите сили, Европа, САД и тн., имале свои геостратешки интереси , своја политика, своја програма, свои намери, свои интереси, тука не е ништо спорно. Ние како Македонија ниту можеме на тоа да влијаеме, ниту сакаме да ги промениме тие текови. Меѓутоа, има друга работа. Тоа е болката или онаа деструкција што е присутна во македонскиот политички блок. Македонскиот политички блок во ниеден момент не покажа конзистентност на политичка мисла, на програма, на идеа,на кауза ако сакате и имавме практично еден континуитет на десет години на потполно разградување на македонската држава. Имавме обезвреднување, девалвација на сите вредности кои беа овозможени од политичките партии, политичките лидери и сите учесници во политичкиот живот во Македонија. Таа релативизација, значи би рекол доктрината на македонската политика се сведе практично на доктрина на релативизација, се и сешто да може да се релативизира, за да може секој да биде ослободен и амнестиран од се што направил, и од секоја глупост што е направена. Тоа е еден феноменолошки пристап кој што Македонија мора да го анализира, ако сакаме навистина да би-деме сериозни и одговорни граѓани кои ќе сносат одговорност пред народот, пред граѓаните.

Што се покажа? Се покажа дека македонските политичари имаат немоќ или неспособност за препознаваше на основните универзални принципи кои важат во светот, на универзалните демократски принципи и во својата неконзистентност, од кои причини јас незнам, практично созда-доа покрај доктрината на политиката на релативизација и една доктрина, практично би рекол на конверзивна политика. А што е инверзивна политика Инверзивна политика е секој пат во вистинскиот момент, како намерно, да го повлечете погрешниот чекор или обратно во погрешниот момент сакате да повлечете прав потег. Тоа е апсурд. Јас како актер во сите мои филмови се занимавам со нешто што е менталитет или психологија на балканските простори. Во образложувањата на моите филмови често-пати имав една формулација, во која беше од прилика речено односно сакаше да ја покаже беспрекорноста на функционирањето на апсурдот на овие балкански простори а исто и кај нас, во

Македонија. Значи како дел на психологијата на менталитетот и тој апсурд навистина фуниционира безпрекорно, така што човек се прашува дали тоа е од незнаење, незрелост, од глупост, дали тоа е од намера, затоа што неможе до тој степен секој апсурд да се толкува како ненамерен.Примери бескрај, целото излагање на мојот колега Саво Климовски може да биде илустрација на една ваква теза. Но ајде да се вратиме и на некои конкретни работи кои не беа спомнати. Да земеме било која дискусија. Дискусијата на господинот Црвенковски на пример.

Господинот Црвенковски рече дека сега во овие моменти на :крај македонската политика или македонските политичари учесници во овој срамен би рекол политички договор дојдоа до сознание и ги осознаа големите меѓународни принципи. Заблуда тотална. Зарем не можеа македонските политичари да препознаат дека основните принципи не се почитувани. Како може на пример да се прогласи дека големиот меѓународен принцип,како што е на пример постигнувањето на политички цели преку насилство, агресија и др. да не се види дека тој принцип е еден од базичните принципи врз кои се базира Рамковниот договор.

Вториот базичен принцип, значи тоа се оние принципи каде што господинот Црвенковски со пофалба, значи во моменти кога по мое чувство поразот сака да се покаже како победа, ги кажа како аргументи

Вториот принцип е суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија и унитарниот карактер на државата се неповредливи о мора да се зачуваат. Не постојат територијални решенија за етничките прашања. Па ве молам, сите учесници во Рамковниот договор практич-но признаа дека сите овие принципи се прекршени, освен господинот Црвенковски кој што велам дека поразот сакаше да го претвори во победа. Тоа го призна премиерот дека ние практично немаме суверенитет, не остваруваме суверенитет на целата територија, дека делови од територијата на Македонија се окупирани и внимавајте, врз основа на овие принципи се прави Рамковен договор понатаму.

Третиот принцип мултиетничкиот карактер на македонското општество мора да се зачува и да најде свој одраз во јавниот живот. Мислам толку е јасно дека со овој Рамковен договор практично се етаблира двонационална, бинационална држава. Значи, комплетно се негира граѓанскиот концепт. Јас неможам да разберам до тој степен незрелост или би рекол неконзистентност да се препознаваат основните принципи, дали ние навистина не знаеме кои се основните принципи на граѓанското општество. Тоа е тотално негација. Понатаму такви примери можеме да кажуваме колку сакаме. Кога ќе кажам дека беспрекорно функционира апсурдот во Македонија, тогаш мислам и на апсурдот кои сами го произведуваме и апсурдот кој може да ни биде наметнат од други и тој го проголтуваме како локум, без никаков критички поглеед, осврт. Таков приод некритичен јас на-вистина неможам да разберам и уште одозгора сега се повикуваме на некои експерти*дека наводно го поддржале договорот и тн. Луѓе мои, она што го кажа Бадентер, тоа е навистина срам за самиот Бадинтер. Тоа е срам затоа што Бадентер прво од морални 'принципи не смееше да се нафати повторно да прави ревизија на Устѕвот и повторно да го оценува, затоа што тој ако имаше морал и етика, го оцени Уставот како граѓански како еден од најдобрите во Европа, како еден од најдобрите во земјите во транзиција, најдемократски и сега одеднаш тој Бадинтер не убедува, покрај сето ова што го гледа,дека во ништо не отстапува практично од големите европски идеи и принципи Рамковниот договор. За што се работи? Јас не сакам да негирам, јас не сакам да ја негирам неговата стручност, мегутоа, неможам да не се посомневам во неговиот неморал, значи неговиот морал, да речеме во чесноста негова, во етичноста негова, тоа е невозможно. И уште одозгора господинот Бадинтер ни кажува дека Европа не опсервира и којзнае како ќе биде мислењето лошо за незрелоста на македонските политичари, ако не биде прифатен Рамковниот договор. Тоа е навредливо. Нека зборува за незрелоста или за корумпираноста или за неморалот и неетичноста на некои западни политичари и експерти и незнам што се не се, професори по уставно право или што се. Тоа е неприфатливо.

А околу капитулацијата, затоа што јас така го нарекувам, затоа што сите учесници во договорот тоа го потврдија почнувајќи од господинот претседател политичар, како се вика, Борис Трајковски

кој што дозволивме во целосната деградација и девалвација што поли-тичките партии којзнае од кои свои причини на некоја лична корист, партиска корист или незнам што да се доведе до тој степен на девал-вација и деградација да се девалвира секоја општествена вредност во Република

Македонија од демократијата, правдата, културата, државните функции. Па која земја ќе ве молам може да си дозволи да предложи и да избере претседател кој што потекнува од функција магационер во селска или молерска задруга? Тоа го нема ниту во Боцвана, ниту во Обала на Слонова коска, ниту никаде. Или да си дозволи од референт во некое "Бело јагне" човек кој што бил референт има искуство од три години па да биде министер за економија, да ја води Македонија кон некаов си економски просперитет. Апсурди, срамота за Македонија. Е сега тој господин политичар во целата своја контрадикторност мислам такви глупости има изналупетано во тоа негово обраќање што кога би се анализирало тоа би било навистина повеќе од трагедија и поубаво да не се занимаваме со тоа,туку да се сконцентрираме каде се оцрту-ва гестот на капитуланство. Истиот тој господин, бидејќи веке еднаш во еден контекс го спомнавме членот 123 на Уставот, каде што се вели дека никој нема право да признае окупација и да прифати окупација на Македонија или на дел од македонската територија, тоа го прифаќа. Го прифаќа и уште се впушта во нелегитимен процес тој да прави однос-но да биде иницијатор за правење Рамковен договор или иницијатива за промена на Уставот. Тој со тоа практично признал капитулација тоа е велепредавство. За каква работа го молам јавниот обвинител на Република Македонија да се изјасни по однос на тој член и во однос на одговорноста на претседателот на Републиката.

Сега одиме понатаму. Претседателот на Владата исто така призна дека практично се работи за капитулаци ја., Сите овие работи ги потврди, дека се нема суверенитет, не се остварува, дека територијата е окупирана, договорот е направен под притисок на сила, на агресија, на војна, на терор, меѓутоа, има една доблест тука што сепав има сили и моменти на искреност, верувам дека е на искреност, тоа да го признае премиерот. Од кои причини тоа го направил, незнам и тоа ќе лежи на неговата совест и веројатно долго не ќе може да се ослободи од тоа бидејќи го потпишал договорот.

За третиот учесник веќе реков, се обиде господинот Црвенковски поразот да го претвори во победа, меѓутоа, грешка во чекори. Неговиот министер за одбрана во Германскиот Бундестаг следна изјава, вели: "За да се покаже добра волја, направивме преседан под притисок на оружјето да се извршат промени од политички карактер. Политичките лидери прифатија да се направи преседан кои сите политичари од Европа го сметаат за невозможен. На почетокот на кризата тие истакнуваат дека оние кои зеле оружје во рака не може да ја прекројуваат волјата на граѓаните, но за жал еден таков принцип е прекршен. Но Република Македонија имаше храброст да го прифати и тоа".

Од кога преседан се нарекува капитуланство? За тоа има друг збор, не постои зборот преседан, тоа се вика капитулација, тоа се вика велепредавство. И секој писмен политичар или интелектуалец во Европа тоа ќе го препознае да не не залажуваат моменталните поддршки на таканаречената европска или меѓународна заедица на НАТО, на САД и тн. Секој чесен интелектуалец тоа ќе го препознае во тоа да бидете сигурни само е прашање на време кога тоа ќе го препознае и кога тоа ќе каже јавно, затоа што и меѓународната интелектуална јавност кажувала за Македонија низ историјата многу пати и била на страната на она што било правда. Можете да ги читате сите француски интелектуалци од почетокот на векот, и германски и англиски и тн., само треба малку време.Одиме понатаму. Околу тие апсурди, недоследности и тн., човек да не може да верува. Почнува кризата, јас се согласувам дека Такушевци беше само одраз на нешто што мораше да дојде, што веќе беше поставено во Косово и дека е одраз на косовската криза. Меѓутоа, Танушевци беше голема тест проба на Европа, на светот, да видат дали во оваа земја има зрели политичари, дали знаат да размислуваат дали се свесни дека имаат држава и како една држава може да се браш и да си го почитува својот устав.

**СТОЛЕ ПОПОВ:** (Продолжение)

Сите демократски земји знаат што занчи Устав. Одете чепнете во било кој Устав на било која демократска земја. И, одеднаш што се случува, се случува кога целата таканаречена Меѓународна заадница, НАТО, САД и т.н., агресорите ги крсти со право име дека се терористи, дека се екстремисти, дека се убици, деак се криминалци, дека се шверцери, тоа беше изговорено од устите на сите , од Робертсон до Солана,,до Буш и до незнам кој. Одеднаш нема одговор. никој не почуствува потреба, македонските политичари помислја на се, само на една работа, погубна, срамна дека меѓу другото татковината треба и да со брани. мене ми е срам во овој момент што седам овде. Никој не помисли на тоа. Туку, слушаме песни овдека од навистина недозреани или несозреани политичари кои Што беа главни советници во

Рамковниот договор и т.н. Една млада г-ѓица што ни пееше песни овдека, па не потсетуваше 20 минути во еден шмирантски стил, каде што викаше г-ѓицата , би ја нарекол , дали се сеќавате. Па, дали се сеќавате на сите гафови што оваа Влада ги направи во овие две години, па незнам ова, па незнам она и т.н., ако тргнеме по принципот на , дали се сеќавате, веројатно ако го примениме принципот дали се сеќавата за 6-те години владеење на СДСМ , ќе треба да преспиеме овде и на носила да не изведат надвор. Спорет тоа, тоа сега Ќе го прескокнам, а г-ѓицата може понатаму да реплицира, ако сака. Ако сеуште мисли дека беше доволно созреана да биде главен консултант и да седи на политичките разговори со г-динот Црвенковски или пак тој мислее дека нема веројатно посолиден капацитет интелектуален од младата г-ѓица. Сега, ова беше една дигресија. Сега одиме на втората грешка, со Танушевци. Меѓутоа, не е само Танушевци. Тоа нека прости СДСМ ако мисли дека целата вина сега може да се префрли на Танушевци. Тоа беше пример, јас колку што се сеќавам г-динот Бранко Црвенковски и рече и тоа вака многу помпензно, Македонија се брани во Тетово, па ние Договорот во Тетово ќе го потпишеме, ќе разговараме и бла, бла, бла... Како тоа се брани Македонија во Тетово. Дали тоа го видовме. Видовме што се Како тоа се брани Македонија во Тетово. Дали тоа го видовме. Видовме што се случи со Тетово и со Тетовскиот крај. Одговорот можеше, ао сакаше Македонија да се држи до својот Устав и да си ја брани својата татковина, не се работи овдека за демократија, ќе правиме муабет за демократија и за демократски човекови права, каде што ДА веројатно беше меѓу првите која што зборуваше дека демократските права секогаш коже да се шират.И, дека демократските и човечките права имаат неограничен арсенал на проширување. Ништо не е од бога заокружено и дадено конечно. Не е Библија ништо , ни Устав ни ништо, тоа може да се шири. Меѓутоа, не да се применува арсенал на оружје. Арсеналот на демократијата е друго, а друго е арсеналот на оружје. За тоа понатаму ќе зборуваме. Меѓутоа, бидејки од ова не беше ништо спроведено во ниту Склупчане, ниту Ваксинце, ниту Матејче, ниту Радуша, ниту Челопек, доаѓаме до тоа каде е сега пак апсурдот. Сега , доаѓаме до една невидена пермутација. Ние самите македонските политичари, конкретно премиерот излегува со констатација дека не се работи за екстремисти, терористи и т.њ, туку дека се работи за вооружено востание на албанскиот народ. Не е точно. Да беше вооружено востание на албанскиот народ, не ќе можевме да ја држиме седницава, и не ќе можевме до дома да си отидеме. Тоа значи тотална војна. И не е точно дека се работело за вооружено востание на албанскиот народ. и недај Боже да дојде до таква работа.Значи што се покажа во ова време. Во ова време, на жалост, се покажа дека немакедонскиот блок .повторно ќе зборувам за македонскиот, за албанскиот не сакам да зборувам. Ги почитувам во нивните барања не ги почитувам нивните методи, а нивните барања ги почитувам. Ги почитувам и навистина можеме да седнеме и да се договориме, за се да се договориме, но не на ваков начин. За жал, се случи. Значи , македонскиот политички блок во целиот период на криза од 5, 6 месеци да се нема политичка иницијатива, да се нема програма. Срамота, ние се обидувавме како една минорна, мала, најминорна политичка партија нешто да профилираме, да дадеме некој концепт, да помогнеме. Сите се правева глуви, а ни еден политички концепт не беше исфрлен на површина. И, што сакате сега? Знаете што, големите сили, Европа, САД, НАТО и т.н., нормално е во своите стратешки остварувања на интереси и т.н., природно е да бараат сојузници, партнери. Партенерите ги бараат таму каде што ќе видат дека имаат по сериозна политичка мисла, поголема доследност, поголема принципиелност во тоа што го застапуваат. не ги препознават на ист начин работите, како што ние сакаме да ги препознаеме. Нашето немање на македонска политичка иницијатива, практично што овозможи. Овозможи терористите и екстремистите да се чувствуваат супериорни. Ние им дадовме суггериорност. Тие одеднаш станаа водечката сила во преговорите. Тоа е наша грешка. Кога ние слушнавме за македонски политички концепт. Слушнавме триста концепти, триста барања, триста платформи на албанските политички партии. Само македонскиот не го слушнавме. Дури Се немаше сила и храброст ни да Се брани постојниот став како појдовна позиција на македонскиот политички концепт. И тоа се напушти. Луѓе кои тука седат и кои не убедуваа дека нема ниаква основа да се менува Уставот , дека Уставот бил толку широка рамка каде то се остварени сите демократски права и т.н. , одеднаш без никаков критичкиоднос со краен, би рекол цинизам и доза на демагогија, се обидоа да не убедат во спротивното. Несватливи работи. И, немајки таков концепт Македонија не воспостави тена црвена линија , не го воспостави прагот , она што може да го понуди во смисла на

унапредвуање на демократските процеси, на Демократските права, на човечките права. Ама да го каже каде е прагот како една сериозна држава. И да реЧе под овој праг натаму Не може. Тоа е прагот. Понатаму, следув аодбрана на татковината. За тоа можеме да седнеме и секогаш ако треба да разговараме и Ќе ги почитуваме сите аргументи, аргументирања и барања на демократска алтернатива и се смееја,бевме предмет на потсмев на платени медиуми дека ние сме биле тие први кој го покренале прашањето на историски договор. Ние зборувавме за договор, Не зборувавме за капитулација, не зборувавме за Велепредавство. Зборувавме да седнеме и да се договориме. И ако се договоревме на време, немаше да дојде до ова. А, г-динот Бранко Црвенковски ни кажува Дека имало фабричка маана пред деесет години. Па , ако бевте вистина демократи во овие десет години имавте период и на апсолутно мнозинство на владеење заедно со ПДП. Што не седнавте да ги унапредите човечките права, демократските права. Ни се смеевте кога кажувавме за консензуална демократија. Предложивме минимален облик , значи нешто што би навлегло во културниот идентитет во употреба на јазикот, во зголемување на човечките права во поставување на Механизми или гаранции, уставни гаранции за почитување на тие права. Затоа, ја спомнавме консензуалната демократија. Имало такви примери во Европа и веројатно сигурно ќе ги има. И тоа со надминување, воведување и со унапредвување на сите тие би рекол права и задоволување на барања консензуалната демократија само по себе ќе исчезне. Такви примери има низ Европа. Наместо тоа, обратно. Беше ставено во механизам на самиот Устав каде што сега задира во сите прашања. Не само во прашања на идентитет, на јазик, на симболи и т.н. се оди практично и директно се воведува, се прави првиот чекор кон федерализација , со воведување на дводомен парламент.И, некој тоа не сака да го препознае, демек не е така.

Понатаму, додека господата од албанските блок не сватат дека Македонија може да опстане единствено врз чист граѓански концепт на рамноправни еднакви граѓани, нема ништо од оваа работа. Етаблирање на држава двонационално, само ќе ги продлабочипроблемите, ќе не воведе во уште потешка и пожестока криза. Јас , навистина, молам за отрезнување и тоа да го сватат дека е тоа така. Може да климате со глава и да не се согласувате, меѓутоа, пак ќе ве потсетам. Прес конференцијата на г-динот Ахмети во Шипковица, па како ќе ми го објасните вие тој феномен , на таа прес конференција има знаме американско, има знаме на ЕУ, има знаме на Албанија, има знаме на НАТО, нема само македонско знаме. Тоа не може да се објасни. Кој сакате аргумент да го употребите, нема да бидете во право и тоа не можете да го објасните.Не се објаснува. Значи повторно доаѓам до онаа теза, Дека навистна ме терате да све Ви верувам. Навистина ме терате да Ви верувам, све. Значни , не сте симболично.дури ни симболично не сте спремни да покажете дека сакате да се чувствувате како граѓани на Република Македонија. Значи до оној момент додека навистина не се соочиме со свеста, дека само граѓанскиот концепт, не овакви квази,концепти кои што сакаат да се крстат дека се граѓански, а не е граѓански концепт. И да му е срам на Бадинтер и на сите тие што сакаат да го прогураат тоа како граѓански концепт. Не е граѓански концепт.Само врз граѓански концепт можеме да навистина дојдеме до траен мир и меѓусебно почитување. А мислам дека има голема основа . Затоа што навистина ако постоеја други пориви на нетрпеливост, длабоки пориви на нетрпеливост,. досега бидете сигурни дека ќе влезевме во војна. Него не постоеја. Значи проблемите се од природа која што може да се надмине. И уште нешто.За лицемерието само да кажам уште нешто. За лицемерието на НАТО каде што повторно кога ќе се пласира еден апсурд од надвор заради некритичноста и недоизграденоста на македонската политичка мисла, се залапува се како плен.НАТО во последните изјави, сите добо се сеќавате, изјави дека: АНА, значи оваа нова некоја терористичка, незнам и вие како ја викате, вооружена формација, незнам како ја нарекувате. Дека АНА треба да биде понатаму во надлежност на справување на македонската држава. Значи, македснската држава треба да се справи со оваа терористичка и екстремистичка банда. Така беше кажано во соопштението на НАТО.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (продолжение)

Има документи, земете, прочитајте ги, преслушајте ги. Сега јас би ве прашал која е разликата помеѓу АНА и ОНА. Кога АНА ги продолжи практично истата платформа, и истата кауза јавно ја декларира, потполно истата. Сега ако некој малку е интелегентен, не миогу, малку, по принцип на аналозија и по принцип на индукција ќе дојде до

заклучок Дека македонската страна или македонската држава има легитимно право да се справи и со ОНА. Логички заклучок, елементарен логички заклучок. Тоа би било од приликатоа.

Сега, само уште крајот.

За крајот би рекол само една работа., бидејќи имаме овде една страна која што учествуваше во преговарањето и во создавање на Рамковниот договор. Духовниот татко на таа страна, или на едните кој што има мото, или извикува постојано: Македонија е се што имаме. Имаме еден парадокс сега. Неговите Деца на овој духовен татко се плашат и да помислат дека Македонија може и треба да се брани, а Македонија била се што имаме.

Другата страна се осмелуваат тоа да го кажат, се осмелуваат и ако ништо друго имаат доблест да ги признаат и грешките, и да кажат дека Македонија татковината треба да се брани. Меѓутоа, пак таа друга страна во своите редови има и имаше врвни политичари кои во мајка Бугарија ги препознаваа своите национални корени. И таа партија немаше сила да Се справи со тие луѓе во своите редови, немаше сила и тоа не можат да го одрекуваат колку сакаат во првите редови и да коментираат Сега. Немаше сила. Сега во целава оваа трагична ситуација би прашал каде е македонскиот народ и довербата која што македонскиот народ треба да ја има во своите политички лидери. Значи оние кои што требаа да го поведат народот и да ги бранат интересите на оваа држава, граѓански, национални итн. Тоа оди многу тешко, веројатно ќе оди многу тешко.

За преамбулата, мислам преамбулата треба да биде земена како симбол. И тука потполно се согласувам со сите кои што зборуваа, мислам тоа е толку страмен чин да некој може да помисли, преамбулата која што не е нормативен дел на Уставот воопшто, таа изразува историски факти. Историските факти тоа веројатно сите го знаете дека по. дефиниција се непроменливи. Па што сакаме да промениме? Сакаме да се самоукинеме, да го избришеме македонскиот народ, да го избришеме линкот со историјата, за да се направи нечиј кеф да се направи. Богами тоа кој ќе го превземе, алал да му е.

Многу македонци во историјата биле жртви на предавства, но сите тие жртви биле убиени од куршум, но никој досега во македонската историја не се обидел да ја убие Макеоднија, и нејзините чеда со демагогија. Никој не успеал до сега да го убеди македонскиот народ дека црното е бело. Македонскиот народ секој пат ќе препознае помеѓу црното и белото, а сега навистина некој сака, практично и се обидува да ја убие Македонија во срцето и душата на својот народ. На тоа нема никој право. И бидете сигурни дека тој ќе се соочи со судбината на проклетствата.

(аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

За дискусија се пријавија Оломан Сулејмани, Абдурахман Алити, Ризван Сулејмани, Абдула Алиу, Фатмир Етеми, Звонко Мирчески, Наќе Стојановски, Сејфедин Харуни и Фадил Бајрами.

Јас сепак, ве молам да ја водиме така работата вечерва ние да ја заклучиме расправата. Дали се согласувате?

(се согласуваат)

За реплика се јави г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

На почетокот сакам да ми одговорите г. Стојан Андов, дали имате намера да ме пракинувате додека јас ќе одговарам на некои прашања за кои се произнесе г. Стојан Попов.

СТОЈАН АНДОВ:

Ќе ви одговорам. Во рамките на петта минути нема да интервенирам, но кога ќе поминат петте минути ќе ве прекинам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас ве молам да не ме прекинувате, затоа што нема да ја напуштам говорницата додека не се доискажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие баравте реплика.

Репликата е пат минути.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, овозможете ми да се доискажам. Најпрво сакам да кажам дека сум изненаден од настапот на г. Столе Попов кој *се* прикажам во едно издание кое мислам дека не е вистинито, затоа што лично го знам за поинаков. Се надевам дека ова му е емотивен настап во адна ваква ситуација и дека кажаното не му стои и во срцето. Поготово во однос на упатените пораки кон албанската страна и затоа што значи договор и како треба да се однесуваат албанцита, на во однос на тоа како тој ја сака Македонија, како ја чувствува, како сака да ја брани итн., во тој дел ниту навлегувам, ниту сакам да навлегувам. Фактот што пратениците албанци и од едната и од другата страна, еве четврти или петти ден повеќе слушаат отколку што зборуваат, повеќе трпат напади отколку што одговараат на нападите. Не значи дека албанците се егзалтираат од Рамковниот

договор и дека тој ги инкорпорира сите нивни желби во однос на нивниот статус и во однос на тоа како ја сакаат Македонија. Ако некој смета дека тоа е тоа, тогаш уште на почеток да му кажеме дека тоа навистина Не е така, дека овој договор е минимумот над минималните барања, дека овој договор беше прифатен од албанските политички партии само заради тоа да му се даде шанса на мирот и да престане војната. Инаку, ако сакате да ги отвориме прашањата до крај, тогаш можеме да разговараме што претставува реално овој Рамковен договор во однос на политичките барања на албанците и дали тој навистина ги исполнува нивните погледи во однос на тоа како ја гледаме Македонија, во однос на тоа дали овој Рамковен договор навистина албанците ги прави рамноправни граѓани, во однос на тоа дали Македонија навистина станува граѓанско општество на рамноправни граѓани, или ако сакате и во однос на тоа дали Македонија оди чекор кон федерализација итн. Можам да ги разберам некои пратеници кои се произнесова кон одделни прашања и напаѓаа одделни решенија кои се нудат, но никако не можам да ги разберам господата од ДА пред се г. Саво Климовски и Столе Попов, кои цело време тврдат дека многу порано се залагале за некои решенија кои се многу слични на овие кои што се нудат, но само заради фактот што малата партија со големи идеи не била вклучена во мировниот процес и во преговорите. Сега ова била капитулација и срам за Македонија. Ве молам г. пратеници прочитајте ги убаво решенијата кои Се во Рамковниот договор па да го најдете одговорот на прашањата кои што ги покренаа господата Климовски и Попов. Погледнете го и членот 7 кој во однос на претходните решенија, односно актуелните е многу појак во однос на македонскиот јазик. Кој уште кажува дека македонскиот јазик бил еднствен службен јазик во целата територија и во меѓународните односи што го немавме случајот до сега. Погледнете го прашањето на консензуалната демократија за која вие зборувавте и кажавте дека и вие за четири, пет прашања, три-четири прашања дека сте се согласиле да важи принципот на општа согласност. Па погледнете го членот 68, ќе видите дека токму пет прашања се набројуваат, и тоа токму прашањата за кои вие зборувате, во однос на образованието, културата, јазикрт, симболите и прашањата за кои вие зборувате. Но, јас би бил многу позадоволен доколку вашиот принцип се прифатеше во однос на тоа зошто принципот на консензуалност не стои во документот, зошто во членот 77 за тој дводомен систем за кој зборувате вие, всушност е само една флускула, или антипод на она што досега го имавме со Совдтот за меѓунационални односи во кој нема да важи принципот на консензуално одлучување, туку принципот на мнозинство и принципот во кој вие вметнавте, односно македонската страна вметна негови членови да бидат и луѓе кои нема да седат во овие клупи, односно нема да имаат легитимитет на народот. И по однос на тој механизам секогаш ќе бидеме повторно надгласани за сите тие прашања за кои вие зборувате. Тоа ли е консензуалната демократија господа, или боли фактот што ќе се бара согласност и од пратениците албанци да во Уставниот суд каде што има 7 или е судии, ќе има и двајца албанци. Па и сега тоа решение го имате. Сега имате двајца судии во Уставниот суд албанци. Во Републичкиот судски совет слично. И што е проблемот сега што овој документ претставувал капитулација на македонската страна во однос на преговорите со албанците.

Господа пратеници, има еден друг проблем кај вас и кај сите тие што се залагаат и мислат дека проблемот е во преговарачите и нивните способности да ги бранат ставовите на македонската страна ви за ви нас. А тоа е принципот над принципите што ги спомнавте господине Столе Попов. А тоа е принципот на правото да бидеш рамноправен во едно општество. Тоа е прашањето за кое ние се залагавме и се залагаме цело време и вие не можете да го побиете тој принцип и не можете да го браните вашиот принцип затоа што вашиот принцип значи доминација на едни врз други. И тоа е тоа што Европа не го прифаќа и нема да ви го прифати, било колку вие да бидете јаки во својата реторика и било кои преговарачи да однесете на преговорите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не навлеземе низ реплики во поединечни решенија и сега да ги претресуваме, бидејќи ние сега само ја одобруваме, или не ја одобруваме иницијативата. Јас ви укажувам во Уставната комисија, а потоа и овде секој од поединечните предложени решенија ќе бидат темелно претресени, сите аспекти ќе бидат темелно осветлени, сите алтернативи ќе бидат во игра, ќе им биде дадена можност и за нив да се разговара, да се види нивната вредност. Така што не мислиме ние вечерва дека можеме да осветлиме се и да разјасниме се. Репликите нека се задржат на овој општ аспект.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Навистина имаме големо заемно почитување, и со господинот Зибери и со сите други пратеници и ако не Ме разбрале,

само би сакал накратко да кажам. Несогласувањето беШе единствено во тоа што ние како партија, значи и како некое свое лично убедување конзистентно откога постоиме како партија и јас веројатно откога самиот егзистирам на оваа политичка сцена, конзистентно било убедувањето и стоењето зад принципите на граѓанскиот концепт. И тука е разидувањето веројатно и недоразбирањето со г. Зибери. Затоа што јас мислам дека овој Рамковен договор не е направен врз принципите на граѓанскиот концепт. Тој застапува двонационална држава, значи навлегува со можности во рушење на унитарниот карактер на државата, значи овозможува, има такви елементи кои што можат да одат кон одземање, или рушење на унитарниот карактер на државата. Значи тука не можеме да се согласиме, тоа е една работа.

И вотрата работа е околу преамбулата. Зошто до тој степен на албанските политичари им смета преамбулата? Тоа не можам да го разберам. И тука веројатно се разидуваме. Мене ми е драго кога би можеле навистина да седнеме и врз основа на граѓански концепт да направиме договор кој што навистина ќе ја изведе Македонија од оваа криза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овие силни расправи и емоции, силни говори, реторики, сето тоа ни служи да се договориме за да почнеме овде да ги расчистуваме фактичките прашања. А тоа може само во Комисија, па потоа прва, втора фаза овде, па пак Комисија, па трета фаза овде, така што сите да можат се да осветлат. Немојте да создаваме атмосфера која може да ни наштети воопшто во односите кои ни се потребни, односи и меѓусебна соработка и кооперација за да можеме после да си ја обавиме задачата. Со тоа што ќе се изнавредиме, со тоа што ќе се понижиме, тоа никаде не води. Јас морам да ви кажам г. Попов е речит човек, може секого да го дисквалификува до крај, другиот не е помалку речит, ако сака истото може да му го направи, ама не сака, мисли дека така не чини. И еве, јас нема да му одговорам.

Има збор г. Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сакам само да му обрнам внимание на г. Зибери за следново. Мислам постави прашање зошто ние се залагавме. Ако досега не разбрал дека се залагаме за чист граѓански концепт, тогаш мислам дека се лаже за партијата, за што се залагаме.

Второ, не е точно дека консензуална демократија и ние ја бараме. Да. За четири прашања. А овде погледнете го член 131 точка 4, петнаесет прашања се елементи на консензуална демократија, а ќе ги расправаме, се согласувам со вас г. претседателе во Уставната комисија и ќе видиме сега таму каде се се вградува на механизмот на државата. Така што мислам дека во суштина се разликуваме по овие прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидете уверени, само ако примениме вистинска постапка како што е предвидено во Уставот и Деловникот можеме да си ги приближиме гледиштата и можеме да најдеме вистински излез. Со викотници и меѓусебни навреди само ќе се оддалечиме од тоа.

Има збор г. Абдуладу Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Морам на почетокот да кажам дека ние воопто не придонесовме да се влоши атмосферата и на крајот да дојдеме до тоа. Затоа ќутевме од почетокот, но не обвинуваа од секоја страна. За да се направи политички маркетинг, да се соберат политички поени почнаа да не напаѓаат сите тие кои не се за мирна опција во Република Македонија.

Јас мислам дека ние сериозно треба да му пристапиме на ова прашање дека сите очи на граѓаните во Република Македонија, сите сега се пред телевизорите и гледаат како расправа овој законодавен дом за ова многу сериозно прашање. Меѓутоа и понатаму се оди овде да се собираат политички поени. Колеги пратеници сега не е времето за собирање на политички поени. Се напаѓаме од секоја страна. Затоа сакам да дадам неколку одговори на неколку поставени прашања, поготово за нас пратениците албанци.

Многу добро памтите сите вие овде во Собранието и целокупната македонска јавност кога го викавте господинот Бадентер овде во Македонија да ја согледа и да прави една ревизија на актуелниот Устав на Република Македонија. Ние тогаш рековме дека господинот Бадентер го нема тоа право, Дека еднаш даде виза за овој актуелен Устав и тој го нема веќе тоа право да прави ревизија на актуелниот Устав. Меѓутоа, сите ние албанци тога бевме нападнати од сите македонски политички партии. И денес кога господинот Бадентер вика дека овој Рамковен договор е

граѓански и амандманите што се предлагаат за измена и дополнување на постоечкиот Устав, се прави еден граѓански Устав, вие сега го напаѓате господинот Бадентер. Значи не сте принципиелни во тој правец. Кога ви одговара тогаш е добар. Кога е ви одговара не е добар.

Понатаму, јас незнам што подразбирате под тоа граѓански концепт. Дали со тоа подразбирате едните да доминираат врз другите. Ако така го подразбирате тоа, тогаш веќе сосема сте во право. Господинот Столе Попов и сите други што не обвинуваат за сите овие поминати 10 години, да прашам, каде бевме ние албанците рамноправни во сите сфери на животот. Еве јас ќе земам само еден сегмент. Тоа е образованието, почнувајќи од основното образование кое е задолжително образование, каде сите се запишуваат задолжително. Понатаму, средно образование. Од 100% бројот паѓа на 50% запишани во средното образование. Понатаму високото образование. Во високото образование се запишуваат само 10% од албанците. Тоа е само еден сегмент, а да не зборуваме за другите сегменти како што е полицијата, 2 до 3%, армијата и тн. Зошто вие не се залагавте за овие две години, откако бевте на власт од 1998 година со вашето присуство во коалицијата, да се залагате во овој правец да помогнете и да ги решиме сите отворени прашања. Знаете дека нашиот став беше од поодамна кога се велеше да не се заокружи високто образование, за тетовскиот универзитет. Но истите ние бевме глупи што го остававме отворено од 1994 година. Знаевте дека ќе создадете незадоволство меѓу народот, а да не ги набројуваме сега и другите сегменти. Затоа тука кривицата немојте да ја префрлате врз другите. Кривицата е кај сите македонски политички партии. Се залагавме 10 години по ред, мблејќи, од една до друга врата да ги решиме отворените проблеми и да немаме понатаму проблеми. Меѓутоа сега Македонија падна во воена криза и сите ние се залагавме, без разлика од која политичка партија и од која провинијенција, да ја надминеме кризата, да ги најдеме причините кои не доведоа до кризата. Со овој Рамковен договор се најдени веќе причините. Се елиминираат причините кои не доведоа до криза. Затоа сакавме да го вратиме мирот и стабилноста во Македонија. Меѓутоа тука од поединци или од групи гледам дека не го сакаат мирот, сакаат војна. Дали сите ние тука сме единствени и дали сфаќаме дека преку насилство, преку војна нема победници. Мислите дека македонските безбедносни сили ќе бидат победници ако продолжи војната? Јас воопшто не размислувам така, јас мислам дека алтернативата на војната е дијалогот, преговорите, договорите што ги направивме во Охрид. Секој друг што мисли поинаку тој не е во право. Тоа гокажувам пред целокупната јавност дека алтернативата на ова, ако не се гласа ова вечерва, знаете дека е војната. Ако мисли некој дека ќе може да победи преку војна тој се лаже. Затоа мислам дека сите ние тука треба да смогнеме максимални сили да го дадеме целиот наш придонес за да дојде до гласање на ова и да се врати мирот и стабилноста, да ја градиме заеднички оваа држава и да продолжиме со животот.

**СТОЈАН АНДОВ.**

За реплика се јави господинот Столе Попов.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Врз основа на ова што господинот Вејсели го кажа не гледам некое големо разидување, освен она што го рековте за Бадинтер. Бадинтер самиот себе се негираше и тука веќе немам никаков коментар, нека му служи на чест. Јас реков најдобро од него е беше да не се нафати воопшто на таа работа, затоа што еднаш веќе дал оценка за Уставот. Значи тука веќе нема ништо дискутабилно.

За второво, се што наведовте, потполно се согласувам со тоа. Потполно се согласувам и тука е проблемот. Јас кажав само околу кои прашања не се согласувам. Јас не спомнав дека не се согласувам околу проширување на правата во сферата на образованието, културата, јазикот, дека мора да се воведат и некои уставни гаранции и механизми за заштита на човечките права. Не гледам голема разлика и апсолутно се залагам навистина да го најдеме правиот пат кој ќе елиминира било каква можност од воена разврска. Навистина нема основа во Македонија за воена разврска. Нема воено решение. Не гледам голема разлика во ставовите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас кажав уште колку дискутанти имаме јавено. Мојата молба е, иако го ценам многу господинот Столе Попов, и како интелектуалец и како културен деец и автор и како пратеник, јас ви препорачувам да ги искажувате вашите политички ставови, но да не се користи овој стил на обезвреднување на луѓе. Нама смисла претсадателот на државата на потсмев да го излагаме овде, немаме право, тоа е институција. Тој сепак е избран по Устав и закон и е претседател на Македонија. Исто така мислам и на другите, меѓу себе со почитување да се обраќама, во

понатамошниот тек да се држиме навистина до парламентарните обичаи, еден кон друг да си имаме ифтибар, што викаат луѓето. А морам да ви кажам, аргументот што ќе го кажеме, или носи или не носи, по тоа колку ќе викнеме и колку тежок збор ќе употребиме, нема да го појачаме. Исто мислам и за господин Бадентер. Тој е наш пријател и угледен човек. Човекот некогаш можеби нешто рекол и што *не* ни се допаѓа но пак ќа ни затреба, верувајт. Ние нема да завршиме и од кризата да излеземе сега веднаш. На нас ни требаат и од надвор пријатели. Многу е подобро пријатели да имаме, ако имаме забелешки да им ги кажеме кога ќе ги видиме, а верувајте, го правиме Тоа. Но никако не е добро на овој начин да се реагира.

За збор се јавува господинот Оломан Сулејмани, иако му советував да се откаже бидејќи партијата рече дека се повлекува, т.е. пратеничката група, господинот Сулејмани еве нема срце јуначко да се откаже, сака и тој да каже нешто.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Точно е ова дека претседателот ме замоли да си ја повлечам мојата дискусија, меѓутоа не важеше истиот аршин како и за другите пратеници. Фактички, иако бев два пати пријавен, завчера се откажав, истото и денес тоа ќе го сторев, меѓутоа шанса добиваат пратениците колеги македонци. Така да не успеавме да се договориме. Меѓутоа ќе бидам краток заради тоа што имавме големи реплики меѓу себе и дали ќе успеам вашата концентрација да ја добијам за да бидам послушан и да видиме што ќе нудиме и какви решенија, во врска со денешната расправа.

Впрочем, овие денови сите ние расправаме за предлогот на претседателот на Републиката господинот Борис Трајковски за измени на Уставот на Република Македонија. За жал тој предлог не наиде на разбирање, пред се кај пратениците од неговата партија, бидејќи ВМРО-ДПМНЕ него го предложи за кандидат за претседател на државата. Меутоа, сепак, јас можам да ги сфатам тие колеги, ова се моменти кога пратеникот треба да има своја автономија и во гласањето, а и во дискусиите.

Јас морам малку да ве потсетам, бидејќи политичкиот субјект, ПДП со тогашната НДП во 1991 година не го дадовме гласот за таквиот, односно за денешниот Устав. Тогашните колеги македонци беа толку расположени и воопшто не обрнуваа внимание на нивните колеги, 23 колку бевме на број дека не ни се прифатија идеите за да се надминеме уште 1991 година, а денес веројатно немаше да дојде ни до оваа воена разврска и политичка разврска меѓу два блока, што најмалку и одговара а Република Македонија.

Зад мене стои претседателот на тогашното Собрание, а пред мене гледам искусни политичари кои тогаш не смогнаа сили да донесеме Устав кој навистина и одговараше на реалноста во Република Македонија. Затоа јас ги повикувам сите оние колеги од 1991 година, од првиот состав, сега да смогнат сили и фактички да не плукаат по ценетиот Бадентер, бидејќи тој беше пријател на Република Македонија, а во тоа време беше непријател, би рекол за албанците, бидејќи не се најдовме во тој Устав што на тогашниот текст господинот Бадентер му даде зелено светло. За жал, времињата се менуваат па со времињата се менуваат и луѓето. Господинот Бадентер беше во Македонија и тој Охридскиот договор го поздрави. Така да, ако не се лажам, рече, кога двете страни се незадоволни тоа е правиот компромис. Значи решението е тука. Што сакам да кажам со ова?

Нека ми извинат пратениците, меѓутоа нека бидат реални и да признаат дека само три модели на устави има во светот, а уставите само ги разликува преамбулата.

Првиот модел е каде суверенитетот им припаѓа на народите кои живеат на една територија, односно една држава. Таков модел СРМ имаше и со тогашниот Устав Република Македонија бее држава на македонците, албанците и да не ги набројувам другите националности.

Вториот модел е кога во преамбулата се пишува народот, во смисла на грчкиот збор демос или латинскиот збор популис. И тој модел мислам не се практикува кај нас.

И оној модел кој е најмодерниот, а во сегашно време, тоа е моделот граѓански концепт. Тука може да Се рече дека суверенитетот на една држава произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните.

Господа пратеници мислам дека сега имаме право решение со Договорот потпишан во Охрид и да се надеваме, ако смогнеме сили, овој проблем да се надмине.

Јас не би ја одолговлекувал дискусијата по однос на ова. Имаме факт и аргумент. Меѓутоа неколкиу реченици и напред кјажав за Рамковниот договор кој се потпиша во Охрид.

Мораме да кажеме дека во едни такви договори, меѓу две спротивставени страни мора да се најде компромис, бидејќи потписници на овој договор се лидерите на нашите политички субјекти, господинот Љубчо Георгиевски, господинот Бранко Црвенковски, господинот Имер Имери и господинот Арбен

Џафери. Што тоа значи? Значи дека тие како наши лидери имаат свои претставници токму во овој законодавен дом и за жал некои пратеници досега, барем според нивното искажување како да не ги признаваат нивнитге лидери. Тоа би било голема грешка, не само за тие субјекти. Меѓутоа се понижува самиот авторитет на лидерот на една политичка партија. Мислам дека тие колеги ќе си се надминат себеси и ќе дадат придонес кон решавање на проблемите кои, за жал продолжија со војна, но се надевам дека и таа војна ќе се надмине. Се потценуваат давјца релевантни луѓе, а тоа е господинот Леотар, кој ја претставува Европската унија, односно господинот Пердју кој ја претставува Америка.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:** (Продолжение)

Се потценуваат двајца релевантни луѓе, а тоа е господинот Леотар, кој ја претставува Европската унија, односно господинот Пердју кој ја претставува Америка.

Ве молам, не смееме да се однесуваме како во Македонија ништо да не се случува, меѓутоа треба да зборуваме со голема одговорност, затоа што овој договор потпишат во Охрид со поддршка на Европската унија и сите релевантни светски фактори кои веќе се присутни во нашата држава, мислам дека ќе правиме голема грешка, а таа грешка е многу опасна бидејќи и така имаме голем број на жртви досега, а Македонија треба да се штити, затоа што на терен ни загинуваат наши државјани, наши граѓани.

Јас да не провоцирам некого, меѓутоа го делам мислењето со сите оние пратеници кои без емоции сакаат да дадат свој придонес за да излеземе од оваа криза. Меѓутоа, ги повикувам сите оние колеги пратеници кои зборуваат со емоции, или држат предавања дека Македонија нема да постои дека Македонскиот народ го губи својот интегритет и индивидуалитет. Јас не го делам тоа мислење, бидејќи ние и понатаму ќе постоиме во овие простори и понатаму треба да живееме заедно. Меѓутоа, за да се надминеме треба да смогнеме сили и овој Рамковен договор да помине од наша страна, а вечрв ако успееме иницијативата односно предлогот на претседателот на државата да му го дадеме нашиот глас, а тој глас е на нашите избирачи. Тој глас е за Република Македонија. Сите тие кои се предомислуваат јас ги повикувам размислете, посвесно, поразумно, дајте го разумот за мирот, бидејќи овие 6 месеци ние во западниот дел на Македонија ги видовме какви беа, а колегите од источниот дел можеби тоа не го почувствувале.

Затоа ќе скратам во дискусијата иако имам многу нешто да кажам, но една реченица морам да кажам. Ние донесовме заклучоци овде. Самиот претседател овде и самите ние пратеници едниот заклучок кој гласеше и ги нарековме вооружени екстремни групи, ние со сите медиуми во Република Македонија и од наши усти се слуша овде дека се тие терористи.

Колеги пратеници се убедивме во тоа дека тие се вооружени екстремни групи кои имаат свое политичко крило, така да седнаа и НАТО и Европаската унија да преговараат и сите ние преговараме со тие луѓе.

Меѓутоа, имавме и од медиумите разни шпекулации. Една од нив ќе кажам. Во Арачиново кога се војуваше ни се пласираше вест дека има 260 повредени двојно толку убиени. Јас ги прашувам и тие новинари и тие луѓе каде се погребени тие луѓе. Значи, се водеше и се води уште психолошка војна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој не сака да се откаже од дискусија, пријавени се осЕвн еден сите од Партии чии лидери го потпишале овој документ, сакаат уште да докажуваат, имаме уште девет дискутанти и затоа јас сега ќе ја прекинам седницата, Координаторите нека си седнат со луѓето и да ги убедат да се повлечат, а утре во 11 ,оо часот да продолжиме, но во 11,30 часот да гласаме. Инаку нема смисла вака, ако вие мислите еден друг да го убедите не е можно. Тоа ќе биде дури кога ќе гласаме за поединечните амандмани, а сега не може тоа. Еве зошто? Кумановци си отидоа, Тетовчани си отидоа, Гостиварчани се отидоа заради полициски час не можат да останат луѓето. Ние немаме луѓе овде за гласање сега. Значи продолжуваме утре во 11 ,оо часот.

Седницата што беше закажана за утре ќе почне откако оваа ќе заврши.

(Седницата прекина со работа во 23,00 часот).